# ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Скопје, 2024

Оваа публикација е подготвена со експертска и финансиска поддршка од проектот на ЕУ „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа“
EuropeAid/139823/IH/SER/MK

Наслов:
ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА СО РОДИТЕЛИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Издавач:
Министерство за социјална политика, демографија и млади
на Република Северна Македонија

За издавач: Министер Фатмир Лимани

Автори:
Олгица Стојиќ
Рената Дедова

Уредник:
Проф д-р Алма Тасевска

Компјутерска обработка:
ТЕДИ ТРЕЈД КОМ ДОО Скопје

Превод и лектура:
КОНТИНЕО ДОО Скопје

Печатница:
ТЕДИ ТРЕЈД КОМ ДОО Скопје

Тираж:
400 примероци

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN: 978-608-249-614-6
COBISS.MK-ID 64659461
Година и место на издавање: 2024, Скопје

Забелешка
Содржината на оваа програма е единствено одговорност на Архидата с.р.л. и на нејзините партнери во конзорциумот и на никој начин не може да се смета дека ги отсликува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина


ПРОГРАМА ЗА ПОЗИТИВНО РОДИТЕЛСТВО ..... 5
1. Вовед ..... 6
2. Теоретски основи на програмата за позитивно родителство ..... 8
2.1. Што е позитивно родителство? ..... 9
2.2. Темелни вредности на програмата – прифаќање на детето и учество ..... 11
2.3. Право на детето и на родителите на поддршка ..... 13
3. Клучни столбови на програмата ..... 15
3.1. За кого е наменета оваа програма? ..... 16
3.2. Грижа за менталното здравје на родителите ..... 17
3.3. Градење мрежа за меѓусекторска поддршка ..... 18
4. Програма на работилницата за родители ..... 20
4.1. Цел на програмата ..... 20
4.2. Целна група ..... 20
4.3. Повикување на родителите на обука ..... 20
4.4. Структура на обуката ..... 20
4.5. Евалуација ..... 20
4.6. Дисеминација ..... 21
5. Работни листови ..... 32
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВОТО ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ДОМА ..... 47
1. Вовед ..... 48
2. Теориски основи на програмата ..... 50
2.1. Темелни вредности на програмата – прифаќање и учество ..... 51
2.2. Што е учење преку учество во рутини? ..... 52
2.3. Што е учење низ игра? ..... 55
2.3.1. Читање со детето ..... 57
2.4. Право на детето и на родителите на поддршка ..... 58
3. Клучни столбови на програмата ..... 60
3.1. За кого е наменета оваа програма? ..... 60
4. Програма на работилниците за родители ..... 62
4.1. Цел на програмата ..... 62
4.2. Целна група ..... 63
4.3. Повикување на родителите на обука ..... 63
4.4. Структура на обуката ..... 63
4.5. Евалуација ..... 63
4.6. Дисеминација ..... 63
4.7. Препорака ..... 63
5. Работни листови ..... 72
СПЕЦИФИЧНА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА
СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ ..... 89
1. Вовед ..... 90
2. Теориски основи на програмата ..... 92

2.1. Односите и квалитетната грижа се темел на развојот на детето .......... 92
2.2. Темелни вредности на програмата .......... 93
2.3. Семејните рутини и игри како можности за развој .......... 97
2.4. Право на детето и на родителите на поддршка .......... 100
3. Клучни столбови на програмата .......... 101
3.1. За кого е наменета оваа програма? .......... 102
4. Програма на работилниците за родители .......... 103
4.1. Цел на програмата и исходи за родителите .......... 103
4.2. Целна група .......... 103
4.3. Повикување на родителите на обука .......... 103
4.4. Структура на обуката .......... 103
4.5. Евалуација .......... 103
4.6. Дисеминација .......... 103
4.7. Препорака .......... 103
5. Работни листови .......... 110
СПЕЦИФИЧНА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА ОД РАЗЛИЧНИ МУЛТКУЛТУРНИ СРЕДИНИ .......... 119
1. Вовед .......... 120
2. Теориски основи на програмата .......... 121
2.1. Односите и квалитетната грижа се темел на развојот на детето .......... 121
2.2. Темелни вредности на програмата .......... 122
2.3. Семејните рутини и игра како можности за развој .......... 124
2.4. Право на детето и на родителите на поддршка .......... 126
3. Клучни столбови на програмата .......... 127
3.1. За кого е наменета оваа програма? .......... 127
4. Програма на работилниците за родители .......... 128
4.1. Цел на програмата и исходи за родителите .......... 128
4.2. Целна група .......... 128
4.3. Повикување на родителите на обука .......... 128
4.4. Структура на обуката .......... 128
4.5. Евалуација .......... 128
4.6. Дисеминација .......... 128
4.7. Препорака .......... 128
5. Работни листови .......... 137
Литература .......... 157



# ПРОГРАМА ЗА ПОЗИТИВНО РОДИТЕЛСТВО



# 1. Вовед

Родителската поддршка се темели на еднаквото достоинство на родителите и децата, како и на квалитетната интеракција помеѓу детето и родителите од една страна, и помеѓу практичарите и родителите од друга страна. Програмата за позитивно родителство, како составен дел на овој концепт, содржи теоретски појдовни точки и конкретни стратегии кои ќе им помогнат на родителите да развијат родителски вештини и способности за позитивна интеракција со децата. Постои силен консензус за тоа дека родителите се примарни и најважни учители на децата. Од раѓањето на детето, семејството е вклучено во развојот и учењето на детето, а денес, кога родителите се соочуваат со бројни предизвици во современиот живот, родителството заслужува поголема поддршка. Програмите за поддршка на родителството во градинките, меѓу другото, имаат своја појдовна основа во разбирањето на фактот дека најраното учење и развој на детето се одвиваат во семејството и дека преку семејниот контекст се гради основата на учењето и развојот на детето во сите други контексти, меѓу кои градинката е еден од првите. Со оглед на тоа што раниот развој е период на најголеми можности и најголема чувствителност, колку побрзо се обезбеди поддршка за квалитетно учество на родителите во поттикнувањето на развојот и учењето на детето, позитивните ефекти врз детето остануваат потрајни. За да се обезбеди еднаквост и синергија на воспитните практики на родителите и на воспитувачите, неопходно е програмите за поддршка на родителството да бидат интегрирани во постојната програма на предучилишните установи, како специфични и разновидни (СОВЕТОДАВЕН ЦЕНТАР ЗА РОДИТЕЛИ). Таквата поддршка на родителството го поттикнува раниот развој на секое дете, придонесува за успешна реализација на целите на програмата на предучилишните установи, за подобрување и унапредување на услугите и претставува основа за квалитетна соработка и партнерство со семејството, бидејќи ја реафирмира улогата на родителите, вложувајќи напори за родителите да ги градат и да ги унапредуваат вештините за поттикнувачка поддршка и грижа. Така, програмите за поддршка стануваат достапни за сите родители, почитувајќи ги спецификите на семејниот контекст, и тоа преку зајакнување на капацитетот и чувствителноста на стручните работници/практичарите во градинката за работа со родителите. Со тоа се потврдува важноста на улогата на родителите и старателите во создавањето поттикнувачко опкружување во градинката и во домот, како и во збогатувањето на искуствата на децата од најрана возраст.

Програмата за позитивно родителство промовира универзалност, ориентираност кон односите, прилагодување на интензитетот на поддршката, со фокус на потребите на семејството и поддршка на вклученоста на двајцата родители во грижата. Како концепт содржи збир на мерки кои се преземаат со една цел – промовирање на позитивното родителство, односно градење квалитетни односи на релацијата родител и дете, бидејќи односите се темел на развојот. Програмата е дизајнирана преку универзален пристап кој има за цел да ги поддржи родителите и старателите во создавањето поттикнувачко опкружување за развој на детето во сите области (когнитивни, емоционални, социјални, моторички и говорни), како еднократна поддршка за унапредување на благосостојбата на семејството и за надминување на предизвиците со кои се соочуваат повеќето семејства во Северна Македонија. Во исто време, програмата им овозможува родителите кои имаат нарушени вештини во обезбедувањето учество на детето во рутините и учењето преку игра (родителски стрес, помала чувствителност, ментално здравје на родителите, стил на родителство итн.), тимски да се планира поинтензивна семејна поддршка. Со оглед на можноста за примена на диференциран пристап за поддршка на семејството, програмата ги почитува семејниот контекст и културната разновидност на семејствата. Прифаќањето на детето е негативно поврзано со стресот – и развојниот (родителски) и неразвојниот. Во ризик за

неприфаќање се сите семејства кои се соочуваат со поинтензивен стрес генерално, а особено оној што е поврзан со грижата за децата (развојна попреченост на детето, насилство во ко-родителскиот однос, исклучување од ко-родителскиот однос, контекст на зачнување – несакана бременост...). Во овие семејства потребно е поинтензивно да се работи на прифаќање на детето, но и прифаќање себеси како родител. Програмата особено ги нагласува штетните последици од физичкото казнување и овозможува развој на специфични програми за давање поддршка на родителите на деца со пречки во развојот, како и на родителите од различни мултикултурни средини. Исто така, дизајнирана е да биде флексибилна, така што различни институции и организации (НВО, здруженија) во заедницата да можат да ја имплементираат програмата и да ја интегрираат во постојните интервенции и услуги за родителите, градејќи Мрежа за поддршка за воспоставување партнерства во локалната заедница. Затоа, програмата е проактивна, како нов простор за работа со семејствата, што не подразбира „да се чека" семејствата да ги изразат проблемите, туку има за цел превенција и подобрување, како и видливост и достапност на услугите за поддршка на семејството, така што целата јавност е запознаена со нив и обезбедува координација на услугите и ресурсите. Програмата ја менува перспективата на стручните работници во градинката, бидејќи бара преиспитување на сопствената практика и промена на фокусот кон силните страни на семејството, под претпоставка дека сите семејства, дури и најранливите, имаат капацитет да го поттикнуваат развојот на детето. Чувството на ефикасност и компетентност во улогата на родител е еден од исходите на програмата, што бара постојано размислување, следење и евалуација на програмата, со цел градење практични и рефлексивни компетенции и професионална одговорност на сите вработени во градинката.

**Добре дојдовте во Програмата за позитивно родителство!**

# 2. Теоретски основи на програмата за позитивно родителство

*Значењето на односот родител-дете во раното детство* – Истражувањата покажуваат дека развојот на мозокот е кумулативен и мошне чувствителен на влијанијата од околината, така што раните искуства, околината и односите ја поставуваат основата за подоцнежниот развој. Учењето и развојот не може да се гледаат изолирано од физичкото и психичкото опкружување, каде што **односите** играат клучна улога во учењето. Познато е дека секоја интеракција (позитивна, негативна или отсутна) придонесува за развојот на мозокот на детето и ги поставува основите за подоцнежно учење. Детето го доживува светот преку односите што ги воспоставува и развива, а тие односи го обликуваат и одредуваат неговиот развој и учење. Почнувајќи од приврзаноста со примарниот негувател во најраната возраст, преку односите што детето ги развива со другите возрасни и деца, односите се појдовна основа и потпора на кои почива целиот развој и учење.

*Како се гради однос?* Способноста за воспоставување и развивање односи е доживотен процес, но тој започнува уште пред раѓањето на детето и може да се види во првите денови и недели од животот на бебето. По раѓањето, детето е биолошки „програмирано“ за социјална поврзаност. Децата се раѓаат како општествени битија – тие се насочени кон другите и во однос на нив се подготвени да комуницираат и да учествуваат во интеракција со околината, но и да започнуваат, очекуваат и да бараат таква интеракција (Shonkoff, Phillips, 2000; Dalli, White, Rockel, Duhn, 2011; Center for developing child, 2004–2020). Според теоријата на афективната поврзаност, приврзаноста се развива помеѓу родителот и детето, а започнува како збир на вродени сигнали кои го повикуваат родителот во близина на детето (плачење, насмевка, визуелен контакт итн.). Преку постојаното повторување на интеракциите (сигнали и одговори на родителите на нив), со текот на времето се развива афективна поврзаност, за што придонесуваат когнитивните и емоционалните способности на детето и искуството на нежната грижа (Berk, 2008). Квалитетот на интеракциите е основа за формирање сигурна, афективна поврзаност, која се смета за основа на развојот на капацитетот за доверба, стабилни и квалитетни односи во текот на целиот живот, но и за здраво емоционално и социјално функционирање (de Wolf, van Ijzendoorn, 1997; Cummings, Cummings, 2002; Esposito et al, 2017.). Квалитетните односи кои ги поддржуваат добросостојбата и компетенциите на детето подразбираат афективна врска со друго човечко суштество, било да е тоа родител, друго дете, роднина, сосед, воспитувач или која било друга личност која има важна улога во животот на детето. Отсуството на таков однос со барем една личност го забавува развојот и може да има голем број негативни последици. Воспоставувањето силни афективни односи, исто така, ја поддржува и зајакнува подготвеноста на детето да ги открива, запознава и преиспитува различните карактеристики на непосредното физичко, општествено и симболичко опкружување и да се развива и да учи низ овој процес. Доказите од истражувањата покажуваат дека најпозитивни ефекти врз развојот на детето се добиваат ако односите со детето се *топли, грижливи, респонзивни и водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето* (Shonkoff, Phillips, 2000).

*Што е квалитетна грижа?* – Современото гледање на родителството во областа на раниот развој преку концептот на ***поттикнувачка нега*** ги дефинира најважните компоненти на квалитетната грижа за детето. Овој концепт нагласува дека за развој и благосостојба на децата од најраното детство е важна средината во која се соединуваат ***негувачката грижа***, која е насочена кон физиолошките, емоционалните и социјалните потреби на детето, како и на неговата потреба за самостојност, и ***поттикнувачката грижа***, која обезбедува можности за учење засновани на истражување, игра и учество.

Концептот на поттикнувачка нега (Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al., 2017) разликува пет домени на поттикнувачко опкружување, кои меѓусебно се испреплетени: грижа за здравјето, грижа за исхраната, респонзивна грижа, сигурност и безбедност, можности за учење во раното детство. Притоа, како клуч на концептот се препознава насоченоста на родителот кон потребите на детето, неговата вештина да ги забележува, препознава, разбира и да одговори на нив, односно ***респонзивност.*** Респонзивноста не се однесува само на насоченоста кон физиолошките потреби на детето туку и на начинот на кој родителот ги задоволува потребите на детето – начинот на кој го храни детето, начинот на кој разговара со него, начинот на кој го вклучува и ги поддржува неговите социјални контакти, што претставува еден од темелите за развој на емоционална сигурност во односот на родителот и детето. Освен во игрите, респонзивноста е видлива и во говорот упатен до детето, пристапот на родителот во хранењето на детето (Black, Aboud, 2011) и во низа други интеракции кои придонесуваат за поттикнувачко опкружување (Richter, 2004; Eshel, Daelmans, Cabral deMello, Martines, 2006).

## 2.1. Што е позитивно родителство?

Кога зборуваме за позитивно родителство, всушност, зборуваме за разбирање или визија за родителството врз основа на Конвенцијата на ОН за правата на детето, но и на научните сознанија за квалитетна грижа за детето, што претпоставува задоволување на основните психолошки потреби на детето за приврзаност, компетенции и автономија, а подразбира вклученост, создавање структури, како и поддршка за учење и развој на децата. Позитивното родителство се однесува на тип на родителство во кое родителското однесување е насочено кон најдобриот интерес на детето и кое е чувствително, исполнувачко и неагресивно и става акцент на препознавање на грешките и насочување кон тоа како да се поправат тие грешки, бидејќи тие се важни за понатамошниот развој на детето (Rodrigo, 2010). Една од дефинициите за позитивно родителство вели дека тоа е континуиран однос на родителот и детето или децата, кој вклучува грижа, подучување, водење, комуницирање и доследно задоволување на потребите на детето. Во седумгодишна лонгитудинална студија (повторено истражување), Pettit, Bates и Dodge (1997) го испитуваа влијанието на позитивниот родителски стил кај деца од предучилишна возраст. Поддржувачкото родителство беше поврзано со подобро приспособување подоцна во училиште и со помалку проблеми во однесувањето. Понатаму, овој тип родителство, всушност, го ублажи негативното влијание на факторите на ризик како што се сиромаштијата, семејниот стрес и самохраното родителство врз дополнителните проблеми со однесувањето на децата. Овие и бројни други истражувања покажуваат дека односот помеѓу детето и родителот е од клучно значење за развојот на личноста на детето и неговата успешна социјализација. Позитивното родителство се заснова на учењата на развојната психологија и теоријата на социјално учење и се потпира на ставот дека децата доаѓаат во светот со основните алатки и капацитети да го постигнат својот пат на оптимален раст и развој. Кога родителите имаат одредено знаење за развојот на детето, особено кога се свесни за развојните пресвртници и разбираат што се крие зад одредени однесувања, тие се поспособни да одговорат на предизвиците на родителството. Таквите родители попрецизно ги одредуваат способностите на своето дете, потолерантни се и ги поддржуваат вештините на нивните деца. Тие реагираат на своето дете и комуницираат со него со поголема емотивна чувствителност, а атмосферата се карактеризира со топлина. Тие се поврзуваат со своите деца и ги зајакнуваат односите преку разговор, читање или раскажување приказни. Тие, исто така, создаваат оптимална и (по)поволна средина за учење, така што на децата им ставаат на располагање материјали кои се прилагодени на нивната возраст и на моменталното ниво на развој. Резултатот е дека таквите деца имаат подобри достигнувања – како што се подобри оценки во училиште, повисока самодоверба,

подобро социјално функционирање и помалку проблеми во однесувањето – затоа што имаат подобра емоционална контрола и контрола на однесувањето.

Позитивното родителство подразбира детето да биде безбедно, здраво, да се задоволени неговите потреби за адекватна и разновидна исхрана, родителот да го следи детето и да одговара на неговите потреби и интереси, да го поддржува да истражува и да комуницира со својата околина.

Една од петте компоненти на поттикнувачката нега (Black, et al., 2017) на која се потпира програмата е компонентата за ***можности за рано учење*** и се однесува на сите достапни можности за вклученост на децата во интеракција со луѓе и објекти во опкружувањето. Во оваа компонента акцентот е ставен на важноста на обезбедувањето можности за игра, разговор и читање со детето, учество во семејните рутини, во активностите во домаќинството и семејството, како и обезбедување пристапност и вклучување во програмите за рано учење (предучилишно образование и образование).

Важна компонента на поттикнувачката нега во Програмата е и ***респонзивната грижа***, со која се обезбедува емоционална сигурност на децата, ментална благосостојба и општо здравје. Невролошките науки укажуваат дека оваа компонента, како еден од аспектите на поттикнувачката нега, е фундаментална за здрав развој на мозокот, додека несоодветната родителска грижа може да предизвика емоционален стрес и анксиозност кај новороденчињата, доенчињата и малите деца, што подоцна влијае на структурата и функцијата на мозокот, а со самото тоа и на понатамошниот развој во текот на животот. Во раното детство, децата се потпираат на вештините на нивните родители за соодветно и навремено да ги препознаат и задоволат нивните потреби. Овие потреби се однесуваат на исхраната и безбедноста, како и социјалното вклучување, когнитивната стимулација, регулирањето и канализирањето на емоциите. Кога родителот ги набљудува, следи и ги разбира сигналите на детето, тогаш може да одговори на нив доследно и соодветно, давајќи му можност на детето да истражува и да учи за себе и за светот. Поради оваа причина, оваа компонента на поттикнувачката нега, всушност, го дефинира квалитетот на интеракцијата со родителот/старателот. Одговорот на родителот подразбира да ги забележи и да одговори на сигналите на детето, како што се: насмевка, движење, глас, гестови и вербални барања. Горенаведеното често се гледа како процес во три чекори: набљудување (родителот ги забележува знаците на детето), толкување (родителот правилно ги толкува знаците) и акција (однесувањето на родителот со кое соодветно одговара на потребите и сигналите на детето). На овој начин се поттикнува раниот развој на детето, за што родителот дава поддршка. Соодветното родителство придонесува за емоционална сигурност, стимулира доверба и чувство на припадност, ја гради основата за социо-емоционални компетенции (на пр. самоконтрола, мотивација за дејствување, способност за намерно дејствување). Кога родителите се чувствителни и одговорни во односот со детето, децата препознаваат сигурност, предвидливост и топлина во однесувањето и се гради сигурна афективна врска која му овозможува на детето да истражува и да учи. Заедно со својата околина, пред сѐ семејството и преку односите со него, детето конструира знаење за себе и за светот околу себе – за предметите што го опкружуваат, просторот, возрасните околу него и односот со нив. Децата учат преку ситуации кои се значајни за нив и кои имаат лично значење и затоа е важно детето да има врски во кои тоа доживува безбедност и благосостојба – како и слобода да истражува и да учествува во семејниот живот. На рана возраст, секоја ситуација се гледа како можност за учење. Детето, значи, учи низ разни ситуации – игра (која му овозможува да истражува, да биде креативно, да ракува со предметите околу себе), потоа учи преку разни ритуали и рутини во семејството, како и во животни ситуации во кои учествува целото семејство.

Учеството на децата во сите ситуации со кои се среќаваат им овозможува да споделуваат искуства и чувства, што исто така помага да се изградат односи со другите. Децата

се подготвени да учат уште од раѓање и имаат важна улога во обликувањето на сопственото учење, а таква улога имаат и во интеракциите со родителите во кои се одвива учењето. Во најраната возраст, вештините и капацитетите се стекнуваат преку такви интеракции – преку смеа, контакт со очи, зборување и пеење, физичка блискост, моделирање и имитација, како и преку едноставни игри. Овие интеракции им помагаат на децата да научат за другите, затоа на децата им е потребна соодветна грижа во семејна средина, со вклучување во секојдневните активности и односите со другите – што им дава на децата важни искуства од раното детство. Квалитетните интеракции со возрасните, како и со просторот и материјалите околу нив, го поддржуваат развојот на децата во здрави и среќни личности – и сега и во иднина. Овозможувањето на таквото рано учење придонесува за целокупната благосостојба, физичкото и менталното здравје, академските достигнувања подоцна во животот.

## 2.2. Темелни вредности на програмата – прифаќање на детето и учество

Основните вредности на програмата се *прифаќање на детето и создавање можности за учество на детето*. На прифаќањето на детето, неговите вештини, интереси, реакции, му претходи поврзувањето со детето (подготвеноста на родителот емоционално да инвестира во детето), како и следењето на однесувањето на детето (сигнали), а со тоа и запознавањето со детето. Поврзаноста, следењето и прифаќањето на детето се основата врз која подоцна се гради умешноста на родителот да создава можности за учење и развој. Родителството бара и чекор понатаму во разбирањето на детето како компетентно и вредно само по себе. Сликата на детето како компетентно битие, богато со потенцијал, активен учесник во заедницата, битие за игра и битие посветено на учење, се вредности кои треба да ги споделуваат и родителите и стручните работници. Компетентноста на детето не е нешто што детето го поседува само по себе туку таа се гради преку односите со возрасните и зависи од квалитетот на тие односи, односно од тоа колку односите се охрабрувачки и поддржувачки. За да може детето да го манифестира својот потенцијал, мора да има поттикнувачка и поддржувачка средина и мора да биде заштитено од физичко казнување. Детето се раѓа љубопитно и има вродена мотивација да учи и да дознава, но детето учи во оние ситуации што се разиграни и засновани на доброволност, иницијатива, динамичност, преговарање, посветеност, отвореност и преиспитување. Детето е социјално битие, фокусирано на односите со возрасните и активен учесник во процесите во семејството и во градинката, како заедници на кои им припаѓа. На детето треба да се гледа како на вешто и компетентно да одговори на поттикот од околината или на реакцијата на родителот, но бидејќи детето не комуницира само со зборови, туку и невербално, основата на размената е поврзаноста помеѓу детето и родителот, што ги прави координирани во иницирањето, разбирањето и возвраќањето на одговорот. Кога детето се гледа како компетентно и се прифаќа како такво, со фокус на неговите сили, способности, вештини и потенцијал, ВОСПИТНИТЕ ПРАКТИКИ на возрасните можат да понудат многу можности за УЧЕСТВО на детето во животот на семејството и во градинка.

Децата развиваат и градат разбирање и знаење, очекувања и вештини на интегриран начин, преку врски и контекстуално искуство. Без разлика на тоа дали се работи за семејна средина, градинка, социјална средина или поширока заедница, природата и квалитетот на односите што се воспоставуваат со детето и оние што ги воспоставува детето се основа за успешно учење и развој. Одговорот на возрасните и нивните постапки влијаат на чувството на самодоверба кај детето, способноста за учење и растечкото чувство на припадност кон одредена заедница. Овие интеракции, исто така, им даваат на возрасните можност да учат, да се развиваат и да се менуваат, запознавајќи го преку нив детето, себеси

и природата и значењето на човековото функционирање. Детето учи преку односи со луѓе, места и работи, го запознава и разбира светот преку сопствените активности во интеракција и комуникација со другите. Искуството од **учество** во заеднички активности, и со возрасни и со врсници, го поттикнува развојот на детето. Односите се основа и постојан контекст во кој детето учи како неговите постапки влијаат на реакциите на другите, како безбедно да ја истражува својата околина и како да толкува и конструктивно да се справи со широк спектар на чувства, мисли и искуства. Односите ја градат нивната доверба и самодоверба за да воспостават смислени врски со други деца и возрасни и со места, работи и луѓе во нивната заедница. Преку учество во семејството, со роднините, врсниците од непосредната околина, децата учат вредности, верувања и практики кои ја поврзуваат нивната социјална средина и им овозможуваат да придонесат за заедницата. Детето учи не само од она што го гледа и доживува околу него туку и од сопствените активности, но и од начинот на кој другите го третираат. Тоа што е член на семејството и заедницата му помага на детето да развие вредности, обликувајќи го детето како индивидуа. Поврзаноста со другите и чувството на самостојност се развиваат заедно. Преку сигурните афективни врски, чувството за лична и групна моќ на идентитет, децата развиваат самопочит, независност, упорност и издржливост (способност да се спротивстават, да ги намалат и да ги надминат штетните последици од тешкотиите и да градат конструктивен пристап кон проблемите). Отпорноста ја вклучува способноста на детето да се справи со притисоци, стресови и секојдневни предизвици, да поставува јасни и реални цели, да решава проблеми, да биде успешно со другите и да се почитува себеси и другите. Децата комуницираат со различни општествени групи и поединци, се соочуваат со различни искуства во различни средини, како и со премини во нови ситуации и средини. Способноста за прилагодување на промените се одредува од тоа колку добро се чувствува детето – задоволно со себе, прифатено и моќно – и обратно. Успехот во справувањето со промените ги зајакнува детската благосостојба, самодовербата и позитивниот идентитет. Компетенциите на детето се во процес на развој и како такви не се нешта што детето ги поседува сами по себе, туку се манифестираат преку односот помеѓу детето и контекстот во кој се поддржува компетентноста. Со други зборови, детските компетенции се дел од системот на детето – контекст, а кога и како ќе се манифестираат зависи од квалитетот на овој однос – колку е поттикнувачки и поддржувачки. Оттука произлегува дека односите на децата и возрасните се клучни како критични регулатори на развојот. Учеството на детето е определено од ставовите и верувањата на родителите за родителството и начинот на кој родителите ги разбираат нивните улоги, што го одредува нивниот родителски стил и стимулативноста на средината во која растат децата. Затоа во практиката наоѓаме разни варијации на родителските капацитети за создавање стимулирачки семеен контекст, а децата растат во средини кои може значително да се разликуваат во однос на нивниот квалитет и стимулација. Теоријата на Ронер за **прифаќање** и отфрлање од страна на родителите се заснова на теоријата за социјализација и животен развој (Rohner и Khaleque, 2010) и ги предвидува начините на кои родителското прифаќање и отфрлање влијаат на емоционалниот, когнитивниот и бихејвиоралниот развој на детето, во однос на една димензија, а тоа е родителската топлина – како родителско отфрлање и родителско прифаќање. Димензијата на прифаќање е поврзана со пофалби и блискост преку бакнување, гушкање и галење. Прифаќањето како вештина за квалитетно охрабрување што се заснова на прифаќање, разбирање, приврзаност и доверба, им овозможува на родителите да создадат поттикнувачко опкружување кое придонесува за оптимален развој на детето.

Учеството е процес на заедничко одлучување за работи кои нè засегаат и кои влијаат на нашите животи и заедницата во која живееме. Возрасните треба да ги гледаат децата како компетентни, за чии интереси, потреби и желби токму тие треба да водат сметка. Не постои долна граница на правото на учество – децата можат да учествуваат на

која било возраст. Начинот на кој децата учествуваат треба да биде одреден според нивните развојни капацитети, искуство и интереси. И бебињата и малите деца имаат свое мислење и способност да се изразуваат, а она што се менува со возраста се формите на изразување. Од раѓање, децата почнуваат да развиваат партиципативни вештини и компетенции. Почитувањето на детските компетенции и вештини од страна на блиски возрасни и во околината го зголемува и го поддржува нивниот развој. Капацитетите на децата често се потценуваат, затоа што возрасните ги гледаат од своја перспектива и затоа што возрасните не успеваат да создадат средина во која детето ќе може да ги артикулира своите очекувања, ставови и компетенции. Кога на децата им се даваат можности да учествуваат, тие развиваат повисоки нивоа на компетентност, што пак за возврат го зголемува квалитетот на учеството. Децата учат преку учество во заеднички активности (семејни рутини, ритуали, игра) со возрасни и други деца. Правото на учество за детето значи откривање на светот преку директно искуство со луѓе, други деца, предмети, настани и идеи и право на избор. Правото на учество значи вклучување во процесот на одлучување, од микроплан (што да се игра) до макроплан. На децата им се потребни можности за: активно да учествуваат; да бидат вклучени во одлучувањето и изборите; да споделуваат информации и да учествуваат во дијалог со други деца и возрасни; да чувствуваат меѓусебно почитување и размена; да бидат консултирани и да чувствуваат дека нивните чувства и мислења се важни; да увидат дека нивните идеи, очекувања и чувства водат кон промена; дека со своето учество придонесуваат за нешто што возрасните го прават и сметаат дека е важно и значајно. Преку партиципативни односи детето: го зајакнува чувството за благосостојба и самопочит; развива метакогнитивни способности за расудување, размислување, планирање и предвидување; учи како да ја репродуцира практиката низ игра и да ја трансформира со текот на времето; учи како да се изразува, да ги разбира другите; учи за меѓузависноста, споделувањето, изборот и своето место во светот; учи како да ги решава проблемите и да презема одговорност и да изгради смисла и цел.

Освен начинот на разбирање на детето, на учеството на детето влијае и знаењето на родителите и воспитувачите за тоа како детето учи и квалитетот на односот со детето и околу детето. Околината која обезбедува и промовира учество на децата, ги зајакнува вештините на децата и создава можности за децата да го практикуваат учеството, што го прави општествена норма. Учеството од рана возраст развива самоефикасност, самодоверба, стекнување вештини и знаења кои обезбедуваат учество во подоцнежниот живот, развој на лични вредности, искуство на оствареност и познавање на личните права (не законски, туку во меѓучовечките односи).

## 2.3. Право на детето и на родителите на поддршка

Правото на секое дете на поттикнувачко опкружување произлегува од фактот дека раниот развој е период на најголема чувствителност и најголеми можности за учење и развој. Поддршката за ран развој е препознаена како еден од приоритетите во следниве документи:

**Конвенцијата на ОН за правата на детето** наведува дека детето има право да се развива „до најголема можна мерка“ и дека земјите потписнички треба да обезбедат „соодветна помош на родителите и на законските старатели во вршењето на нивната должност за воспитување на децата и да обезбедат развој на институции, објекти и служби за грижа за децата“.

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост** потсетува дека „доколку се откријат рано малите деца со попреченост и добијат поддршка, поверојатно е дека без проблеми ќе преминат во опкружувањето на предучилишното и основното инклузивно образование“. Оваа конвенција ја нагласува и улогата на семејството во развојот на детето и улогата на државата во обезбедувањето поддршка на семејството.

**Целите за одржлив развој (ЦОР)** нагласуваат дека инвестирањето во раниот развој на децата стана не само цел сама по себе туку и услов за постигнување многу други цели за одржлив развој: искоренување на сиромаштијата и гладот и подобрување на исхраната на децата, обезбедување здрав живот, обезбедување доживотно учење, постигнување родова еднаквост и намалување на нееднаквоста. Целите за одржлив развој ја вклучуваат следната специфична цел за ран детски развој: „До 2030 година да се осигури дека сите девојчиња и момчиња имаат пристап до квалитетен ран детски развој, грижа и предучилишно образование, како подготовка за основно образование". Во таа смисла, Целите за одржлив развој претставуваат историска можност да се даде приоритет на вложувањата во раниот детски развој.

**Насоките на ОН за алтернативна нега за децата** нагласуваат дека „организациите и надлежните органи треба да ги вложат сите напори за да го спречат одвојувањето на децата од нивните родители и примарни старатели, освен ако тоа не е во најдобриот интерес на детето" (член 154.).

Во модерното време, кога родителите се соочуваат со бројни предизвици, поддршката на родителството е повеќе од неопходна. Поддршката на родителството е серија од различни и сложени активности кои можат да бидат насочени кон различни аспекти на родителството. Моран (2004) ја дефинира поддршката на родителството како секоја интервенција за родителите која има за цел намалување на ризикот, промовирање на заштитата и нивната социјална, физичка и емоционална благосостојба. Програмата за позитивно родителство нагласува дека процесот на учење за родителството е многу повеќе од образование, бидејќи им помага на родителите да се афирмираат во својата родителска улога и да го подобрат своето родителство. Најчест облик на давање поддршка на родителите се групните програми кои се дефинираат како процес кој вклучува проширување на увидот, разбирањето, стекнувањето знаења и вештини за развојот на родителите и нивните деца и односот помеѓу нив. Кога се зборува за ефективна програма за родителство, во литературата се претставени два модела, традиционален и современ. Најистакнатата цел на програмите за родителство во традиционалниот модел е подучувањето на родителите. Денес, родителите треба да се гледаат како луѓе кои имаат капацитет да учат од секојдневното искуство во нивната родителска улога. Затоа, крајната цел на програмата за родители во современиот модел е „јакнење на капацитетите", со цел зајакнување на капацитетите на родителите насочени кон активирање на родителските сили, можности и компетенции за промени. Под влијание на конструктивизмот, родителското знаење се смета за социјална конструкција, а програмите за родителство како колаборативен процес кој ги поттикнува родителите да размислуваат и да ги толкуваат своите искуства, како и да бараат можни решенија (ибид.). Се поаѓа од тоа дека родителските рефлексивни капацитети претставуваат потенцијален катализатор за промени во односот родител – дете (Slade, 2006), така што концептот на рефлексивно родителство се зема како основна појдовна точка на поновиот пристап во разбирањето на развојот на родителските компетенции. Акцентот е ставен на подлабоко разбирање на детето преку размислување за претходните искуства во различни ситуации. На овој начин, промените во однесувањето на родителите се јавуваат како резултат на нивното размислување не само за однесувањето на детето туку и за неговите емоции, намери, па дури и за сопствените искуства (ибид.). Постојат различни видови програми за родители (Bunting, 2004); една од нив е заснована на односи и има за цел да ги поттикне родителите на нови вештини за слушање и комуникација со децата и разбирање на однесувањето во контекст на односите со другите членови на семејството и во околината. Некои од програмите кои спаѓаат во оваа категорија се обука за родителска ефективност и програми за позитивно родителство.

# 3. Клучни столбови на програмата

Програмата за позитивно родителство, како составен дел на овој концепт, нуди родителски пристап, едукативен концепт и конкретни стратегии кои го поддржуваат развојот на родителските вредности, знаења, вештини за позитивна интеракција со децата.

Позитивното родителство подразбира поттикнување (*учење во рутини и учење преку игра*) и воспитна практика (*учество на детето во семејниот живот и неказнено-позитивно родителство*). Позитивното родителство се заснова врз учеството на детето во животот на семејството и градинката, што бара во културата на градинката и на семејството да постојат исти појдовни основи. За детето, ситуацијата на учење, пред сè, значи постоење и достапност на интересен *ПОТТИК* кој го повикува детето да се *запраша*. Потоа, подразбира и можности детето да дојде до одговор на своето прашање следејќи ја својата природна *љубопитност*, својот интерес, применувајќи го она што го знае и умее, *активно истражувајќи*, обидувајќи се и манипулирајќи со она што смета дека се клучни фактори на појавата што го разбудила неговиот интерес. Детето *активно управува* со својот процес на сознавање. Ја менува реалноста и ја прилагодува на себе за полесно да му најде „име“ на она што се обидува да го разбере, за да создаде околности во кои може да ужива во учењето и во кои учењето води до сигурни резултати. Не постои стимулација која сама по себе ќе доведе до скок во развојот ако со неа нема возрасен кој знае да му даде име на тоа, да понуди значење, да го води детето низ искуството, да ја прошири играта, да ги прошири љубопитноста и истражувањето на детето. Детето најдобро учи во односи што се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Овој вид врска помеѓу родителот и детето ја храни подготвеноста на детето да учи со некого и од некого.

Како концепт, содржи група мерки кои се преземаат со една цел – промовирање на позитивното родителство, односно градење квалитетни односи помеѓу родителот и детето, бидејќи односите се темел на развојот. Мерките вклучуваат разни стратегии за поддршка на родителите, со кои се *унапредуваат знаењата и вештините на родителите* за важноста на поттикнувачкото опкружување во домот, *обезбедуваат поддршка за учење и развој на детето во домот* (учество во рутините и учење преку игра) и градат мрежа за *поддршка на емоционалната благосостојба на родителите*. Програмата е дизајнирана преку универзален пристап кој има за цел да ги поддржи родителите и старателите во создавањето поттикнувачко опкружување за развој на детето во сите области (когнитивни, емоционални, социјални, моторни и говорни).

Програмата за позитивно родителство промовира универзалност, ориентација кон односите, прилагодување на интензитетот на поддршката, со фокус на потребите на семејството и поддршка на вклученоста на **двајцата родители** во грижата. Познато е дека ефектите од вклученоста на татковците се значајни за развојот на детето, како и за развојот, идентитетот на самите татковци и квалитетот на односите внатре во семејството (Carbera, Shannon, Tamis–Le Monda, 2007).

Програмата особено ги нагласува *штетните последици од физичкото казнување* – програмата се фокусира на раните години и важната улога на родителите и старателите во формирањето поттикнувачко опкружување, а недостигот на знаење за развојот на детето и несоодветните вештини на родителите се примарните причини за ***физичко казнување*** на децата. Неприфаќањето на детето и непочитувањето на перспективата на детето доведуваат до несоодветни очекувања од детето, што ги прави родителите поподложни кон насилно реагирање. Родителот е „огледало“ за детето – реакцијата на родителите им дава смисла на однесувањето и искуството на детето. Доброто познавање на детето и соодветното задоволување на потребите на детето се предуслов за воспитно

делување врз детето. Односот на детето со неговите родители е најмоќното средство за влијание врз детето и тоа е во рацете на родителите. Позитивното родителство ги поддржува родителите во примената на ненасилни стратегии за воспитување, преку развивање две важни вештини – *прифаќање на детето и водење на детето низ ситуации* (давање структура). *Прифаќањето на детето* значи дека детето има доживување дека е сакано (покажување љубов), без оглед на околностите. Родителот ги знае и ги разбира вештините и однесувањето на своето дете, знае како да се стави во позиција на детето и да размислува за тоа како детето расудува на таа возраст, да размислува за потребите на детето според неговата возраст и да размислува за тоа како се чувствува детето. Може да препознае потреба, иницијатива и интерес во однесувањето на детето. *Водењето на детето* низ ситуации значи да му се дадат на детето јасни упатства за очекувани, безбедни и корисни однесувања, да му се објаснат на детето причините за некое барање на родителот, да се поддржи детето и да му се помогне за успешно да ги надмине предизвиците, да се биде позитивен модел и заеднички да се решаваат предизвиците. Воспитувачите и негувателите можат да ги научат родителите на овие вештини и да моделираат соодветни ненасилни стратегии и вештини за решавање проблеми.

## 3.1. За кого е наменета оваа програма?

Програмата се фокусира на **родителите** – преку заедничко читање, играње со детето, домашни посети, семејни рутини се создаваат можности родителите да научат за развојот на детето, потребите и квалитетната грижа за детето, да ги преиспитаат и анализираат своите искуства во врска со грижата за детето, да учат како да создаваат подобри услови за развој на детето (го чекаат одговорот на детето и го поддржуваат неговото учество), да го прифаќаат детето, да развијат подготвеност и вештина да ги следат потребите и реакциите на детето потпирајќи се на иницијативата на детето, му нудат на детето можности за интеракција, при кои детето ќе осознава за себе и за светот преку игра, со што ќе создадат основи за безбедни, топли односи и позитивни искуства за детето.

Родителите стануваат активни учесници во животот на градинката, преку интензивирање и диверзификација на формите и начините на вклучување на родителите во работата на градинката. Со тоа се обезбедува поголемо учество на родителите и заедничко изнаоѓање соодветни стратегии за воспитување и образование на детето во институцијата, но и во рамките на семејството. Ова е од клучно значење за родителите со деца изложени на ризик, кои од разни причини не можат да создадат средина за поддршка за развојот и учењето на нивното дете.

Се очекува програмата да воспостави култура на континуирано учење и посветеност на подобрување на квалитетот на услугите во градинките, врз основа на принципите на зајакнување на практичарите во областа на релационите компетенции. Концептот на релациони компетенции беше развиен како основна теоретска почетна точка за градење на компетенции на практичарите за соработка и вклучување на родителите во работата со родителите. Релационите компетенции подразбираат подготвеност и способност на стручното лице да го набљудува поединецот (дете или возрасен) според неговите лични карактеристики и соодветно да го прилагоди однесувањето, со водење и автентичност во контактот, и со тоа развива професионална способност да ја преземе целосната одговорност за квалитетот на врската. Затоа, важно е да се работи на подигање на свеста за сопствената позиција во односот кој се воспоставува со родителите и зголемување на чувствителноста за повнимателно слушање и разбирање на перспективата на родителите и спецификите на семејниот контекст. Секоја ситуација на комуникација со родителите треба да се насочи кон изнаоѓање заедничко решение кое ќе ги вклучи повеќе самите

родители во развојот на постимулативна интеракција со детето. Практичарите ќе бидат поддржани во зајакнувањето на нивните капацитети (вештини, искуство и способности) во процесот на имплементација на развиените форми и сценарија на работилниците.

Програмата е насочена и кон **локалната заедница** – разни организации, јавни установи, институции, невладини организации и здруженија, кои можат да ја интегрираат програмата во постојните услуги, да понудат волонтери и да го промовираат позитивното родителство, за информациите за програмата да допрат до секој родител. Многу важно е сите стручни лица кои стапуваат во комуникација со родителите да ги запознаат родителите со програмите во градинката, да им помогнат при запишувањето на детето во градинката и да ги поттикнат семејствата да ги користат програмите. Планираното зголемување на вклученоста на родителите ќе се спроведува според спецификите и потребите на секоја група посебно (родители на деца со пречки во развојот, родители во социјален ризик, родители во економски ризик, родители од рурални средини, родители од ромска заедница). Неопходно е да се создаде средина во која родителите ќе бидат почитувани, добредојдени, слушнати и ќе бидат активни учесници во задоволувањето на потребите на нивното дете – а не некој кому му се кажува „како треба“.

## 3.2. Грижа за менталното здравје на родителите

Не може да се создадат добри услови за развој на детето ако не се води сметка за родителите и старателите и ако не се биде со нив, со оној интензитет што им е потребен, сè додека не ги развиваат вештините за квалитетна грижа за детето. Постојат докази за тоа дека емоционалната благосостојба на родителите/старателите и менталното здравје на родителите се клучни за обезбедување квалитетна грижа и развој на детето. За да можат родителите добро да се грижат за своите деца, мора да имаат некој друг што ги поддржува и се грижи за нив. Затоа, грижата за емоционалната благосостојба и менталното здравје на родителите подразбира зајакнување на родителите да се грижат за себе, да бараат поддршка и да ги подобрат своите вештини за надминување на предизвиците во родителството. Поддршката е важна кога се нарушени вештините на родителот да обезбеди учење преку игра или учество на детето во семејните рутини. Грижата за дете со пречки во развојот, менталното здравје на родителите, *родителскиот стрес*, неприфаќањето на детето и улогата на родителите се само дел од причините кога поддршката треба да се интензивира и да се насочи. Кога родителството е родово обележано, жените го носат најголемиот товар, што ја ограничува поддршката и учеството на татковците во грижата. Само родител кој има можност за интеракција со детето може да обезбеди поттикнувачка нега, па затоа е важно да се промовира и да се поддржи **вклученоста на татковците** во грижата за детето, а со програмата да се опфатат родителите, односно и мајките и татковците.

Прифаќањето на детето е негативно поврзано со родителскиот стрес. Грижата за дете е стресна, децата зависат од родителите и тоа може да биде исцрпувачко. Повеќето родители се трудат да го направат најдоброто за своето дете, но постојат докази дека тоа не можат да го направат без поддршка. Голем број фактори влијаат на квалитетот на учеството на возрасното лице во играта на детето и на подготвеноста да се понуди негувачка и поттикнувачка средина за детето. И, додека детето, по раѓањето, ќе умее и ќе сака да ги повика своите родители/старатели во квалитетна интеракција, возрасните можеби нема да умеат или нема да можат да го препознаат тој повик, да одговорат на него или да учествуваат во интеракцијата и да ја поддржуваат и одржуваат. Родителскиот стрес може да потекнува или од страна на родителот или од страна на детето. Од раѓањето на детето, кога бебето не спие и не постојат рутини, одбива немлечна храна, до 2 и 3 години

кога детето ги тестира границите, па сè до тргнувањето во градинка или подоцна на училиште, родителите се соочуваат со стрес. Нив ги преплавуваат непријатни емоции, помалку квалитетно се грижат за детето и помалку се чувствителни на потребите на детето, постојано доведувајќи во прашање својата компетентност. Потребна им е поддршка за да ги совладаат стратегиите за надминување на непријатните емоции, да ги канализираат, да бараат помош од поширокото семејство, да бараат ресурси во заедницата, да имаат лице од доверба, кое може да биде и стручниот работник во градинката, како прва поддршка. Важно е да се биде чекор понапред од родителите и да се делува во согласност со стресот што го доживува родителот (да му се обезбедат на родителот стратегии за надминување на гневот) и да се овозможи интеракција, поврзаност и квалитетен однос помеѓу родителот и детето.

## 3.3. Градење мрежа за меѓусекторска поддршка

Градењето мрежа за меѓусекторска поддршка во заедницата е особено важно кога се нарушени вештините на родителите за создавање поттикнувачко опкружување (родители на деца со пречки во развојот, родители од ранливи групи), а особено кога децата се изложени на насилни стратегии за воспитување). Програмата овозможува развој на конкретни програми за давање поддршка на родители на деца со пречки во развојот, како и на родители од различни мултикултурни средини. Исто така, дизајнирана е да биде флексибилна, така што различни институции и организации (невладини организации, здруженија) во заедницата можат да ја имплементираат програмата и да ја интегрираат во постојните интервенции и услуги за родителите, градејќи мрежа за поддршка за воспоставување партнерства во локалната заедница.

Предучилишната установа треба да оствари соработка и партнерство со установите за социјална заштита и здравствениот сектор, како и со сите организации кои локално се занимаваат со грижата за децата и семејствата, преку мапирање на ресурсите во заедницата. Заедницата има повеќекратни ефекти врз семејството, условите и начините на воспитување на детето преку културата, економскиот ниво на развој и општите општествени околности, но на современото семејство му е потребна и поддршката од заедницата во воспитувањето на детето. И семејството и детето се вклучени во различни видови услуги, програми и услуги во заедницата – од здравствениот систем, предучилишните установи, културната понуда, до отворените површини наменети за децата, како што се паркови, терени, игралишта. Квалитетот на односите, и од перспектива на детето и од перспектива на возрасните, е обликуван, поддржан или влошен од природата на односот воспоставен на ниво на заедницата. Од перспектива на заедницата, овие односи треба да ги имаат следните квалитети: интегриран пристап, инклузивен пристап, партнерство. Интегрираниот пристап произлегува од повеќедимензионалните потреби на децата и семејствата и мултидимензионалната функција на воспитување и образование на децата. Воспитувањето мало дете вклучува низа аспекти – грижа, здравствена заштита, образование, учење, исхрана, рекреација, социјализација и навлегува во разни области на јавното делување: социјално, здравствено, образовно, културно. Основата за интегриран пристап кон општествената практика на грижа за децата е: гледање на воспитувањето и образованието на децата како заедничка општествена одговорност (држава, семејство, градинка, училиште, локална заедница); право на универзален пристап до програмата (деца со пречки во развојот, деца од различно социјално, етничко, географско и културно потекло); опфат на деца (од раѓање до училишна возраст); потреба од диверзификација на формите на работа со децата и семејствата (развивање различни форми, на пример, цело-

дневни градинки, полудневни градинки, игротеки, специјализирани програми, советување...), како и промовирање на важноста на улогата на родителите во учењето и развојот на детето. На ниво на системот на предучилишно воспитание и образование, интеграцијата подразбира развој на сеопфатен и меѓусебно усогласен систем кој обезбедува хоризонтален и вертикален континуитет и ги вклучува сите програми кои обезбедуваат грижа и образование за децата од раѓање до осум години, без разлика на тоа кој ги организира, кој ги финансира, колкаво е работното време или содржината на програмата (ОЕЦД, 2001).

Различни семејства имаат потреба од различни видови поддршка, што се постигнува преку различни форми на соработка. Примери на форми на соработка кои им стојат на располагање на градинките се:

- Писмена комуникација – промовирање на важноста на раниот развој, разбирање на потенцијалот на играта, градење слика за детето, важноста на учеството, промовирање стратегии за ненасилно воспитување, важноста на читањето со детето, учеството на детето во рутините, влијанието на родителскиот стрес врз квалитетот на грижата, грижата за емоционалната благосостојба на родителите/старателите;
- Директна комуникација – која вклучува користење секојдневни рутини во градинката (прием, отпуштање) за моделирање на учеството на децата во животот на градинката; домашни посети (заедничка игра со детето, учество на децата во семејните рутини, читање со детето, правење играчки), индивидуално советување со семејството (надминување на родителскиот стрес, (не)прифаќање на дијагнозата и попреченоста на детето), ценење на мултикултурализмот, секојдневни рутини, мапа на ресурси во заедницата, тематски средби со семејствата, работилници;
- Учество на родителите во работата на градинката и одлучувањето во градинката – заедничко опремување катче за, на пример, читање со детето во градинката;
- Активности за родители (родител на родител) – семеен клуб, заеднички патувања, заеднички читања.

# 4. Програма на работилницата за родители

## 4.1. Цел на програмата

Целта на програмата е родителите да совладаат конкретни стратегии кои го поддржуваат развојот на родителските вредности, знаења, вештини за позитивна интеракција со децата.

Во текот на работилницата, родителите ќе имаат можност:
- да ги преиспитаат сопствените родителски практики
- да разменат искуства со родителите
- да учат едни од други
- да се поврзат и да чувствуваат припадност и прифатеност
- отворено да комуницираат и да бидат активно вклучени во животот на градинката
- да стекнат вештини за позитивно родителство
- да стекнат вештини за ненасилни стратегии
- да се грижат за себе
- да совладаат стратегии за надминување на родителскиот стрес
- да ја разберат важноста на „споделување“ на грижата и учеството на татковците

## 4.2. Целна група

Програмата е наменета за сите родители (мајки, татковци, старатели, хранители и посвоители) на деца на рана возраст. Обуката може да ја реализираат стручни работници, како водителски пар, кои поминале обука за фацилитатори на Програмата за позитивно родителство, кои имаат искуство и вештини во водење работилници и се мотивирани да учат и да развиваат компетенции во родителската поддршка. По обуката, фацилитаторите треба целосно да се запознаат со Програмата и во следните 15 дена, а во согласност со контекстот на градинката, да ги организираат групите родители.

## 4.3. Повикување на родителите на обука

Повикувањето на родителите на обука е можно преку усна и писмена комуникација, постери, летоци, преку групи на Вибер, со објавување покани на веб–страницата на градинката, преку родителски средби, со користење на ресурсите за информирање во локалната заедница. Доколку има потреба, препорачливо е да се организира згрижување на децата во градинката за време на работилниците. Суштината на работилниците за родители е фокусирање на постигнувањето на целта и содржината на работилницата, притоа градејќи позитивна атмосфера преку почитување и припадност.

## 4.4. Структура на обуката

Теми на работилницата се:
1. *Слика на моето дете*
2. *ПСП (поврзи, следи, прифати)*
3. *Ти иницирај – јас одговарам*
4. *Права на детето – одговорност на возрасните*
5. *Како учи моето дете?*
6. *Тато и мама*
7. *Дали ќотекот излегол од рајот?*
8. *Се грижиме за родителот – се грижиме за детето*

9. *Што кога родителот мора на работа?*
10. *Родителите се партнери на градинката*

Десетте работилници имаат смислен тек кон постигнување на зацртаната цел и не можат да се реализираат поединечно или по друг редослед. Подготовката на водителскиот пар подразбира поседување знаења и вештини за позитивно родителство, јасна поделба на улогите и заедничка одговорност за исходот и постигнувањето на целта. Добро е да се менуваат водителите на работилницата, што внесува динамика во работата. Пожелно е да се напише извештај за работилницата веднаш по нејзината реализација. Просторот треба да биде пријатен, доволно голем. Бројот на родители на работилницата не треба да надминува 15, а начинот на реализација е еднаш месечно, во време договорено со родителите. Работилниците не треба да траат подолго од 1,5 час.

Структурата на работилницата се состои од:

*Воведен дел* – меѓусебно запознавање, вовед во темата и целта на работилницата, заедничко договарање на правилата за работа (паузи, користење на мобилните телефони, обраќање, дозвола за фотографирање и сл.), како и правила за меѓусебно почитување, слушање на другите и сл.

*Главен дел*
- Кратка стручна презентација (пишан прилог или презентација)
- Играње улоги
- Активности и вежби (често со работни листови или писмен прилог)
- Размена на искуства, размислување, дискусија на ниво на групата или во мали групи (парови, тројки, четворица)

*Завршниот дел* вклучува игра за опуштање или активност за заокружување на темата и давање *домашна задача*, со којашто започнува следната работилница. Не е неопходно да се инсистира сите да ја „пробаат“ стекнатата вештина дома, но пожелно е во текот на десетте работилници секој да има можност да ги презентира своите согледувања и сознанија за детето на ниво на целата група.

## 4.5. Евалуација

На крајот од циклусот од 10 работилници, на родителите им се дава лист за евалуација, направен за вреднување на ефектите од работилниците. За водителскиот пар се прави посебен лист за евалуација. Двата метода на евалуација ќе бидат во форма на скали за оценување и ќе се обработуваат квантитативно, со цел понатамошно унапредување на Програмата врз основа на добиените резултати.

## 4.6. Дисеминација

Дисеминацијата на програмата подразбира создавање јадро на градинки кои ќе бидат модели за ширење на програмата во други градинки што не биле вклучени во првата обука. Стручните работници од другите градинки преку посети и хоризонтални размени ќе имаат можност да ја реализираат програмата во своите градинки почитувајќи ги контекстот и културата на градинката.

| | |
|---|---|
| Тема 1. | Слика на моето дете |
| Цел | Преиспитување на сопствените уверувања за детето |
| Потребен материјал | • РЛ 1: „Бинго“ – за секого<br>• РЛ 2: „Слика на моето дете“ – за секого<br>• РЛ 3: „Опис на моето дете“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секого<br>• боички – за секого<br>• маркери – 1<br>• голема хартија – 1<br>• селотејп – 1 |
| Воведна активност (20 мин.) | Фацилитаторот и учесниците седат во круг. Фацилитаторот се претставува и се заблагодарува за присуството на учесниците. Потоа накратко ја објаснува програмата со нејзините цели и како е предвидено да се работи (колку работилници, нивно времетраење, методи на работа, динамика на средби).<br>Потоа заеднички се воспоставуваат правила кои ќе важат за сите работилници заради обезбедување успешна работа и добро чувство кај сите учесници (доаѓање навреме, активно учество во активностите, слободно изразување на мислење, почитување на туѓото мислење, употреба на мобилни телефони, фотографирање...) и се запишуваат накратко на голем лист хартија, кој се лепи на видно место во просторијата.<br><br>Потоа секој добива РЛ 1 и самостојно го пополнува. Кога сите ќе завршат, стануваат и на даден знак брзо бараат некој со различен одговор од сопствениот во дадено поле, па другиот се потпишува во полето. Еден ист учесник смее само два пати да се потпише на листот на некој друг. По првиот собран потпис, брзо се бара следен потпис за друго поле. Секогаш кога некој ќе собере потписи во една низа (хоризонтална, вертикална или дијагонална), извикува гласно „Бинго!“<br><br>По десетина минути, играта се прекинува и се развива кратка дискусија:<br>1. Кој ги има сите 16 бинга (15, 14... и со ред надолу)?<br>2. За што ви беше најлесно да најдете некој да ви се потпише? А за што ви беше најтешко? |
| Главна активност (40 мин.) | Сите седат во круг. Секој добива РЛ 2 и самостојно го црта своето дете, па под сликата пишува една кратка охрабрувачка или мотивациска порака упатена до детето во директен говор, со која сака да му даде поддршка на неговото патување низ животот. Потоа еден по еден го претставуваат цртежот пред другите кажувајќи: „Ова е... (името на детето)“ и ја читаат пораката.<br><br>Потоа секој добива РЛ 3 и самостојно го пополнува така што во соодветното поле пишува што неговото дете (не)сака да гледа, слуша, зборува/кажува, прави, но и што го растажува, плаши и радува. Потоа во парови го споделуваат напишано-то најпрво за еден дел, па потоа се преминува на следен. |
| Дискусија (10 мин.) | 1. Што мислите, како сликата за детето ги одредува вашите очекувања од него?<br>2. Како тие очекувања го одредуваат вашето однесување кон него? |

| | |
|---|---|
| Завршна активност (15 мин.) | Сите стојат во круг, но до оној со кого претходно работеле во пар. Еден по еден во паротсиупатуваат една кратка позитивна порака поврзана со она што досега го забележале кај другиот лично или со она што било напишано и разменето при работата на РЛ 3. Другите внимателно слушаат и даваат аплауз по секоја порака. |
| Домашна задача (5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да го набљудуваат своето дете дома и да најдат некоја способност, вештина или знаење што тоа ја/го има, а тие досега не ја/го забележале; да размислат како тоа го променило нивниот однос кон детето и на кој начин да го поддржат. |

| | |
|---|---|
| Тема 2. | ПСП (поврзи, следи, прифати) |
| Цел | Завладување со вештините за поврзување, следење и прифаќање |
| Потребен материјал | • РЛ 4: „Што е позитивно родителство?“ – за секого<br>• РЛ 5: „Верверичка“ – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• мала топка – 1 |
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br>Сите стојат во круг. На даден знак, еден учесник започнува со додавање мала топка до следниот и така со ред додека таа да се врати кај оној што ја започнал активноста, без притоа да им падне на земја. За тоа време, фацилитаторот го мери времето. Активноста се повторува неколку пати во обид да се постигне што подобар резултат на целата група.<br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница. |
| Главна активност (45 мин.) | Секој добива РЛ 4, па фацилитаторот го објаснува.<br>Потоа учесниците се делат во мали групи. Секоја група добива по еден РЛ 5 со задача заеднички да го прочитаат и да одговорат на поставените прашања.<br>Кога сите групи ќе завршат, наизменично една по една група чита по една ситуација и се сумираат дадените одговори.<br>Точни одговори:<br>1. прифаќање<br>2. поврзување, следење, прифаќање<br>3. прифаќање<br>4. следење<br>5. поврзување, следење, прифаќање |
| Дискусија (15 мин.) | 1. Како ги препознававте вештините?<br>2. Што ви беше тешко?<br>3. Како вашето родителско искуство ви помогна во препознавањето на овие вештини? |
| Завршна активност (10 мин.) | Сите застануваат така што да формираат две низи. Почнувајќи од едниот крај на двете низи, еден по еден наизменично проаѓаат меѓу низите и застануваат во истата низа на крајот, а попатно другите упатуваат кон него пораки насочени кон позитивно родителство („Ти умееш да го следиш своето дете!“, „Ти одговараш кога детето те прашува!“ и сл.). |

| | |
|---|---|
| Домашна задача<br>(5 мин.) | Родителите имаат домашна задача до наредната средба да се следат себеси како родители и да ги препознаат ситуациите кога биле особено успешни како родители. На пр.: „Го следев детето и видов дека е тажно (плаче, доаѓа во скут, не си игра) зашто не отидовме надвор поради тоа што врнеше. Му пријдов, го именував чувството – „Гледам дека си тажен“, го гушнав и го бакнав. Знам дека сака да црта, па му донесов боички и хартија и заедно цртавме.“ |

| | |
|---|---|
| Тема 3. | Ти иницирај – јас одговарам |
| Цел | Стекнување практично искуство со механизмот: иницирај – возврати |
| Потребен материјал | • РЛ 6: „Сигнал–одговор“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секого<br>• голема хартија – 1<br>• маркери – 1<br>• селотејп – 1 |
| Воведна активност<br>(15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите се делат во парови. Секој пар застанува некаде слободно во просторот. На даден знак, едниот од парот ја става една своја дланка на кратко растојание пред лицето на другиот и почнува да ја движи внимателно во разни насоки движејќи се и самиот во просторот. Другиот треба со главата да ги следи движењата на дланката задржувајќи го истото растојание од неа цело време. По некое време, улогите се заменуваат.<br><br>Потоа сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Потоа фацилитаторот ги прашува учесниците да ги набројат сите ситуации кога нивното дете нешто сака, посакува, бара, а тој ги запишува накратко одговорите на голема хартија.<br><br>Потоа фацилитаторот го поставува следново прашање: „Како знаете, препознавате, гледате кога вашето дете нешто иницира?“ и ги резимира одговорите. |
| Главна активност<br>(30 мин.) | Сите се делат во парови. Во секој пар, еден учесник е во улога на дете, а другиот – родител, се договараат која игра ќе ја играат и ја играат исто како што би ја играле со своето дете. По извесно време, се бараат двајца доброволци да ја претставаат играта пред сите, а на останатите им се дава РЛ 6 за да го пополнуваат набљудувајќи ја играта. Во РЛ6 може и да дополнат доколку забележат нови сигнали или одговори. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Што мислите, што учи детето за себе кога ќе сочекаме негова иницијатива?<br>2. Што учи за другите? |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите се делат во мали групи.<br>Секоја група добива различна ситуација која треба да ја претстави пред останатите со пантомима, а другите треба да погодат за што станува збор.<br><br>Ситуациите се:<br>• возење во автобус, кој одеднаш закочува; |

| | |
|---|---|
| | • чекање ред во банка каде што е многу топло, а климата престанува да работи;<br>• одмор на плажа и доаѓа голем бран;<br>• подготовка на колач, а тој загорува. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | Родителите добиваат домашна задача до наредната средба да покренат некаква иницијатива во градинката како група на родители. |

| | |
|---|---|
| Тема 4. | Права на детето – одговорност на возрасните |
| Цел | Разбирање на начините за остварување на правата на детето |
| Потребен материјал | • РЛ 7: „Права на детето“ – 1<br>• хартија – 2<br>• прибор за пишување – 2<br>• ножици – 1 |
| Воведна активност<br>(15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница и ја пофалува преземената иницијатива.<br><br>Потоа сите стојат во круг. Еден по еден ја доршуваат реченицата: „Бидејќи сум човечко суштество, имам право...“ |
| Главна активност<br>(45 мин.) | Сите се делат во мали групи. Секоја од нив добива по неколку дела од РЛ 7. Овие делови се претходно исечени, а парчињата се измешани во засебни купчиња и тие треба да се состават. Потоа секоја група го прочитува напишаното од своите делови пред останатите, со нагласување на истакнатите зборови.<br><br>Потоа сите се делат во две групи. Едната група ги поддржува правата на детето, а другата е против. Аргументите за својот став заеднички ги пишуваат накратко на хартија. Потоа бираат свој претставник кој ќе гостува во дебатна емисија која ја води фацилитаторот, а останатите се публика. Во даден момент, гостинот во емисијата може да побара замена од некој друг од својата група. Секоја група може да направи две такви замени. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Како ви беше кога требаше да се залагате за правата на детето? А како кога требаше да бидете против?<br>2. Што беше тешко? Што беше лесно? Зошто? |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите стојат во круг. Фацилитаторот почнува да произведува еден звук – наизменично „пукање“ со прстите, кое го пренесува на првиот од неговата десна страна, а тој потоа на другиот до него и така сè до последниот од кругот. За време на пренесувањето на звукот, сите кои го примиле продолжуваат да го прават сè додека не добијат нов звук. Кога ќе дојде повторно ред на фацилитаторот кој започнал, тој го менува звукот – наизменично удирање по колената – и го пренесува на истиот начин како и во претходниот круг, при што сите останати продолжуваат со првиот звук сè додека не го добијат новиот од оној што е од нивната лева страна. Следни звуци: наизменично тропање со нозете по подот, па потоа плескање со рацете. Откако ќе се заврши со |

| | |
|---|---|
| | плескањето со рацете, може веднаш да се продолжи со истите звуци, но по обратен редослед. Така се добива впечаток на врнење дожд, кој на почетокот е слаб и тивок, потоа сѐ повеќе се засилува и откако ќе доживее кулминација (плескањето со рацете), постепено се смирува. Многу е важно за целото времетраење на играта да биде целосна тишина за да може да се доживее ефектот на засилување и смирување на дождот. |
| Домашна задача (5 мин.) | Родителите добиваат домашна задача да размислат дали во нивното опкружување постои дете на кое му е загрозено некое од правата. |

| Тема 5. | Како учи моето дете? |
|---|---|
| Цел | Стекнување увид во различноста на начините на учење и истражување на децата |
| Потребен материјал | • РЛ 8: „Научни сознанија за развојот на детето“ – за секоја мала група<br>• голема хартија – 1<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• маркери – 1 |
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите се поделуваат во тројки и стојат во празен, широк простор. Најпрво се објаснуваат двата основни елементи во активноста:<br>• „куќа“ – двајца од тројката стојат држејќи се со рацете кренати високо над главите;<br>• „станар“ – еден од тројката стои помеѓу двајцата кои ја прават „куќата“.<br>Потоа сите тројки ја прават својата фигура на „куќа“ со „станар“ во неа. Еден од учесниците, кој првично не припаѓа во ниту една тројка, стои на средината и јасно дава една од следниве инструкции која другите треба брзо да ја задоволат:<br>• „Куќите ги менуваат станарите!“ – двајцата од секоја тројка кои ја прават „куќата“ сѐ уште држејќи се за раце го напуштаат „станарот“ што го имаат и брзо бараат нов „станар“; за тоа време сите оние коишто се „станари“ стојат во место.<br>• „Станарите ги менуваат куќите!“ – сите „станари“ излегуваат од своите „куќи“ и брзо бараат нова „куќа“; „куќите“ при оваа инструкција стојат во место.<br>• „Земјотрес!“ – сите тројки се раздвојуваат и се формираат потполно нови тројки во кои двајца се „куќа“, а еден е „станар“ во таа „куќа“.<br><br>Оној што ја дава инструкцијата веднаш откако ќе ја даде и самиот брза да влезе во некоја тројка (како „станар“ или како дел од „куќа“, зависно од дадената инструкција). Оној што нема да биде во ниту една тројка е следниот кој дава инструкција.<br><br>Потоа сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница и за тоа |

| | |
|---|---|
| | како општеството може да помогне во остварувањето на правата на детето. |
| Главна активност<br>(45 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот ги замолува учесниците да се сетат на некоја ситуација во која тие како возрасни требало нешто да научат (возење автомобил, работа на компјутер, употреба на некој апарат...), па им ги поставува следниве прашања:<br>1. Кој ви помогна во тоа? Како? (одговорите на второво прашање накратко ги запишува на голема хартија)<br>2. Колку вашето родителство одговара на карактеристиките на „добар учител“? Која од нив ви е најтешка да ја остварите?<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, а секоја добива по еден РЛ 8 и треба заеднички да го одговори. Потоа една по една група чита по едно прашање и го кажува одговорот, кој по потреба се дискутира за да се стигне до точниот. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Што ве научи претходнава активност?<br>2. Кога сакате вашето дете нешто да научи, што би промениле во вашето однесување? |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите застануваат во круг со испружени раце нанапред. Потоа ги затвораат очите и полека тргнуваат кон центарот на кругот, каде што напипуваат две слободни дланки коишто ќе треба да ги фатат. Ниту една рака не треба да остане слободна, ниту, пак, две раце да се фатат за една. Кога сите раце ќе се пронајдат и ќе се фатат, сите ги отвораат очите и полека тргнуваат да се отплеткуваат, но без притоа да ги отпуштат рацете. На крајот може да се добие еден круг, осмица или два круга. Некои може да останат свртени со грб кон центарот, но сепак на крајот сите треба да се отплеткаат. |
| Домашна задача<br>( 5 мин.) | Родителите добиваат задача дома да го научат својот партнер или некој друг на знаењата што ги стекнале на денешната работилница, но така што да бидат добри учители. |

| | |
|---|---|
| Тема 6. | Тато и мама |
| Цел | Разбирање на значењето на вклученоста на татковците во грижата за детето |
| Потребен материјал | • хартија – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секоја мала група |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Потоа сите стојат во круг. Започнува еден кој вели: „Тато!“ истовремено вртејќи ја главата кон десно. Тоа е знак за оној кон кого што е упатен зборот да го пренесе на истиот начин понатаму. Секој има право еднаш во активноста да рече: „Шкрип!“, што е знак да почне сега зборот „Мама!“ да се пренесува во спротивната насока додека некој повторно да рече: „Шкрип!“, па повторно да се смени зборот и насоката на пренесување. Активноста е завршена кога сите во кругот ќе го искористат по еднаш правото на зборот „Шкрип!“ и еден ист збор ќе се пренесе низ целиот круг. |

| | |
|---|---|
| Главна активност<br>(50 мин.) | Сите се делат во мали групи. Половина од групите добиваат задача да опишат (и да запишат како приказна) една стереотипна мајка и што таа вообичаено прави (кои типични активности ги презема), во врска со негата и развојот на детето, од раѓањето па сè до поаѓањето на училиште, така што секоја реченица треба да ја започнат со „Таа...“. Другата половина од групите работат на ист начин, но опишуваат стереотипен татко, а секоја реченица ја започнуваат со „Тој...“. Некои можни активности за опфаќање во описот може да се: приготвување оброк, хранење, учење на детето да јаде самостојно, менување пелени, пресоблекување, носење во градинка, играње, учење да оди, да вози велосипед, да држи боичка...). Потоа секоја група ја чита својата приказна онака како што е напишана.<br><br>Потоа секоја група ја чита истата приказна, но така што зборот „таа“ секаде го заменува со „тој“ и обратно. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Како ви изгледаа извртените приказни? Зошто?<br>2. Зошто вообичаено мајките се вклучуваат во едни, а татковците во други активности?<br>3. Дали реално постојат разлики во нивните способности за грижа за детето?<br>4. Како би било идеално? Кога децата би се чувствувале поубаво? Зошто? Кога би се развиле повеќе?<br>5. Како може родителите да си помогнат во меѓусебното вклучување во активностите и во нивната рамноправна распределба? Што би добиле и тие од таквото споделено родителство? |
| Завршна активност<br>(5 мин.) | Сите се делат во парови. Еден во парот почнува со пантомима да „прави“ разни домашни активности, а другиот го имитира. По некое време се заменуваат улогите. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | Родителите добиваат задача со својот партнер или некој друг близок да разменат искуства од детството во врска со тоа колку нивните татковци биле вклучени во грижата за нив кога биле деца. |

| | |
|---|---|
| Тема 7. | Дали ќотекот излегол од рајот? |
| Цел | Завладување со стратегиите за ненасилно воспитување |
| Потребен материјал | • РЛ 9: „Физичко казнување наспроти позитивно родителство“ – за секого<br>• РЛ 10: „Што наместо физичка казна?“ – за секого<br>• голема хартија – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секого<br>• боички – за секоја мала група<br>• селотејп – 1 |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг.<br>Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Потоа секој добива РЛ 9, а фацилитаторот пред сите ја презентира содржината на цртежот за причините за физичко казнување. |

| | |
|---|---|
| | Потоа сите се делат во мали групи, па секоја одговара на прашањата во РЛ, по што една по една група во круг чита по едно од напишаното додека да се исцрпат сите одговори на првото, па на второто прашање. Во меѓувреме другите слушаат внимателно за да нема повторување.<br><br>Некои од можните прифатливи одговори се:<br>1. Неразбрано, бунтовно, исплашено, несакано, грешно, повредено...<br>2. Само моментално се менува однесувањето зашто таа нема содржина која ќе му каже на детето како поинаку да постапи во иднина.<br><br>Потоа фацилитаторот го презентира и вториот дел од истиот РЛ за позитивно родителство. |
| Главна активност<br>(20 мин.) | Секој добива РЛ 10 и одговара на барањата во него. Потоа за секое барање се читаат по неколку одговори од доброволци и се анализираат за да се добијат пожелни одговори. |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите се делат во мали групи, па секоја изработува по еден постер на тема: „Стоп за физичкото казнување на децата“. На крајот, секоја група го претставува својот постер пред останатите, па тие се закачуваат на видно место во просторијата. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да понесат на следната средба ќебе или марама од детето, кое/која има некое посебно значење. |

| Тема 8. | Се грижиме за родителот – се грижиме за детето |
|---|---|
| Цел | Јакнење на свеста на родителите за важноста на грижата за себе во контекст на родителство |
| Потребен материјал | • марами и ќебиња од децата (донесени од учесниците)<br>• столчиња – повеќе (зависно од просторот) |
| Воведна активност<br>(15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Секој накратко раскажува кој му го дал името и што тоа значи. |
| Главна активност<br>(30 мин.) | Сите седат во круг и се нагрнуваат со марамата или ќебето што го донеле, па еден по еден раскажува опфаќајќи ги следниве прашања:<br>1. Како дојде таа марама/тоа ќебе во вашиот дом?<br>2. За што се користи марамата/ќебето?<br>3. Какви спомени имате поврзани со неа/него?<br>4. Какви чувства ви буди? |
| Дискусија<br>(20 мин.) | 1. Што значи за бебето кога ќе го завиткате/покриете со марама/ќебе?<br>2. Кој сегашноста ви е „наметка со поддршка“ во вашето родителствување? Како?<br>3. Колку и зошто ви е тоа важно? |
| Завршна активност<br>(20 мин.) | Сите се делат во парови. На едниот во парот му се врзуваат/прекриваат очите со неговата марама/ќебе, а другиот го зема за рака и безбедно го води низ низа од столчиња кои треба да се поминат цик-цак. Потоа се менуваат улогите. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да размислат на кого тие му се „наметка со поддршка“ во семејството. |

| | |
|---|---|
| Тема 9. | Што кога родителот мора на работа? |
| Цел | Увидување на влијанието на конфликтот помеѓу семејната и професионалната улога врз родителскиот стрес |
| Потребен материјал | • РЛ 11: „Дома – на работа“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секого |
| Воведна активност<br>(10 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Сите стојат во круг. Започнува фацилитаторот, кој, свртен кон оној до него (но да можат и останатите да го видат), прво прави движење како да става маска на лицето и прави некоја гримаса. Потоа, со пантомима ја „вади маската“ и му ја „подарува“ на тој до него. Тој до него, исто така со пантомима, ја „прима“ маската и ја „става“ на своето лице, повторувајќи ја истата гримаса. Потоа, таа маска ја „вади“ и ја „фрла“ назад, а самиот „става“ своја маска, прави друга гримаса, ја „вади“ маската и му ја „подарува“ на следниот. Играта завршува кога ќе заврши целиот круг и кога оној што ја започнал играта ќе ја „прими“ последната маска, ќе ја повтори гримасата и ќе ја „фрли“ таа маска.<br><br>Потоа фацилитаторот го поставува прашањето: „Што мислите, колкав процент од родителите денеска имаат конфликт помеѓу семејната и професионалната улога?“ |
| Главна активност<br>(15 мин.) | Сите седат во круг. Секој добива РЛ 11 и го пополнува самостојно така што опишува како изгледа еден негов обичен ден низ конкретни активности што ги прави поврзани со домот и работата.<br><br>Кога сите ќе завршат, секој треба да стави круг до временскиот период кога е дома, а мисли на работата и триаголник – кога е на работа, а мисли на домот.<br><br>Потоа сите се делат во парови и ги разменуваат меѓу себе стратегиите што ги користат за да го решат конфликтот помеѓу семејната и професионалната улога што ја имаат. |
| Дискусија<br>(45 мин.) | 1. Колку ви беа слични, а колку различни стратегиите со партнерот во парот?<br>2. Каква нова стратегија би сакале да пробате за да го намалите стресот од усогласувањето на семејната и професионалната улога? Како таа би ви помогнала?<br>3. Како промената би ја видел/доживеал вашиот сопруг/вашата сопруга?<br>4. Како би се одразила таа промена на вашето дете и на грижата за него? |
| Завршна активност<br>(10 мин.) | Сите седат во круг. Еден стои на средина и ја довршува реченицата: „Да си ги сменат местата сите што...“ така што кажува нешто конкретно поврзано со семејната или професионалната улога, реакциите/емоциите кои се предизвикани при обид за нивно усогласување, пречките притоа и сл. На пример, „...имаат шеф што многу бара“, „...сакаат да се повеќе време со децата“, „...трчаат дома од работа“ и сл.). Веднаш потоа и самиот бара празно столче за |

| | |
|---|---|
| | да седне. Оној што ќе остане без столче, е следниот кој дава инструкција. |
| Домашна задача (10 мин.) | Родителите добиваат задача да размислат за хоби со кое би сакале да се занимаваат. |

| | |
|---|---|
| Тема 10. | Родителите се партнери на градинката |
| Цел | Мотивирање на родителите за активно учество во заедницата во градинката |
| Потребен материјал | • РЛ 12: „Мапа на ресурси во нашето место“ – за секоја мала група<br>• лист за евалуација – за секого<br>• сертификат за учество – за секого<br>• голема хартија – 1<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• маркери – 1 |
| Воведна активност (30 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Потоа фацилитаторот полека кажува: „Секој во себе нека се сети на некоја ситуација во животот кога му било тешко... Сетете се кој ви помогнал тогаш... Опишете го тоа лице!“ Тогаш сите нафрлаат особини/карактеристики, а тој ги запишува на голема хартија пред сите. |
| Главна активност (30 мин.) | Сите се делат во мали групи, па секоја го пополнува РЛ 12. Потоа секоја група ги претставува своите одговори пред сите. |
| Завршна активност (15 мин.) | Сите стојат во круг. Фацилитаторот им се заблагодарува на сите за учеството во програмата.<br><br>Потоа ја зема претходно направената палка од хартија и ја става помеѓу своето рамо и брадата, а рацете ги држи одзади. Така му ја додава палката на следниот до него, без да ги употреби рацете. И така со ред „палката“ се додава од еден до друг без да падне, додека да се врати повторно кај фацилитаторот. |
| | На родителите им се дава лист за евалуација и сертификат. |

# 5. Работни листови

**РЛ 1: Бинго**

| | | | |
|---|---|---|---|
| сакате да станувате рано (да или не) ___________ | имате брат/сестра (да или не) ___________ | највbooжен празник во семејството ___________ | социјална мрежа што најчесто ја користите ___________ |
| јадење што најчесто го јадете ___________ | следите политика (да или не) ___________ | пиете кафе со соседите (да или не) ___________ | знак во хороскоп ___________ |
| домашна обврска што најмногу ја мразите ___________ | живеете во куќа или во стан ___________ | омилена активност во слободно време ___________ | омилен вид музика ___________ |
| најмногу ве нервира кај луѓето ___________ | земја што сакате да ја посетите ___________ | парите од „седмица на лото“ би ги потрошиле на ___________ | најмногу се радувате кога ___________ |

**РЛ 2: Слика на моето дете**



**РЛ 3: Опис на моето дете**



**РЛ 4: Што е позитивно родителство?**

Позитивно родителство е:
а) родителска грижа за детето да е здраво, безбедно, соодветно хрането

б) родителот да го **следи** детето и да **одговара** на неговите потреби и интереси

| 1-5 | ФАЗИ |
|---|---|
| 1 | Родителот се поврзува со детето (подготвен е емотивно да се вложи во него). |
| 2 | Детето има потреби (за исхрана, безбедност, социјално вклучување, когнитивна стимулација, регулирање и канализирање на емоциите). |
| 3 | Детето дава сигнали (насмевка, движења, гласови, гестови, вербални барања). |
| 4 | Родителот ги следи сигналите што ги дава детето, ги толкува и соодветно реагира на нив. |
| 5 | Детето учи и се развива. |

Кога родителот го следи детето и одговара на неговите потреби и интереси, тогаш детето чувствува емоционална сигурност, топлина, доверба, физичко и ментално здравје, наспроти стрес и анксиозност.

в) родителот да го **поддржува** детето да истражува и да комуницира со околината

| 1-5 | ФАЗИ |
|---|---|
| 1 | Родителот верува дека детето може да развие разни компетенции. |
| 2 | Родителот создава можности за детето од најрана возраст да учествува во разни активности соодветни на неговите развојни капацитети, искуство и интереси. |
| 3 | Детето учествува во разни активности. |
| 4 | Родителот го следи учеството на детето во активностите, го охрабрува и не ги потценува неговите компетенции гледајќи ги од сопствен агол. |
| 5 | Детето ги развива своите компетенции, а тие му овозможуваат во иднина поквалитетно да учествува. |

Кога детето учествува во разни активности, тоа чувствува дека неговото мислење е важно, развива меѓусебно почитување, гледа дека со своето учество може да постигне промени, придонесува во нешто што родителите го сметаат за важно, развива самопочит, расудување, размислување, планирање, предвидување, способност да се изрази, да ги разбере другите, ја сфаќа меѓузависноста, гради одговорност, учи да решава проблеми...

**РЛ 5: Верверичка**

1. Јас сум мајка на Елена. Ја родив додека одев во средно училиште. Таа секогаш е кај мојата мајка. При една прошетка со неа, во дворот од една куќа која е оградена со висок ѕид, на дрвото се појави верверичка. Ѝ реков: „Види, верверичка!“ Таа гледаше нешто наоколу, но бидејќи многу е бавна и несмасна, верверичката побегна додека таа да се сврти и не ја виде воопшто.

**Која вештина ѝ недостасува на мајката? поврзување следење прифаќање**

2. Јас сум татко на Едона. Поминувам многу време работејќи во ординација како доктор. При една прошетка со неа, во дворот од една куќа која е оградена со висок ѕид, на дрвото нешто се појавило, па Едона ми рече: „Тато, ене верверичка! Крени ме да ја видам!“ Додека ги гледав наодите кои стигнаа на мојот телефон, повторно слушнав: „Крени ме, крени ме!“ Таа секогаш нешто здогледува додека шетаме, којзнае што видела сега.

**Која вештина му недостасува на таткото? поврзување следење прифаќање**

3. Јас сум татко на Бурхан и секој ден одиме на прошетка. При една прошетка со него, во дворот од една куќа која е оградена со висок ѕид, на дрвото се појави верверичка. Знам дека Бурхан сака животни и многу е љубопитен, па реков: „Дојди брзо да те кренам, ене верверичка на дрвото!“ Тој потрча кон мене, ама се лизна. Често паѓа зашто е несмасен. Го придржав да не падне, а тој беше среќен. Трчавме заедно, се смеевме, а тој викаше: „Јупиииии, сега ќе ја видам!“ Го кренав и му раскажував за верверичката: „Таа е мала и многу е вешта. И ти ќе бидеш кога ќе пораснеш!“

**Која вештина ја има таткото? поврзување следење прифаќање**

4. Јас сум мајка на Орхан. Невработена сум. Додека готвев ручек, низ прозорецот видов верверичка на дрвото, па сакав да му ја покажам. Му реков: „Дојди да ти покажам едно животинче, ене го на нашиот бор!“ Тој црташе, постојано го прави тоа и ништо не го интересира. Го земав за рака и го однесов до прозорецот: „Види, види, верверичка!“. Но тој секогаш гледа во нешто друго. Му реков: „Баш е убава верверичката, има убави уши и опашка, јаде лешници...“, ама тој не ме слушаше.

**Кои вештина ѝ недостасува на мајката? поврзување следење прифаќање**

5. Јас сум мајка на Сара. При една прошетка со неа, видов верверичка во една куќа со висока ограда. Ѝ покажав со прст и реков: „Види, верверичка, види ја на дрвото!“ Таа ме погледна, а потоа погледна нагоре и во сите дрвја наоколу. Сфатив дека таа ништо не гледа зашто оградата е превисока за неа. Ме праша: „Каде е верверичката?“ Сфатив дека мора да ја поткренам. Таа љубопитно набљудуваше и ме праша: „Како се качила толку високо? Како не паѓа? Што јаде? Има ли семејство?“ На сите прашања ѝ одговарав. Потоа предложив, кога ќе се вратиме дома, заедно да ја нацртаме верверичката и нејзиното семејство, а цртежот да им го покажеме на тато и баба. Сара потскокнуваше од среќа.

**Која вештина ја има мајката? поврзување следење прифаќање**

**РЛ 6: „Сигнал – одговор“**

| ДЕТЕ | | РОДИТЕЛ | |
|---|---|---|---|
| ја гледа играчката | | ја именува играчката | |
| покажува кон играчката | | поставува прашање | |
| ја допира играчката | | парафразира/кажува што гледа | |
| ја зема и ја носи играчката | | дава инструкции | |
| ја додава играчката | | влегува во игра | |
| ја именува играчката | | чека трпеливо на (не)вербален одговор од детето при играта | |
| го повикува за игра родителот невербално (поглед, влечење/фаќање на родителот) или вербално | | вклучува други лица (деца и возрасни) | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**РЛ 7: Права на детето**

**Член 2 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Правата од Конвенцијата се однесуваат на СЕКОГО, независно од неговата раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, способности, имотна состојба.

**Член 12 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето има право да има СВОЕ МИСЛЕЊЕ, тоа да го изрази за сите работи што се однесуваат на него, а на неговото мислење да се посвети ДОЛЖНО ВНИМАНИЕ, согласно со неговата возраст и зрелост.

**Член 13 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето има право на слобода на изразување, што подразбира и слобода да БАРА, ПРИМА И ДА ДАВА ИНФОРМАЦИИ.

**Член 18 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

ДВАЈЦАТА РОДИТЕЛИ имаат заедничка одговорност во подигањето и развојот на детето. Нивната одговорност е ГЛАВНА. ИНТЕРЕСИТЕ НА ДЕТЕТО СЕ НИВНА ОСНОВНА ГРИЖА.

**Член 19 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето НЕ СМЕЕ ДА БИДЕ ПОВРЕДУВАНО. Тоа мора да биде заштитено од сите форми на физичко и психичко насилство, повреди, злоупотреби, занемарување, малтретирање, експлоатација.

**Член 23 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето што има некаква попреченост има право на ПОСЕБНА ГРИЖА, НА ПОЛН И ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ. Мора да се создаваат услови кои ќе ја поттикнуваат неговата САМОСТОЈНОСТ и да се олеснува неговото АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ЗАЕДНИЦАТА.

**Член 29 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето има право на РАЗВОЈ НА СВОЈАТА ЛИЧНОСТ И СПОСОБНОСТИ ДО МАКСИМАЛНИ ГРАНИЦИ.

**Член 30 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето има право на СВОЈА КУЛТУРА, СВОЈА ВЕРА И СВОЈ ЈАЗИК.

**Член 15/31 од Конвенцијата на ОН за правата на детето**

Детето има право на одмор, ИГРА, слободно време и рекреација, ДА СЕ ДРУЖИ, како и да учествува во рекреативни, слободни и културни активности.

**РЛ 8: Научни сознанија за развојот на детето**

| | |
|---|---|
| **1. Развојот на мозокот е кумулативен.**<br>Развивањето на едни капацитети е основа за подоцна да се развијат други. | Т Н |
| **2. Во раниот период детето има најголеми можности за развој.**<br>Кога на детето му се овозможуваат квалитетен развој и учење порано, се обезбедуваат потрајни резултати. | Т Н |
| **3. Средината не влијае врз развојот на мозокот.**<br>Мозокот кај детето не се развива зависно од тоа дали има позитивно, негативно или отсуство на физичко/психичко искуство со предметите, местата, а особено со луѓето од неговото опкружување. | Т Н |
| **4. Детето се раѓа со потреба за социјално поврзување со други луѓе.**<br>Културата понатаму влијае како тоа поврзување ќе се развие – кои правила, начини и природа на социјална интеракција ќе се негуваат. | Т Н |
| **5. Родителите се најважни учители на детето.**<br>Врз развојот и учењето на детето влијаат многу луѓе (роднини, соседи, другари, воспитувачи), но најмногу родителите (мајката и таткото), чија интеракција со детето е од најрана возраст и нуди најмногу можности за влијание, а искуството од неа потоа влијае на интеракциите на детето со другите од опкружувањето. | Т Н |
| **6. Детето подобро се развива кога опкружувањето воспоставило силни афективни односи со него (грижа, љубов, сигурност, поддршка).**<br>Детето е поподготвено да ги открива и преиспитува разните карактеристики на опкружувањето и да се развива низ тој процес кога опкружувањето воспоставило топли, негувачки, респонзивни релации со него, водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето. | Т Н |
| **7. Детето не се раѓа љубопитно.**<br>Детето не сака да учи и да сознава од самото раѓање. | Т Н |
| **8. Детето се раѓа со компетенции.**<br>Детето не развива компетенции зависно од тоа колку квалитетно опкружувањето нив ги бара и дали го поддржува неговиот развој третирајќи го детето како полно со потенцијали за развој. | Т Н |
| **9. Кога постои усогласеност во воспитното делување во семејството и во градинката, придобивките за детето се поголеми.**<br>Градењето квалитетна соработка и партнерство помеѓу семејството и градинката овозможува усогласување на нивните делувања, поттикнување ран развој на секое дете и поуспешен напредок. | Т Н |

**РЛ 8: Научни сознанија за развојот на детето – одговори**

| | |
|---|---|
| **1. Развојот на мозокот е кумулативен.**<br>Развивањето на едни капацитети се основа за подоцна да се развијат други. | **Т** Н |
| **2. Во раниот период детето има најголеми можности за развој.**<br>Кога на детето му се овозможуваат квалитетен развој и учење порано, се обезбедуваат потрајни резултати. | **Т** Н |
| **3. Средината не влијае врз развојот на мозокот.**<br>Мозокот кај детето не се развива зависно од тоа дали има позитивно, негативно или отсуство на физичко/психичко искуство со предметите, местата, а особено со луѓето од неговото опкружување. | Т **Н** |
| **4. Детето се раѓа со потреба за социјално поврзување со други луѓе.**<br>Културата понатаму влијае како тоа поврзување ќе се развие – кои правила, начини и природа на социјална интеракција ќе се негуваат. | **Т** Н |
| **5. Родителите се најважни учители на детето.**<br>Врз развојот и учењето на детето влијаат многу луѓе (роднини, соседи, другари, воспитувачи), но најмногу родителите (мајката и таткото), чија интеракција со детето е од најрана возраст и нуди најмногу можности за влијание, а искуството од неа потоа влијае на интеракциите на детето со другите од опкружувањето. | **Т** Н |
| **6. Детето подобро се развива кога опкружувањето воспоставило силни афективни односи со него (грижа, љубов, сигурност, поддршка).**<br>Детето е поподготвено да ги открива и преиспитува разните карактеристики на опкружувањето и да се развива низ тој процес кога опкружувањето воспоставило топли, негувачки, респонзивни релации со него, водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето. | **Т** Н |
| **7. Детето не се раѓа љубопитно.**<br>Детето не сака да учи и да сознава од самото раѓање. | Т **Н** |
| **8. Детето се раѓа со компетенции.**<br>Детето не развива компетенции зависно од тоа колку квалитетно опкружувањето нив ги бара и дали го поддржува неговиот развој третирајќи го детето како полно со потенцијали за развој. | Т **Н** |
| **9. Кога постои усогласеност во воспитното делување во семејството и во градинката, придобивките за детето се поголеми.**<br>Градењето квалитетна соработка и партнерство помеѓу семејството и градинката овозможува усогласување на нивните делувања, поттикнување ран развој на секое дете и поуспешен напредок. | **Т** Н |

**РЛ 9: Физичко казнување наспроти позитивно родителство**

1. **Како се чувствува детето кога е физички казнето?**

------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------

2. **Дали физичката казна го учи детето како правилно да се однесува во иднина и да не го повтори однесувањето за кое е казнето? Зошто?**

------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------

**ПРИЧИНИ ЗА ФИЗИЧКО**

- **Неприфаќање на детето**

  (детето нема доживување дека е сакано)
- **Недостиг на знаење за детскиот развој**
- **Несоодветни очекувања од детето**

**ФИЗИЧКО КАЗНУВАЊЕ НА**

**ПРИФАЌАЊЕ НА ДЕТЕТО**
(детето има доживување дека е сакано без разлика на околностите)

Родителот:

- ги знае вештините и однесувањата на детето
- умее да се стави во негова позиција и да увиди како тоа размислува на таа возраст
- размислува за потребите на детето зависно од неговата возраст
- размислува за тоа како се чувствува детето
- ги препознава неговите потреби,

**ПОЗИТИВНО**



**РОДИТЕЛСТВО**

**ВОДЕЊЕ НА ДЕТЕТО НИЗ СИТУАЦИИ**

Родителот:

- јасно кажува кое однесување се очекува од детето и како тоа да е безбедно и корисно
- му објаснува на детето за причините за некое барање од него
- го поддржува и му помага успешно да ги совлада предизвиците
- заеднички ги решава предизвиците со детето
- самиот е позитивен модел за детето

**РЛ 10: Што наместо физичка казна?**

Време е за спиење. Играчките се на сите страни во собата и покрај тоа што веќе неколку пати сте му кажале на детето дека треба да ги собере. Тоа одбива да ги стави на место. Како можете успешно да го водите детето низ оваа ситуација наместо да биде физички казнето?

1. **Кажете му јасно дека сте лут/а, опишете го проблемот и нападнете го него (објаснете до кои последици може да дојде поради проблемот), а не детето!**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. **Кажете ги јасно своите очекувања!**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. **Покажете како може да се реши проблемот сега или во иднина (притоа може да внесете и игривост)!**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4. **Понудете избор!**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

5. **(Ако продолжи несаканото однесување) Предупредете го детето за тоа што ќе следува (природна последица од однесувањето, но никако физичка казна)!**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

6. **Доколку и понатаму продолжи несаканото однесување, бидете доследни на кажаното претходно.**

**РЛ 10: Што наместо физичка казна? – одговори**

Време е за спиење. Играчките се на сите страни во собата и покрај тоа што веќе неколку пати сте му кажале на детето дека треба да ги собере. Тоа одбива да ги стави на место. Како можете успешно да го водите детето низ оваа ситуација наместо да биде физички казнето?

1. **Кажете му јасно дека сте лут/а, опишете го проблемот и нападнете го него (објаснете до кои последици може да дојде поради проблемот), а не детето!**

   Многу сум лут/а што неколку пати те замолив да ги собереш играчките, а тие сè уште се на подот, на креветот, на масата... Ако останат вака, некој може да се сопне од нив, да згазне некоја и таа да се скрши, а и не може да си легнеш убаво во кревет полн со играчки.

2. **Кажете ги јасно своите очекувања!**

   Време е за спиење и веднаш треба да ги ставиш играчките на своето место.

3. **Покажете како може да се реши проблемот сега или во иднина (притоа може да внесете и игривост).**

   Може да пуштам една песна и додека таа трае – да ги ставиш коцките во корпата, книгите на полицата, боичките во кутијата.

4. **Понудете избор!**

   Сакаш прво да ги средиш играчките, па да облечеш пижами или прво пижами, па средување играчки?

5. **(Ако продолжи несаканото однесување) Предупредете го детето за тоа што ќе следува (природна последица од однесувањето, но никако физичка казна)!**

   Доколку не ги ставиш играчките на место пред спиење и поради тоа некоја се скрши, овој месец нема да купиме нова. Парите за тоа се потрошени.

6. **Доколку и понатаму продолжи несаканото однесување, бидете доследни на кажаното претходно.**

**РЛ 11: Дома – на работа**

|  | Активности поврзани со домот или со работата |
|---|---|
| 06:00-07:00 | |
| 07:00-08:00 | |
| 08:00-09:00 | |
| 09:00-10:00 | |
| 10:00-11:00 | |
| 11:00-12:00 | |
| 12:00-13:00 | |
| 13:00-14:00 | |
| 14:00-15:00 | |
| 15:00-16:00 | |
| 16:00-17:00 | |
| 17:00-18:00 | |
| 18:00-19:00 | |
| 19:00-20:00 | |
| 20:00-21:00 | |
| 21:00-22:00 | |
| 22:00-23:00 | |
| 23:00-24:00 | |

**РЛ 12: Мапа на ресурси во нашето место**

**Ве молиме, подолу наведете ги сите институции, фирми, невладини организации и професионалци кои ги знаете, а кои можат да ви помогнат во успешна реализација на вашата улога како родител.**

| |
|---|
| 1. |
| 2. |
| 3. |
| 4. |
| 5. |
| 6. |
| 7. |
| 8. |
| 9. |
| 10. |
| 11. |
| 12. |
| 13. |
| 14. |
| 15. |
| 16. |
| 17. |
| 18. |
| 19. |
| 20. |
| 21. |

## ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА „ПОЗИТИВНО РОДИТЕЛСТВО“

*Почитувани родители,*

*Пред Вас е Прашалник за евалуација кој е анонимен, па Ве замолуваме да дадете искрени одговори. Одговорите ќе се користат исклучиво за евалуација и унапредување на Програмата.*

*Ве молиме, за секое тврдење подолу да заокружите една бројка на скала од 1 до 4 која најдобро го изразува Вашето мислење.*

*1 – не се согласувам*
*2 – делумно се согласувам*
*3 – многу се согласувам*
*4 – целосно се согласувам*

*Ви благодариме однапред!*

| | **Тврдење** | **Оценка** |
|---|---|---|
| 1. | Програмата ги исполни моите очекувања | 1 2 3 4 |
| 2. | На работилниците го преиспитував моето родителство | 1 2 3 4 |
| 3. | Научив нови вештини (поврзи, следи, прифати) | 1 2 3 4 |
| 4. | Разменив искуства со други родители | 1 2 3 4 |
| 5. | Се чувствував пријатно и прифатено на работилниците | 1 2 3 4 |
| 6. | Сликата за моето дете сега е поинаква | 1 2 3 4 |
| 7. | Почесто читам со моето дете | 1 2 3 4 |
| 8. | Јасно ми е како да ги поттикнувам учењето и развојот на моето дете дома | 1 2 3 4 |
| 9. | Моите блиски гледаат промена | 1 2 3 4 |
| 10. | Чувствувам дека сум поуспешен родител | 1 2 3 4 |
| 11. | Подобро ги препознавам потребите на моето дете | 1 2 3 4 |
| 12. | Почесто си играм со моето дете | 1 2 3 4 |
| 13. | Гледам сили кај моето дете кои не ги препознавав порано | 1 2 3 4 |
| 14. | Моето дете гледа промена | 1 2 3 4 |
| 15. | Знам како стресот влијае на моето родителство | 1 2 3 4 |
| 16. | Кога нешто работам дома, знам како да го вклучам моето дете | 1 2 3 4 |
| 17. | Ја разбрав штетноста на физичкото казнување | 1 2 3 4 |
| 18. | Ги увидувам сопствените сили и силите на нашето семејство | 1 2 3 4 |
| 19. | Ја препознавам важноста од тоа двајцата родители да се грижат за детето | 1 2 3 4 |
| 20. | Размислувам како да се грижам за себе како родител | 1 2 3 4 |
| 21. | Знам што претставува и зошто е важен раниот развој на детето | 1 2 3 4 |
| 22. | Како родител, имам повеќе самодоверба | 1 2 3 4 |
| 23. | Во моето место на живеење има многу луѓе и ресурси на кои може да се потпрам | 1 2 3 4 |

На колку вкупно работилници сте присуствувале? ----------------



# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВОТО ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ДОМА



# 1. Вовед

Поддршката на родителството се заснова на еднакво достоинство на родителите и децата, како и на квалитетна интеракција помеѓу детето и родителите од една страна и помеѓу практичарите и родителите од друга страна. Програмата за поддршка на семејствата за учење и развој на децата дома, како составен дел на овој концепт, содржи теориски појдовни основи и специфични стратегии кои ќе им помогнат на родителите да ги развијат родителските вештини и способности за позитивна интеракција со децата. Постои силен консензус за тоа дека родителите се примарни и најважни учители на децата. Од раѓањето на детето семејството е вклучено во развојот и учењето на детето, а денес, кога родителите се соочени со бројни предизвици во современиот живот, родителството заслужува поголема поддршка. Програмите за поддршка на родителството во градинките, меѓу другото, имаат свои појдовни основи во разбирањето на фактот дека најраното учење и развој на детето се одвива во семејството и дека низ семејниот контекст се гради основата на учењето и развојот на детето во сите други контексти, меѓу кои еден од првите е градинката. Со програмата се промовира значењето на раниот развој и како универзално дизајнирана програма, може да се примени во секое семејство. Со оглед на тоа што раниот развој е период на најголеми можности и најголема чувствителност, колку порано се обезбеди поддршка на квалитетното учество на родителите во поттикнувањето на развојот и учењето на детето, толку позитивните ефекти кај детето траат подолго. За да се обезбеди еднаквост и синергија на воспитните практики на родителите и на воспитувачите, потребно е програмите за поддршка на родителството да бидат интегрирани во постојната програма на предучилишната установа, како и специфични и разновидни (СОВЕТОДАВЕН ЦЕНТАР НА РОДИТЕЛИТЕ). Таквата поддршка на родителството го поттикнува раниот развој на секое дете, придонесува за успешност при остварувањето на целите на програмите на предучилишните установи, за подобрување и унапредување на услугите и претставува основа за квалитетна соработка и партнерство со семејството, бидејќи ја реафирмира улогата на родителите, вложувајќи напори за родителите да ги градат и унапредуваат вештините на поттикнувачката нега и грижа. Програмите за поддршка, на тој начин, стануваат достапни за сите родители, уважувајќи ги спецификите на семејниот контекст, и тоа преку зајакнување на капацитетите и чувствителноста на стручните соработници/практичарите во градинките за работа со родителите. На тој начин се афирмира важноста на улогата на родителите и старателите во создавањето поттикнувачко опкружување во градинката и во домот, како и во збогатувањето на искуствата на децата од најрана возраст.

Програмата за поддршка на семејствата за учење и развој дома промовира универзалност, насоченост кон односите, прилагодување на интензитетот на поддршката, со фокус на потребите на семејството и поддршка на вклученоста на двајцата родители во грижата. Како концепт, содржи низа мерки кои се преземаат со единствена цел – градење на квалитетни односи помеѓу родителите и децата, бидејќи односите се темелот на развојот. Програмата е осмислена преку универзален пристап кој има за цел да им даде поддршка на родителите и старателите во создавањето поттикнувачко опкружување за развојот на детето во сите области (когнитивни, емоционални, социјални, моторички и говорни), како еднократна поддршка на унапредувањето на добросостојбата на семејството и надминување на предизвиците со кои се соочуваат најголем дел од семејствата во Северна Македонија. Истовремено, програмата овозможува кај родителите кај кои се нарушени вештините за пружање учество на детето во рутините и учењето низ игра (присутно занемарување и физичко казнување на детето, сиромашни семејства, со необразовани или невработени родители, малолетни мајки, особено помлади од 15 години, територијално или социјално изолирани семејства со попреченост или со проблеми поврзани со менталното здравје на родителите, посвоителски семејства), тимски да се планира поинтензивна

поддршка на семејството. Со оглед на можноста за примена на диференциран пристап кон поддршката на семејствата, програмата ги почитува семејниот контекст и културната разновидност на семејствата. Програмата особено ја нагласува штетноста на последиците од физичкото казнување. Исто така, дизајнирана е да биде флексибилна, за различните институции и организации (НВО, здруженија) во заедницата да можат да ја спроведат програмата и да ја интегрираат во постојните интервенции и услуги за родителите, градејќи ја Мрежата на поддршка за воспоставување партнерства во локалната заедница. Според тоа, програмата е проактивна, како нов простор за работа со поединци, што не подразбира „чекање“ семејството да ги изрази проблемите, туку има за цел превенција и унапредување, како и видливост и достапност на услугите за поддршка на семејствата. Програмата ги менува гледиштата на стручните соработници во градинката, бидејќи бара преиспитување на сопствената практика и пренасочување на фокусот кон силите на семејството под претпоставка дека сите семејства, дури и најранливите, имаат капацитети за поттикнување на развојот на детето. Чувството на ефикасност и компетентност во улогата на родител е еден од исходите на програмата, за којшто е потребна постојана рефлексија, следење и оценување на програмата со цел градење практични и рефлексивни компетенции и професионална одговорност на сите вработени во градинката.

**Добредојде во Програмата за поддршка на семејството за учење и развој на децата дома!**

# 2. Теориски основи на програмата

*Значењето на односот родител – дете во раното детство* – Истражувањата покажуваат дека развојот на мозокот е кумулативен и мошне чувствителен на влијанијата од средината, така што раните искуства, опкружувањето и односите ги поставуваат темелите на подоцнежниот развој. Учењето и развојот не може да се гледаат изолирано од физичкото и од психичкото опкружување, каде што **односите** имаат клучна улога во учењето. Познато е дека секоја интеракција (позитивна, негативна или отсутна) придонесува за развојот на детскиот мозок поставувајќи ги темелите за подоцнежно учење. Детето го доживува светот преку односите што ги воспоставува и ги развива, а тие односи го обликуваат и го одредуваат неговиот развој и учење. Почнувајќи од приврзаноста со примарниот негувател во најраната возраст, преку односите што детето ги развива со други возрасни и деца, односите се појдовна точка и потпора на кои почива целокупниот развој и учење.

*Како се гради односот?* Способноста на воспоставување и развој на односите е доживотен процес, но тој некако започнува уште пред раѓањето на детето и може да се види во првите денови и седмици од животот на бебето. По раѓањето, детето е биолошки „програмирано" за социјална поврзаност. Децата се раѓаат како општествени суштества – насочени се кон другите и во однос на нив се подготвени да комуницираат и да учествуваат во интеракцијата со околината, но и сами да ја започнуваат, очекуваат и да ја бараат таквата интеракција (Shonkoff, Phillips, 2000; Dalli, White, Rockel, Duhn, 2011; Center for developing child, 2004–2020). Според теоријата за афективна поврзаност, приврзаноста помеѓу родителот и детето се развива, а започнува како низа вродени сигнали кои го повикуваат родителот да биде во близина на детето (плачење, смеење, визуелен контакт и друго). Со постојаното повторување на интеракциите (сигналите и одговорите на родителите на тие сигнали), со текот на времето се развива афективна поврзаност, за што придонесуваат и когнитивните и емоционалните способности на детето, како и искуството на нежната и внимателната грижа (Berk, 2008). Квалитетот на интеракциите е основа за формирање сигурна афективна поврзаност, која се смета за темел на развојот на капацитетот за доверба, стабилни и квалитетни врски во текот на целиот живот, но и за здраво емоционално и социјално функционирање (de Wolf, van Ijzendoorn, 1997; Cummings, Cummings, 2002; Esposito et al, 2017.). Квалитетните односи кои ја поддржуваат добросостојбата и компетенциите на детето подразбираат афективна врска со други човечки суштества, без оглед на тоа дали се работи за родител, друго дете, роднина, сосед, воспитувач или која било друга личност која има важна улога во животот на детето. Отсуството на таков однос со барем една личност го забавува развојот на детето и може да има низа негативни последици. Воспоставувањето силни афективни односи, исто така, ја поддржува и зајакнува подготвеноста на детето да ги открива, запознава и преиспитува различните карактеристики на непосредното физичко, општествено и симболичко опкружување и да се развива и да учи низ овој процес. Доказите од истражувањата укажуваат на тоа дека најмногу позитивни ефекти врз развојот на детето се добиваат ако односите со *детето се топли, грижливи, респонзивни и водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето* (Shonkoff, Phillips, 2000).

*Што е квалитетна грижа?* Современото гледање на родителството во областа на раниот развој преку концептот на ***поттикнувачка нега*** ги дефинира најважните компоненти на квалитетната грижа за детето. Со тој концепт се нагласува дека за развојот и добросостојбата на децата, од најраното детство, најважно е опкружувањето во кое се соединуваат ***внимателната грижа***, насочена кон физиолошките, емотивните и социјалните потреби на детето, како и на неговата потреба за самостојност, и ***поттикнувачката грижа***, која обезбедува можности за учење засновани на истражување, игра и учество.

Концептот на поттикнувачка нега (Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al., 2017) издвојува пет домени на поттикнувачкото опкружување кои меѓусебно се испреплетени: грижа за здравјето, грижа за исхраната, респонзивна грижа, сигурност и безбедност, можности за учење во раното детство. Притоа како клуч на концептот се препознава насоченоста на родителите кон потребите на детето, нивната вештина да ги забележат, препознаат, разберат и да одговорат на нив, односно ***респонзивност***. Респонсивноста не се однесува само на насоченоста кон физиолошките потреби на детето туку и на начинот на кој родителот ги задоволува потребите на детето – начинот на кој го храни детето, начинот на кој разговара со детето, начинот на кој го вклучува и ги поддржува неговите социјални контакти, што претставува една од основите за развој на емотивната сигурност во односот помеѓу родителот и детето. Освен во играта, респонзивноста е видлива и во говорот упатен кон детето, пристапот на родителот кон хранењето на детето (Black, Aboud, 2011) и низа други интеракции кои придонесуваат за поттикнувачко опкружување (Richter, 2004; Eshel, Daelmans, Cabral deMello, Martines, 2006).

Децата учат низ ситуации коишто им се значајни и кои за нив имаат лично значење и затоа е важно детето да има односи во кои има искуство на сигурност и благосостојба – како и слобода за истражување и учество во животот на семејствата. За време на раната возраст, секоја ситуација се гледа како можност за учење. Според тоа, детето учи низ различни ситуации – игра (којашто му овозможува да истражува, да биде креативно, да манипулира со предметите околу себе), потоа учи низ разни ритуали и рутини во семејството, како и во животните ситуации во кои учествува целото семејство. Програмата за поддршка на семејството за учење и развој на децата поаѓа од фактот дека учењето и развојот се одвиваат во текот на целиот ден доколку постои поттикнувачко опкружување. Оттука, програмата ја нагласува важноста на развивањето на вештините на родителите да создадат такво опкружување **дома,** и тоа во следниве домени: *слободното време на семејството, учество во рутините, заедничка игра, разговор со детето и читање со детето*.

## 2.1. Темелни вредности на програмата – прифаќање и учество

На прифаќањето на детето како компетентно му претходи вештината на *поврзување* со детето и *следење/*запознавање на детето. Родителот кој е заинтересиран емотивно да вложи во детето, односно е поврзан со детето, ќе го следи детето: ќе ги забележува и препознава сигналите на детето, соодветно ќе ги толкува и ќе даде соодветен одговор; ќе создаде поттикнувачко опкружување дома (рутини, игра, разговор со детето, читање со детето, слободно време) и ќе ја поддржува заинтересираноста на детето. Само на тој начин ќе може да го прифати детето, неговото однесување, интереси, вештини и себеси во улогата на родител. Прифаќањето на сопствените особини, чувства и начин на однесување како и оние кај детето, без осуда, помага во разбирањето на тоа дека родителството носи со себе разни предизвици. Ваквото прифаќање не значи откажување од одговорноста за воспитување и водење на детето туку значи препознавање дека предизвиците и грешките се составен дел на родителството.  Родителите кои веруваат дека се способни и ефикасни, создаваат интеракции со детето на начин кој промовира соодветен развој (*Duncan LG, Cootsworth JD, Greenberg MT., 2009*).

*Учеството* на детето е условено од убедувањата и вредностите што практичарите и родителите ги имаат за него. Кога на детето се гледа како на компетентна личност и се прифаќа како такво, со фокус на неговите силни страни, способности, вештини и потенцијали, воспитните практики на возрасните можат да понудат многу можности за учество на детето во животот на семејството и во градинката. Со учеството децата развиваат повисоко ниво на компетенции, што, пак, за возврат го зголемува квалитетот на учеството.

Децата учат преку учество во заеднички активности (семејни рутини, ритуали, игра) со возрасните и со другите деца. На децата им се потребни можности за активно да учествуваат, да бидат вклучени во донесување одлуки, споделување информации и во дијалог со други деца и со возрасни, да чувствуваат меѓусебна почит и размена, да бидат консултирани и да чувствуваат дека нивните чувства и мислења се важни, да видат дека нивните идеи, очекувања и чувства доведуваат до промени, со своето учество да придонесуваат за нешто што возрасните го прават и сметаат дека е важно и значајно. Освен начинот на поимање на детето, на учеството на детето влијае и знаењето на родителите и воспитувачите за тоа како детето учи и квалитетот на односите со детето и околу детето.

## 2.2. Што е учење преку учество во рутини?

Учењето на детето не подразбира подучување на децата на знаења и вештини, преку вклучување во разни школи и курсеви, туку примена на родителските убедувања и практики во **семејните рутини**. *Рутините се секојдневни постојани активности во семејството, кои се богати со предизвици и можности за учење.* Додека за возрасните учењето значи подучување, репродуктивно знаење, вклучување на децата во школи и курсеви за стекнување знаења и вештини, за детето состојбата на учење, пред сè, значи постоење и достапност на интересен *ПОТТИК.* Детето најдобро учи во односи кои се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Ваквата поврзаност помеѓу родителот и детето ја поттикнува подготвеноста на детето да учи со возрасните. Поттиците се „кријат“ во секојдневните рутини на семејството, во слободното време на семејството, во ритуалите на семејството, бидејќи се богати со предизвици и можности за учење и развој. На овој начин, поголемиот дел од домашните обврски може да станат можност за уживање и квалитетно време поминато со детето, време кога родителите можат да ги извршат своите вообичаени обврски и притоа да му понудат на детето низа скапоцени поттици за развој. Приготвувањето оброци, подредувањето и диплењето на сувата облека, вклучувањето на машината за перење алишта или одењето во продавница претставуваат активности кои повеќето родители ги извршуваат секојдневно, а некои од нив и по неколку пати дневно. Кога детето ќе се вклучи на начин соодветен на неговата возраст, така што заедно со родителот го мие овошјето и го подредува во разни садови по боја и по форма или, да речеме, лупи банана и ја гмечи за смути, ги вади производите од торбата по купувањето или ги дипли сувите чорапи, пред детето се отвораат многу можности за развој на сите важни вештини (доверба и сигурност во блиските личности, социјални и емоционални вештини, љубопитност и иницијатива, самостојност, сознавање и моторички вештини). Од друга страна, родителите во овие ситуации имаат можност да ги извршуваат своите вообичаени рутини и воедно, преку мали поттици кои не бараат дополнително време или место, да го поттикнуваат развојот на детето.

Активностите во домот во кои учествуваат децата се повеќе или помалку структурирани (Jarus et al. 2010). Формалните, високоструктурирани рутини на одржување на хигиената и приготвување на оброците им овозможуваат на децата не само да „вежбаат“ конкретни вештини туку и да ги разберат правилноста, редоследот на случувањата, елементарните активности, меѓусебната поврзаност на чекорите, но и значењето на кооперативноста. Секое семејство има и неструктурирани рутини (купување, прошетки, читање, слободно време итн.), коишто се пофлексибилни, спонтани и дозволуваат поголемо водство од страна на детето.

Ефектите на учеството на децата во семејните рутини и ритуали можат да се видат и кога станува збор за развојот на социо-емоционалните вештини на детето, особено во полето на емоционалната регулација, физичкото и менталното здравје на децата, но и прилагодувањето на децата и семејството во целина при очекуваните преодни моменти

(како што е тргнувањето во градинка) и академските постигнувања на децата на сите нивоа на образование (Ferretti & Bub, 2017; Chen, 2017; Ren & Fan, 2019). Учеството на децата во рутините и ритуалите на семејното живеење поретко се охрабрува во семејствата каде што родителите имаат пониско ниво на образование (Guichard & Grande, 2019), но и во семејствата на децата со попреченост во развојот (Mancini and Coster 2004; Rosenberg et al. 2010a). Меѓутоа, за рутините да станат можности за учење и развој на детето, потребно е родителот:

- Внимателно да ги следи потребите на детето, да следи на кој начин детето ги искажува и што е можно подобро да го осознае начинот на кој детето реагира во различни ситуации.
- Доследно да одговара на сигналите на детето и да му пружа поддршка на детето да ги задоволи своите потреби.
- На која било форма на иницијатива од страна на детето (насмевка, движење, поглед, покажување со прст), родителот да возврати (со насмевка, со имитирање, со насочување на вниманието кон предметот на интерес на детето, со именување). На тој начин дополнително ќе се прошири интеракцијата и ќе се овозможат дополнителни можности за поттикнување на развојот.
- Внимателно да следи што е тоа што му го привлекло вниманието на детето, да ја поддржува и поттикнува иницијативата во насоката што ја води детето. На пример, доколку детето покаже со прст на сликовница, родителот може да му каже: „Види, сликовница, ајде заедно да ја читаме“.
- Да му овозможи на детето да биде што е можно посамостојно во активностите што сака да ги прави и да му биде поддршка во тој процес само за да му ги овозможи потребните услови на детето да ја оствари својата цел, што е спротивно на извршувањето на активностите наместо детето. Во таа смисла, важно е родителот да верува дека детето е компетентно и вешто, подготвено да осознава и да се развива.
- Да разговара со детето, да му зборува на детето (да ги именува работите што ги прави детето) и да му ги опишува на детето различните состојби во текот на преоблекувањето, приготвувањето на оброците, одењето во продавница или при која било друга активност.

Освен сигурниот однос со родителите, односно старателите, важно е и опкружувањето на детето да биде поттикнувачко. Што значи поточно ова? Поттикнувачкото опкружување изобилува со можности за учење и истражување, со содржини кои претставуваат поддршка за развојот на детето и кои се усогласени со возраста.

Со тоа што учествува во рутините, детето има можност да развива и да гради односи со возрасните (на пазар, во продавница, со соседите), да учествува во одлучувањето (седнувам и јадам јаболко за ужина или јадам јаболко и си играм) да придонесува во остварувањето на заедничките работи и обврски (на пример, со тоа што ќе учествува во поставувањето на масата за ручек). Рутините кај детето развиваат одговорност, самостојност и чувство на предвидливост, сигурност и припадност на семејството. Преку рутините детето развива разни вештини, учејќи преку имитирањето на возрасните. Рутините треба да бидат пријатно и заедничко социјално доживување на семејството, кое нуди уживање и радост во комуникацијата со членовите на семејството. Учеството на детето во семејните рутини е определено според возраста на детето и е вредно бидејќи им овозможува на родителите да ја преиспитаат сликата што ја имаат за своето дете, фокусирајќи се на силните страни и вештините на детето.

Учеството на детето во рутините на семејното живеење овозможува, како што расте детето, сè повеќе можности за учење засновано врз игра. Рутините на приготвување оброк, одење во продавница и слично, може да станат можности за учење и развој кога се засновани на игра со родителот. Родителот кој ќе му овозможи на детето да учествува во семејните рутини, ќе овозможи сознавање и истражување на детето на природен начин – низ игра. За да му овозможи на детето да учествува во рутините, освен флексибилен и постојан ритам на рутините, родителот треба и да го прифати детето како компетентен член на семејството и да знае да го приспособи учеството на детето на возраста, карактеристиките, темпераментот и интересите на детето. Вештината на родителот да му овозможи и да го поддржи учеството на детето во рутините се потпира на тоа колку родителот може да ја разбере перспективата на детето, но и да препознае кои можности за учење и интеракција ги нуди секоја од овие рутини за неговото дете. Во таа смисла, таа се потпира и на прифаќањето на детето и познавањето на интересите и спектарот на вештини на детето кое има интеракции со околината.

Учеството на детето во рутините создава силни поттици за развој и за користење на вештините од сите пет домени на развојот на детето. Со тоа што детето учествува, на пример, во рутината на капењето, детето може да научи да истура вода, да претура, да ја допира водата, да прска, да ги допре сапунот и пената, да ги именува работите, да го следи редоследот на работите во текот на капењето, да научи за топло и студено, мокро и суво, да научи да сочека, да биде одговорно, љубопитно и друго. Меѓутоа, оваа ситуација во која детето учествува, всушност, е богата и со односи бидејќи изобилува со размена на смеа, разговори, блискост со родителот, забавна е за детето, има смисла за детето, детето учи дека заслужува внимание, дека други се грижат за него, учи за односите со другите и за светот околу себе. Капењето може да биде можност за учење и за развој, но само доколку покрај детето има родител кој знае да му овозможи на детето да учествува во рутината на капењето и кога рутината има карактеристики на игра. Значи, можностите на детето да ги „искористи“ поттиците ќе се потпираат на вештината за грижа за детето.

Поттиците за учење и развој се кријат во *слободното време* на семејството, во текот на заедничките прошетки, излети, кога родителот, на пример, ќе започне игра на зборови. Со тоа што учествува, на пример, во купувањето намирници, детето може да научи како се планираат набавки, да прави или да црта список за намирници, да ги именува намирниците, да вежба „поделено внимание“, да учи да ја понесе торбата, да учи и да стекнува искуство како и што се прашуваат возрасните на пазар, како се бара и како се чека за да се добие одговор, како се мери зеленчукот, како се јавува на улица, што е безбедно и друго. Меѓутоа, и оваа ситуација во којашто учествува детето, всушност, е богата со односи бидејќи изобилува со размени, а детето учи за себе, за светот околу себе, како и за односите. Да се направи купувањето да биде можност за учење и развој е вештина на родителот.

Поттици за учење и развој се и *ритуалите за време на празниците*, подготовката за спиење, поздравувањето и друго, кои се помалку структурирани и придонесуваат за чувство на блискост и заедништво.

Рутините се специфичност на контекстот на секое семејство, а стручните лица кои работат со деца треба да развијат чувство за семејните рутини, да ги препознаат и да ги поддржат родителите да овозможат учество на децата во нив. Секое семејство има свои рутини и секоја од тие рутини не треба да се прави рутински, туку треба да овозможи рутините да се препознаат како можности за учење и развој и да се одвиваат во согласност со игровниот образец. Во модерниот свет, кога родителите немаат време, а суштински сакаат да го поддржат развојот на детето, претворањето на рутините во игра и секојдневното поттикнување на развојот и учењето во семејството, во текот на целиот ден, за родителите, особено од чувствителните групи, претставува мошне значајна информација.

## 2.3. Што е учење низ игра?

Детето учи играјќи си, а **учењето низ игра** значи создавање ситуации во кои детето може да си поигра со стекнатите искуства. Голем број аргументи на современите научни истражувања отвораат простор за признавање на повеќекратното значење на играта за живеењето, а со тоа и за учењето и развојот, како на децата така и на возрасните. Играта е силно испреплетена со уживањето и со развојот на капацитетот за флексибилност кај човекот (Marjanović, 1987), како и за добросостојба (Krnjaja, 2010). Играта е најприродниот начин за учење на детето и е цел сама по себе. Играта го окупира најголемиот дел од времето и интересирањето на детето и е доминантен начин на кој детето се разбира себеси и својот свет, се развива и се изразува (Lester and Russell, 2008). Во играта детето ги гради својот идентитет и своите односи, ги истражува и ги (ре)конструира значењата, создава симболи, ужива и се радува. Играта ја покренува љубопитноста на детето, желбата да истражува и да гради разбирање. Во таа смисла, *поттик* за игра може да биде која било промена, новина, интересна работа од опкружувањето која му го привлекува вниманието на детето и со која детето сака да се занимава.

Од гледна точка на детето, играта може да се случува секогаш и секаде, за играта не се важни играчките, туку детето може да си игра со овошје, зеленчук, тенџериња, лажици, кутии, камења, песок, гранки, лисја.... но и со зборови, ликови, улоги, бои, фотографии, книги, столови, маси. За родителите играта најчесто е купената играчка и посебно одвоеното време, играта има јасна структура и одредена цел. Играта на денешните деца е самотничка, бидејќи се присутни само мал број врсници, а играта најчесто се одвива со готови играчки, претежно во затворен простор. Возрасните најчесто се во улога на пасивни или активни набљудувачи на играта. Поддршката на родителите во играта поаѓа од идеализација, невклучување во играта, па сè до интервенции во коишто родителот ја презема водечката улога во играта. Во домашни услови децата имаат малку можности да си играат со други деца, па затоа улогата на родителот како соиграч и партнер им е потребна на децата уште повеќе (Gardašević, 2021). Авторката наведува дека децата денес поминуваат најмногу време во семејството, а поголемиот дел од тоа време го поминуваат играјќи си, па затоа е важно колкаво значење ѝ се придава на детската игра, како родителите ја разбираат потребата на децата да си играат и како ја поддржуваат. Во играта е важно на детето да му се даде доволно време да интегрира сè што ќе чуе, види и доживее и да даде свој одговор во продолжение на интеракцијата. Во таа интеракција родителот не би требало да има водечка улога, иако има повеќе искуство и знаење од детето. Играта не треба да ја води родителот – тој во играта треба да биде со детето, а не над детето. Неизвесноста и текот на играта им го препуштаме на ситуацијата и на детската иницијатива. Честопати родителите не се вклучуваат во играта на децата, бидејќи сметаат дека играта им е забава, не ја сфаќаат важноста на нивното учество во играта (Gardašević, 2021). Понекогаш се вклучуваат така што ја водат играта, а понекогаш како партнери во играта, унапредувајќи ги компетенциите на децата и поддржувајќи ја иницијативата на детето, давајќи му поддршка на детето за идејата да се реализира во играта, и на тој начин влијаат на добросостојбата на детето и на неговата самостојност. Улогата на родителите во играта на детето е препознаена кај многу автори: „Во семејниот контекст, вклучувањето на родителот во детската игра доведува до повисоко квалитативно ниво на играта“ (Colić, Milošević, 2019: 161). „Непосредното и активно учество на возрасните во играта на децата многумина автори го истакнуваат како значајно за повисокото ниво на квалитет, подолгото времетраење и поголемата сложеност на играта“ (Colić, Milošević, 2019:165).

Поддршката на родителите за поттиците во играта претставува стекнување знаења, заедничко разбирање на вредноста и потенцијалот на играта и нејзината важност во

развојот и учењето на детето, како и улогата на родителот во играта. Така, на пример, типичните игри на дете на возраст до 3 години ги поттикнуваат сите области на развојот: игрите со песок и вода овозможуваат на забавен начин да се истражува и да се експериментира со големини, облици и тежина, а со тоа децата на оваа возраст стекнуваат важни информации и практични знаења за светот што ги опкружува. Игрите со активности од типот „како да“, „божемски“, разговор по телефон, хранење и лекување бебе и слично, придонесуваат за развојот на употребата на јазикот, разбирањето на говорот и збогатување на речникот. Грижата за куклата придонесува за емоционален развој и за развој на свеста за другите и за нивните потреби. Игрите со имитирање, како што се преправање со пресоблекување, придонесуваат за развојот на свеста за себе. Облекувањето на куклата, како и едноставното отворање/затворање садови придонесуваат за развојот на малите мускули на раката и за развојот на координацијата на движењата на прстите и дланката. Носењето туѓи чевли во играта со преправање или активностите во текот на „готвењето“ влијаат поволно на развојот на големите мускули на нозете и рацете. (Pešikan & Antić, 2012).

*Играта е забавна и доброволна активност, во неа детето е активно – испробува, комбинира, експериментира, може да ја повтори секогаш кога ќе посака, може да ја промени и да внесе некоја новина (да направи нешто поинаку), во играта постои значајна социјална размена – комуникација, договарање, размена на идеи и слично*. Програмата ја промовира идејата дека сите деца имаат пристап до висококвалитетна игра како можност за учење и развој на потенцијалите во рамките на семејното опкружување.

Детето е експерт за игра и детето одредува како ќе се одвива играта. Активностите какви што се читањето, пеењето песни и танцувањето, играњето на игралиште, на излет, претставуваат игра. Детето може да ја иницира играта (да подаде играчка, некој материјал, да му пристапи на родителот, да покаже со прст, да земе некој предмет или играчка, да ракува со неа, да ја именува и др.) и со тоа го повикува родителот во играта. Детето може да си игра и самостојно, таквата игра е помалку структурирана, **отворена,** а возрасните можат да ја направат забавна, да ја продолжат и **прошират** со своето учество, со додавање некои материјали, со достапност на играчки, со обезбедување простор за игра, со повикување други луѓе во играта. Кога возрасните ги нудат правилата, на играта ѝ даваат структура и цел, но детето и понатаму одлучува дали сака да учествува или не, па и така **водените** игри може да бидат многу забавни (како, на пример, играта криенка). Значи, секогаш е значајно да му се овозможи на детето да ја одбира играта, да донесува одлуки поврзани со играта и да ги осмислува правилата, со што се обезбедува смислено учество на детето и се гради чувство на уважување и на сигурност. Детето ќе учи за себе и за светот околу себе и ќе развива разни вештини низ играта секогаш покрај родителите и во интеракција со нив. Играта е активност која подразбира дискретно водство на родителите/возрасните лица, кое нема да ги згасне љубопитноста, креативноста и детската желба за играње туку ќе им помогне на децата да го организираат своето искуство. За тоа е потребно возрасните внимателно да ја следат и набљудуваат играта на детето, да ја толкуваат, преиспитуваат, продлабочуваат и да ја насочуваат кон стекнување нови знаења и вештини.

Подготвеноста да ја разбереме и препознаеме играта како суштински јазик на детето, како начин на којшто детето најдобро осознава за себеси и за светот околу него, претставува важен аспект за разбирање на раниот развој и значењето на поттикнувањето на развојот. Градејќи ги знаењата за играта, се градат и знаењата за тоа што всушност претставува поттикнувањето на развојот и како тоа дете се развива и учи. Поддршката на заедничката игра со детето, како што е создавањето поттикнувачко опкружување на детето уште од првиот ден на животот, всушност, е желба да ги научиме родителите да создаваат можности кои ја овозможуваат играта на детето (простор, време, достапност). За да овозможи учење низ игра, родителот треба да знае како учи детето и да умее да ја согледа педагошката вредност на играта, остварувајќи одредена рамнотежа помеѓу идеализаци-

јата и дидактизацијата на играта. Родителот преиспитува како неговите убедувања, искуства и очекувања ја обликуваат и влијаат на перцепцијата на детето, на неговото однесување и реакции, односно ги преиспитува своите досегашни родителски искуства, размислува за своите постапки, ги толкува, ги разбира причините и врз основа на тоа соодветно ги модифицира. Родителот што е поврзан со детето, го прифаќа детето, го следи детето (ги забележува, ги толкува сигналите на детето и му дава соодветен одговор), ја разбира перспективата на детето, внимателно набљудува, реагира на детето, разбира на што укажува однесувањето на детето, соодветно ги толкува интересирањата, чувствата, мислењата и намерите на детето, вешто креира учење низ игра.

### 2.3.1. Читање со детето

Читањето со детето е еден од ритуалите кој има многу повеќе ефекти од проширување на речникот, бидејќи придонесува за развој на квалитетна грижа за детето. Тоа е еден вид учење низ игра (играње со зборови, ликови и друго), што претставува полн поттик само кога подразбира интеракција со родителот. За читањето не е важно времето поминато во читање, туку начинот на читање. Иако голем број родители можат да разберат дека заедничкото читање е значајно, сепак, можеби нема да ја разберат важноста на квалитетното читање, односно што е тоа квалитетно читање. *Заедничкото читање* е интеракција во која возрасните читаат заедно со детето (го вклучуваат детето во читањето) и со детето разговараат за прочитаното, односно искажаното во текот и по читањето (van Kleeck, et al., 1997). Заедничкото читање како можност за учење и развој на детето поттикнува развој на писменоста, експресивниот јазик, разбирањето на говорот, збогатувањето на речникот, усвојувањето сложени зборови, имагинацијата, критичкото мислење, а претставува и можност за детето да иницира, да води, да добие потврда дека го заслужува вниманието на другите, дека светот е безбедно место, да вежба „поделено внимание“, концентрација, да ја истражува книгата, да покажува, и друго. Голем број родители, но и професионалци, го гледаат читањето како своја сопствена активност – родителско читање текст од книга, додека задачата на детето е да молчи и внимателно да слуша. Улогата на детето не е пасивна, туку активна: детето ја набљудува и ја истражува книгата, ја фаќа, ја допира, ја фрла, ја отвора и затвора, ја става во уста, додека, пак, улогата на родителот е да го поттикнува сето тоа. Иако во почетокот на воведувањето, родителот го иницира читањето, подоцна учеството на детето подразбира детето да иницира читање (ќе ја донесе, ќе ја покаже, ќе ја земе книгата), што подразбира дека за учеството му е важна и достапноста на книгата (којашто е само средство за поделено внимание) на полицата или на подот. Исто така, детето има право да бира со кого и што сака да чита. Родителот треба вешто да одржува контакт лице в лице (да ги отстрани звуците, од телевизорот, на пример, и други пречки), да ја продолжува интеракцијата и да обезбеди физичка блискост (така што да може да го гледа лицето на детето), како важни карактеристики на интеракцијата што му обезбедуваат уживање на детето во секоја активност, вклучувајќи го и заедничкото читање. Читањето со детето му дава можност на родителот да го следи детето, да ги забележи сигналите, да ги разбере и соодветно да одговори на нив, вежбајќи ги своите вештини и родителски компетенции да ги развива подготвеноста и вештината да ги следи потребите и реакциите на детето потпирајќи се на иницијативата на детето, трпеливо да го сочека одговорот на детето и да го поддржува неговото учество и со тоа да ги постави темелите на сигурни, топли односи и позитивни искуства за детето. Родителот што умее да поставува прашања, да прави разни звуци што го следат говорот, од приказната да прави игра и да го прилагодува водењето низ читањето според тоа како децата стекнуваат разбирање и решаваат задачи, ќе го направи читањето можност богата со поттици за развој и учење. Затоа, читањето со детето се смета за форма на стимулација на развојот, особено важна за

семејствата под ризик (деца со попреченост во развојот, чувствителни групи, непоттикнувачки и рурални средини и др.). На родителите на деца што се во рана возраст им се нагласува важноста на читањето уште по раѓањето на детето (неколку пати неделно по 15 минути и/или секојдневно) и им се нуди поддршка во изборот на книги (црно-бели книги на рана возраст). За читање со детето не мора да постои скапа сликовница или книга, може да се чита сè и сешто што е на располагање во семејството (весници, проспекти од продавници, рецепти за колачи), но во текот на читањето детето треба покрај себе да има некој родител/возрасна личност што е чувствителна и што поддржува и на тој начин читањето вклучува и уживање и игра.

Со читањето на детето му се развиваат вештините за читање и важно е програмата да се интегрира и во работата на библиотеките и книжарниците во заедницата (места за заедничко читање на семејствата и децата) и да се осмислат библиотеки на отворено во паркови, во градинки, чекалници, пошти и банки, во јавен превоз, здравствени домови, НВО и друго (повеќе информации може да се најдат во „Teddybear reading center“) со цел во заедницата да се понудат разни места за читање со детето, кои ја намалуваат нееднаквоста, сиромаштијата и обезбедуваат пристап до книги за сите семејства. Може да се организираат и кампањи за промовирање на читањето со детето, обуки на професионалци / волонтери како читачи и јавни манифестации поврзани со читање (саем на книги). На национално ниво, надлежното министерство, во соработка со другите министерства (за образование, култура), може да поддржи опремување на библиотеките и нивно користење, промовирање на читањето, со учество на познати јавни личности и финансиска поддршка на сиромашните семејства при купувањето книги.

Читањето со детето овозможува вклучување на разни професионалци (воспитувачи, активисти, невладини организации) кои се обучени за реализација на програмата за поттикнување на квалитетот на грижата за детето и поддршка на развојот во раното детство, со што се гради мрежата за поддршка на родителството.

## 2.4. Право на детето и на родителите на поддршка

Правото на секое дете на поттикнувачко опкружување произлегува од фактот дека раниот развој е период на најголема чувствителност и најголеми можности за учење и развој. Поддршката на раниот развој е препознаена како еден од приоритетите во следниве документи:

**Конвенцијата на ООН за правата на детето** истакнува дека детето има право да се развие до „најголема можна мерка“ и дека државите потписнички би требало да им обезбедат „соодветна помош на родителите и на законските старатели во извршувањето на нивните обврски за одгледување на децата и да обезбедат развој на институции, објекти и услуги за грижа за децата.“

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост** потсетува дека „доколку се откријат рано малите деца со попреченост и добијат поддршка, поверојатно е дека без проблеми ќе преминат во опкружувањето на предучилишното и основното инклузивно образование.“ Со оваа конвенција се нагласува и улогата на семејството во развојот на детето и улогата на државата во давањето поддршка на семејството.

**Целите за одржлив развој (ЦОР)** нагласуваат дека вложувањето во раниот развој на децата стана не само цел сама по себе туку и услов за остварување на многу други цели на одржлив развој за искоренување на сиромаштијата и гладот и за унапредување на исхраната на децата, за обезбедување здрав живот, обезбедување доживотно учење, остварување родова рамноправност и намалување на нерамноправноста. Целите за одржлив

развој ја опфаќаат следната сеопфатна цел за ран детски развој: „До 2030 година на сите девојчиња и момчиња да им се обезбеди пристап до квалитетна грижа, како и до предучилишно образование за да бидат подготвени за основното образование.“ Во таа смисла, Целите за одржлив развој претставуваат историска можност за приоретизирање на вложувањата во раниот детски развој.

**Насоките на ООН за алтернативната нега на децата** нагласуваат дека „организациите и надлежните органи треба да ги вложат сите напори за спречување на одвојувањето на децата од нивните родители и примарни старатели, освен ако тоа не го налагаат најдобрите интереси на детето“ (член 154.).

Во модерното време, кога родителите се соочуваат со бројни предизвици, поддршката на родителството е повеќе од потребна. Поддршката на родителството претставува низа различни и сложени активности кои можат да бидат насочени кон различни аспекти на родителството. Моран (2004) ја одредува поддршката на родителството како било каква интервенција за родителите која има за цел намалување на ризикот, промовирање на заштитата и нивната општествена, физичка и емоционална добросостојба. Во програмата за поддршка на семејството за учење и развој дома се нагласува дека процесот на учење за родителство е многу повеќе од образование, бидејќи им помага на родителите да се афирмираат во родителската улога и да го унапредат своето родителство. Најчест облик на поддршка на родителите се групните програми кои се утврдуваат како процес кој вклучува проширување на увидот, разбирањето, стекнувањето знаења и вештини за развојот на родителите и нивните деца и односите помеѓу нив. Кога зборуваме за ефективна програма за родителство, во литературата се претставени два модела, традиционален и современ. Најистакната цел на програмата за родителство во традиционалниот модел е подучувањето на родителите. Денес, на родителите треба да се гледа како на личности кои имаат капацитет да учат од секојдневното искуство во својата улога на родител. Поради тоа, како крајна цел на програмата за родители во современиот модел се истакнува „јакнењето на капацитетите“, насочени кон активирањето на родителските силни страни, можности и компетенции за промени. Под влијание на конструктивизмот, на родителското знаење се гледа како на социјална конструкција, а на програмите за родителство како на колаборативен процес кој ги поттикнува родителите да размислуваат и да ги толкуваат своите искуства, како и да изнаоѓаат можни решенија (ибид.). Се поаѓа од тоа дека капацитетот на родителите за рефлексија претставува катализатор на промените во односот родител – дете (Slade, 2006), така што концептот на рефлексивно родителство (англиски: „reflective parenting“) се зема како основна појдовна точка на поновиот пристап во разбирањето на родителските компетенции. Акцентот е ставен на подлабоко разбирање на детето низ рефлексија на претходните искуства во различни ситуации. На тој начин, промените во однесувањето на родителите настануваат како резултат на нивното размислување не само за однесувањето на детето туку и за неговите емоции, намери, како за и сопствените искуства (ибид.).

# 3. Клучни столбови на програмата

Програмата за поддршка за учење и развој дома нуди родителски пристап, едукативен концепт и специфични стратегии со кои се поддржува развојот на родителските вредности, знаења, вештини за позитивна интеракција со децата.

За детето, ситуацијата на учење, пред сè, значи постоење и достапност на интересен *ПОТТИК* што го тера детето да се *запраша.* Потоа, подразбира и можности за детето да дојде до одговор на своето прашање следејќи ја својата природна *љубопитност*, својата заинтересираност, применувајќи го она што го знае и умее, *активно* истражувајќи, обидувајќи се и манипулирајќи со она што смета дека се клучни чинители на појавата што му предизвикала интерес. Детето *активно управува* со својот процес на сознавање. Тоа ја менува реалноста и си ја прилагодува на себе за полесно да му најде „име“ на она што се обидува да го разбере, за да создаде околности во кои може да ужива во учењето и во кои учењето доведува до сигурни резултати. Не постои ниту една стимулација која сама по себе ќе доведе до скок во развојот ако нема возрасно лице што знае да ѝ даде име, да понуди значење, да го поведе детето низ искуството, да ја прошири играта, да ги продолжи интересот и истражувањето на детето. Детето најдобро учи во односите што се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Таквата врска помеѓу родителите и детето ја храни подготвеноста на детето да учи со некого и од некого.

Оваа програма подразбира дека *поттиците за учење и развој* се наоѓаат во рутините, играта, читањето со детето дома (учење за рутините и учење низ игра) бидејќи се богати со можности за развој, но само кога се темелат на интеракција со родителот. Оттаму, воспитната практика треба да се заснова на *учеството на детето во животот на семејството и на родителство без казнување*. Учеството на детето во животот на семејството и градинката бара, во културата на градинката и семејството, да постојат исти вредносни основи.

Како концепт содржи група мерки што се преземаат со една цел – промовирање на учењето и развојот дома преку креирање стимулативно опкружување. Освен физичката (простор, време, играчки, материјали), таквото опкружување содржи и помалку видлива, но поважна компонента, а тоа се квалитетните односи на релацијата родител – дете, бидејќи односите се темел на развојот. Овие мерки подразбираат разни стратегии за поддршка на родителите со кои се *унапредуваат знаењата и вештините на родителите* за значењето на поттикнувачкото опкружување дома, се *дава поддршка на учењето и на развојот на детето дома* (со учење за рутините и учење низ игра) и се гради мрежа за поддршка на *емоционалната добросостојба на родителите во контекст на грижата за децата со пречки во развојот.* Секое семејство има рутини, ритуали, слободно време, па програмата е осмислена и како пристап што има за цел да ги поддржи родителите на деца со пречки во развојот во креирањето поттикнувачко опкружување дома за развој на детето во сите области (когнитивен, емоционален, социјален, моторички и говорен). Програмата промовира универзалност, насоченост и поддршка на вклученоста на **двајцата родители** во грижата.

## 3.1. За кого е наменета оваа програма?

Програмата е насочена кон **родителите** – преку заедничко читање, игра со детето, семејни рутини се создаваат можности родителите да учат за развојот на детето, потребите и квалитетната грижа за детето, да ги преиспитуваат и анализираат своите искуства во врска со грижата за детето, да учат како да создаваат поквалитетни услови за развој на

детето, да го прифаќаат детето, да развијат подготвеност и вештина да ги следат потребите и реакциите на детето потпирајќи се на иницијативата на детето, да му овозможуваат на детето можности за интеракција во рамките на кои детето ќе осознава за себе и за светот низ игра, читање и разговор и слободно време, со што ќе создадат основи за сигурни, топли односи и позитивни искуства за детето.

Родителите стануваат активни учесници во животот на градинката, преку интензивирање и диверзификација на формите и начините на вклучување на родителите во работата на градинката. Со тоа се обезбедува поголемо учество на родителите и заедничко изнаоѓање соодветни стратегии за воспитување и образование на детето во рамките на институцијата, како и во кругот на семејството. Ова е клучно за родителите со деца изложени на ризик, кои од разни причини не можат да создадат поттикнувачко опкружување за развој и учење на нивното дете.

Програмата е насочена и кон **локалната заедница** – разни организации, јавни установи, институции, невладини организации и здруженија, кои можат да ја интегрираат програмата во постојните услуги, да понудат волонтери и да го промовираат учењето и развојот дома, за информациите за програмата да стигнат до секој родител.

# 4. Програма на работилниците за родители

## 4.1. Цел на програмата

Целта на програмата е родителите да ги совладаат родителските вештини за создавање поттикнувачко опкружување за учење и развој на децата **дома,** и тоа во следниве домени: *слободно време, учество во рутините, заедничка игра, разговор со детето и читање со детето.*

Во текот на работилниците, родителите ќе имаат можност:

- Да ги преиспитаат своите родителски практики
- Да разменат искуства со родители
- Да учат едни од други
- Да стекнат практично искуство за интерактивно играње, читање со детето
- Да се поврзат во чувството на припадност и прифатеност
- Отворено да комуницираат и да бидат активно вклучени во животот на градинката
- Да стекнат вештини за создавање поттикнувачко опкружување дома
- Да ја разберат важноста на „споделувањето“ на грижата и учеството на таткото

Исходите од програмата за родителите се следниве:

- Развој на рефлексивност на родителите преку преиспитување на вредностите на сопственото родителство и анализирање на своето искуство во врска со грижата за детето
- Стекнување знаења за важноста на раниот развој и учењето на детето во ран развој
- Стекнување вештини за создавање поквалитетни услови за развој и учење на детето (прифаќање на детето и својата улога како родител и учество на детето)
- Стекнување вештини за читање со детето, учење низ игра и за учење во рамките на семејните рутини дома
- Информирање за програмите во градинките и за ресурсите во заедницата

Од родителите се очекува:

- Да се чувствуваат поефикасно во својата улога на родител (намалување на стресот, социјална поддршка, ментално здравје, вклученост на татковците)
- Да бидат повклучени во развојно-стимулативни активности со детето отколку што биле пред обуката на практичарите (читање со детето, учество на детето во рутини)
- Активно да се вклучат во игра со детето
- Соодветно да ги препознаваат и да ги толкуваат сигналите на детето

## 4.2. Целна група

Оваа програма е наменета за сите **родители** (мајки, татковци, старатели, хранители и посвоители) на **деца** од рана возраст. Бројот на родители на работилницата не треба да надминува 15, начинот на реализација е еднаш месечно во време што ќе се договори заедно со родителите. Работилниците не треба да траат подолго од 1,5 час.

Обуката можат да ја реализираат стручни соработници, како предводници, кои ја поминале обуката за фацилитатори на Програмата за поддршка на семејството за учење и развој на децата дома, кои имаат искуство и вештини за водење работилници и кои се мотивирани за учење и за развој на компетенциите за поддршка на родителството. Суштината на работилниците за родителите ја сочинува фокусираноста на водителите и учесниците на остварувањето на целта и содржините на работилницата, како и градење позитивна атмосфера преку почитување и припадност. По обуката, фацилитаторите треба целосно да се запознаат со програмата во следните 15 дена и во согласност со контекстот на градинката да ги организираат групите на родители. Подготовката на паротводители подразбира знаење и вештини за поттикнување на развојот дома, јасна поделба на улогите и заедничка одговорност за исходите и за остварувањето на целта. Пожелно е во текот на работилницата водителите да се менуваат, бидејќи тоа ќе придонесе за подобрување на динамиката во работата.

Просторот треба да е пријатен, доволно голем.

## 4.3. Повикување на родителите на обука

Родителите може да се повикаат на обука преку усна и пишана комуникација, плакати, летоци, преку групи на Вибер, со објавување повик на интернет-страницата на градинката, преку родителските состаноци, со користење на ресурсите за информирање во локалната заедница.

## 4.4. Структура на обуката

Првите 5 средби се работилници за родителите со теми кои се однесуваат на условите во домот коишто можат да станат поттици за учење и развој на детето. Во текот на работилниците, родителите ги преиспитуваат своите сопствени уверувања и родителски практики.

Структурата на првите 5 средби подразбира:

*Воведен дел* – меѓусебно запознавање, вовед во темата и целта на работилницата, заедничко договарање на правилата за работа (паузи, користење на мобилните телефони, обраќање, дозвола за фотографирање итн.), како правила за меѓусебно уважување, слушање на другите и слично.

*Главен дел*:

- Кратка стручна презентација (пишан прилог или презентација)
- Игри на улоги
- Активности и вежби (често со работен лист или пишан прилог)
- Размена на искуства, размислување, дискусија на ниво на група или во помали групи (двојки, тројки, четворки)

*Завршниот дел* подразбира игра за опуштање или активност за заокружување на темата и давање *домашна задача* со која се почнува следната работилница.

Темите на првите 5 работилници се:

1. *Ран развој дома*
2. *Слика на моето дете*
3. *Како си играме дома?*
4. *Читање со детето наместо читање на детето*
5. *Рутините во нашето семејство*

Вториот дел на обуката (5 средби) подразбира **интеракција со детето**, односно работа родител – дете во рамките на следиве теми:

1. *Патот од градинката до дома*
2. *Заеднички игри со детето*
3. *Читање со детето*
4. *Семејна рутина*

Потребен материјал: играчки, книги, сетови за симболички игри, коцки, хартија, боички, пластелин...

На сите учесници (дете, родител) им се понудува материјал за изработка на патот од градинката до дома, по една игра/играчка, односно книга, односно семејна рутина, во согласност со возраста, и им се даваат упатство да си играат, да направат пат, односно да читаат, односно, на пример, да закачуваат облека да се суши, на начин како што тоа ВООБИЧАЕНО ГО ПРАВАТ. Потребно е секој од водителите да се обрати во текот на интеракцијата со детето во играта, читањето или рутината, така што со двајца водители се овозможува да му се пристапи на секој пар составен од дете и родител. Парот на водители приоѓа, набљудува и ги поддржува согледаните вештини на родителот („Вие читате заедно со детето, погледнете како внимателно ги гледа сликите“, „Вие навистина умеете да си играте, видете како ужива детето “, „Вие сте му овозможиле вашето дете да учествува со вас додека ја закачувате облеката да се исуши, детето се чувствува вредно и важно“). Таквите интервенции на водителите, гласно искажани, овозможуваат и другите родители да учат едни од други и да совладуваат нови вештини за прифаќање и учење, засновани на игра и рутини.

Структура на останатите 5 средби:

- Поздравување и запознавање со учесниците (децата и родителите) и вовед во темата: „Денес заедно ќе видиме како изгледа вашиот пат од дома до градинката; денес ќе си играме/ќе читаме...“
- Делење на материјалите
- Водителите даваат повратни информации за родителските вештини на афирмативен начин и со тоа ги насочуваат родителите во стекнувањето и препознавањето на вештините за прифаќање и учествување во игрите и рутините.

На крајот од последната работилница, на родителите им се дава да пополнат образец за евалуација, како и сертификат.

Десетте средби во текот на обуката на Програмата имаат обмислен тек во насока на остварување на зададената цел и не можат да се реализираат поединечно, ниту по поинаков редослед.

Извештајот од обуката препорачливо е да се подготви веднаш по реализацијата на работилницата/средбата.

## 4.5. Евалуација

На крајот на циклусот од пет работилници на родителите им се дава Лист за евалуација составен за потребите на вреднувањето на ефектите на работилницата. За водителскиот пар е составен посебен лист за евалуација. Двата начина за оценување ќе бидат во форма на скала за процена и квантитативно ќе се обработат за Програмата и понатаму да се унапредува врз основа на добиените резултати.

## 4.6. Дисеминација

Дисеминација на програмата подразбира креирање јадро во градинката што ќе биде модел за ширење на програмата во другите градинки што не се опфатени со првата обука. Стручните соработници од другите градинки низ посети и хоризонтална размена ќе имаат можност да ја спроведат програмата во своите градинки, уважувајќи ги контекстот и културата на градинката.

## 4.7. Препорака

- Програма за читање на Медо, Центар за поддршка на раниот развој и на семејните односи „Хармонија“ – Нови Сад
- „Домот е мото прво игралиште“, Центар за поддршка на раниот развој и на семејните односи „Хармонија“ – Нови Сад

| | |
|---|---|
| Тема 1. | Ран развој дома |
| Цел | Разбирање на значењето на раниот развој и приликите за поддршка дома |
| Потребен материјал | • РЛ 1: „Научни сознанија за развојот на детето“ – за секого мала група<br>• РЛ 2: „Што е позитивно родителство?“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• голема хартија – 2<br>• маркери – 1<br>• селотејп – 1<br>• мала топка – 1 |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот и учесниците седат во круг. Фацилитаторот се претставува и им се заблагодарува за присуството на учесниците. Потоа накратко ја објаснува програмата со нејзините цели и како е предвидено да се работи (колку работилници, нивно времетраење, методи на работа, динамика на средби).<br>Потоа заеднички се воспоставуваат правила кои ќе важат за сите работилници заради обезбедување успешна работа и добро чувство кај сите учесници (доаѓање навреме, активно учество во активностите, слободно изразување на мислење, почитување на туѓо мислење, употреба на мобилни телефони, фотографирање...) и се запишуваат накратко на голем лист хартија кој се лепи на видно место во просторијата.<br><br>Потоа сите стојат во круг. На даден знак, еден учесник започнува со додавање мала топка до следниот при што истовремено го кажува своето име и така со ред додека таа да се врати кај тој што ја започнал активноста без притоа да падне на земја. За тоа време, фацилитаторот го мери времето. Активноста се повторува неколку пати во обид да се постигне што подобар резултат на целата група. |
| Главна активност<br>(45 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот прашува, а одговорите од групата ги запишува на голема хартија: „Замислете дека сте се преселиле во друга земја и мора да го научите јазикот што се зборува таму. Како возрасни, кои тешкотии би ги имале при учењето и поради кои причини?“<br><br>Потоа прашува: „Ако во таа земја се пресели и дете на рана возраст, дали и тоа би ги имало истите тешкотии? Зошто?“ Фацилитаторот сумира нагласувајќи дека периодот на ран развој има најголеми можности и дека детето тогаш има најголем ентузијазам и мотивација за учење.<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, а секоја добива по еден РЛ 1 и треба заеднички да го одговори. Потоа една по една група чита по едно прашање и го кажува одговорот, кој по потреба се дискутира за да се стигне до точниот.<br><br>Секој добива РЛ 2, па фацилитаторот го објаснува. |
| Дискусија<br>(15 мин.) | 1. Колку е важен периодот на ран развој на детето?<br>2. Што е важно да прават родителите тогаш? Зошто?<br>3. Кога треба да го прават тоа родителите – во некои посебни прилики и денови или во текот на целиот ден, секојдневно? |

| | |
|---|---|
| Завршна активност (10 мин.) | Сите стојат во круг. Секој по ред наведува еден важен настан кога неговото дете нешто научило, совладало и како тој како родител тогаш се чувствувал. Потоа останатите го поздравуваат напредокот на неговото дете така што истовремено исправуваат лева рака во тупаница пред себе, па паралелно на неа десна рака во тупаница и потоа тупаниците ги удираат еднаш една од друга. |

| | |
|---|---|
| Тема 2. | Слика на моето дете |
| Цел | Преиспитување на сопствените уверувања за детето |
| Потребен материјал | • РЛ 3: „Бинго“ – за секого<br>• РЛ 4: „Слика на моето дете“ – за секого<br>• РЛ 5: „Опис на моето дете“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секого<br>• боички – за секого |
| Воведна активност (20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br>Сите седат во круг. Потоа секој добива РЛ 3 и самостојно го пополнува. Кога сите ќе завршат, стануваат и на даден знак брзо бараат некој со различен одговор од сопствениот во дадено поле, па другиот се потпишува во полето. Еден ист учесник смее само два пати да се потпише на листот на некој друг. По еден собран потпис, брзо се бара следен потпис за друго поле. Секогаш кога некој ќе собере потписи во една низа (хоризонтална, вертикална или дијагонална), извикува гласно „Бинго!“<br>По десетина минути, играта се прекинува и се развива кратка дискусија:<br>3. Кој ги има сите 16 бинга (15, 14... и со ред надолу)?<br>4. За што ви беше најлесно да најдете некој да ви се потпише? А за што ви беше најтешко? |
| Главна активност (40 мин.) | Сите седат во круг. Секој добива РЛ 4 и самостојно го црта своето дете, па под сликата пишува една кратка охрабрувачка или мотивациска порака упатена до детето во директен говор, со која сака да му даде поддршка на неговото патување низ животот. Потоа еден по еден го претставуваат цртежот пред другите кажувајќи: „Ова е... (името на детето)“ и ја читаат пораката.<br>Потоа секој добива РЛ 5 и самостојно го пополнува така што во соодветното поле пишува што неговото дете не/сака да гледа, слуша, зборува/кажува, прави, но и што го растажува, плаши и радува. Потоа во парови го споделуваат напишаното најпрво за еден дел, па потоа се преминува на следен. |
| Дискусија (10 мин.) | 3. Што мислите, како сликата за детето ги одредува вашите очекувања од него?<br>4. Како тие очекувања го одредуваат вашето однесување кон него? |
| Завршна активност (15 мин.) | Сите стојат во круг, но до оној со кого претходно работеле во пар. Еден по еден во парот си упатуваат една кратка позитивна порака поврзана со она што досега го забележале кај другиот лично или со она што било напишано и разменето при работата на РЛ 5. |

| | |
|---|---|
| | Другите внимателно слушаат и даваат аплауз по секоја порака. |
| Домашна задача (5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да го набљудуваат своето дете дома и да најдат некоја способност, вештина или знаење што тоа ја/го има, а тие до сега не ја/го забележале; да размислат како тоа го променило нивниот однос кон детето и на таков начин да го поддржат. |

| | |
|---|---|
| Тема 3. | Како си играме дома? |
| Цел | Препознавање на важноста на играта како прилика за учење |
| Потребен материјал | • РЛ 6: „Учење на детето преку игра“ – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• лаптоп и проектор – 1 |
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Сите стојат во круг. Секој по ред кажува една омилена игра од своето детство со објаснување зошто му била омилена и кој од возрасните и другите деца си играл со него.<br><br>Кога сите ќе завршат, фацилитаторот кажува дека денес игрите на децата се прилично самотни, ретко играат со врсници, па важно е родителите да креираат опкружување за игра кое освен простор, време и играчки, го подразбира и родителот, кој умее да ја поддржи играта. |
| Главна активност (40 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот презентира видеозапис бр. 1 од игра на дете, па наведува што сè можело детето да развие во текот на играта (љубопитност, самостојност, моторика, координација, иницијатива, да ужива, да се радува, да именува...).<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, па секоја добива по еден РЛ 6 и заеднички го решава. Кога сите групи ќе завршат, секоја по ред во круг чита и одговара по едно прашање. По потреба се дискутира до доаѓање до точен одговор. |
| Дискусија (15 мин.) | 1. Што значи играта за детето?<br>2. Кога таа навистина може да го поттикне развојот на детето?<br>3. Што треба да прави родителот при заедничката игра со детето за да го поттикне неговиот развој?<br>4. Кога во денот родителот може да си игра со своето дете?<br>Напомена за фацилитаторот: Низ игра детето учи и се развива, но само кога во неа активно е вклучен родителот кој креира поттикнувачко опкружување и кога самиот умее играта на детето да ја направи интересна, да ја продолжи и да понуди предизвици. Родителот има безброј можности во текот на денот за кратки и подолги игри со своето дете препознавајќи ги предизвиците за игра во секојдневието или креирајќи ги. |
| Завршна активност (10 мин.) | Сите стојат во круг. Фацилитаторот кажува една по една ситуација, а по секоја учесниците треба да се движат низ просторот и да гестикулираат како тие да се тоа лице. |

| | |
|---|---|
| | Ситуации:<br>• Фудбалер дава гол<br>• Нервозен директор<br>• Весело дете<br>• Возач заглавен во гужва во сообраќај<br>• Студент положил испит<br>• Лице се обидува да не му побегне автобусот<br>• Родител го гледа своето дете како прави нешто успешно<br>• Успешен родител |

| Тема 4. | Читање со детето наместо читање на детето |
|---|---|
| Цел | Разбирање на важноста на читањето со детето |
| Потребен материјал | • РЛ 7: „Читање со детето“ – за секоја мала група<br>• РЛ 8: „Приказна за принцезата, принцот и Олаф“ – 1<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• книги – за секој пар |
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг и се делат во парови. Секој пар добива по една книга. Еден учесник во парот е во улога на родител, а другиот – во улога на дете, па на даден знак во времетраење од 3 мин. „родителот“ му ја чита книгата на „детето“. Кога ќе истече времето, секој пар заеднички брои колку зборови биле прочитани, па се сумираат одговорите со сите. |
| Главна активност (30 мин.) | Фацилитаторот накратко зборува за важноста на читањето за развојот на детето.<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, па секоја добива по еден РЛ 7 и заеднички го пополнува. Кога сите ќе завршат, секоја група чита по ред во круг и одговара по едно прашање. Другите слушаат внимателно и дополнуваат само ако имаат нешто ново. По потреба се води дискусија – зошто некои аспекти се важни. |
| Дискусија (15 мин.) | 1. Како изгледа ситуацијата при читање книга кога детето е пасивен слушател, а како кога е активен слушател? Што прави родителот, а што детето притоа?<br>2. Која ситуација го развива детето? Кои пораки ги добива детето тогаш? Како се чувствува притоа? |
| Завршна активност (15 мин.) | Сите стојат во круг. Фацилитаторот ја чита приказната од РЛ 8, а другите треба да прават одредено движење секогаш кога во неа ќе се спомне даден збор, и тоа:<br>• принцеза – поклонување<br>• принц – салутирање<br>• Олаф – гушкање |

| Тема 5. | Рутините во нашето семејство |
|---|---|
| Цел | Разбирање на рутините како можности за учење и развој на детето |
| Потребен материјал | • РЛ 9: „Учење на детето преку учество во семејни рутини и ритуали“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• лаптоп и проектор – 1 |

| | |
|---|---|
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите се поделуваат во тројки и стојат во празен, широк простор. Најпрво се објаснуваат двата основни елементи во активноста:<br>• „куќа“ – двајца од тројката стојат држејќи се со рацете кренати високо над главите;<br>• „станар“ – еден од тројката стои помеѓу двајцата кои ја прават „куќата“.<br><br>Потоа сите тројки ја прават својата фигура на „куќа“ со „станар“ во неа. Еден, кој првично не припаѓа на ниту една тројка, стои на средината и јасно дава една од следниве инструкции која другите брзо треба да ја задоволат:<br>• „Куќите ги менуваат станарите!“ – двајцата од секоја тројка кои ја прават „куќата“ сè уште држејќи се за раце го напуштаат „станарот“ што го имаат и брзо бараат нов „станар“; за тоа време сите што се „станари“ стојат во место.<br>• „Станарите ги менуваат куќите!“ – сите „станари“ излегуваат од своите „куќи“ и брзо бараат нова „куќа“; „куќите“ при оваа инструкција стојат во место.<br>• „Земјотрес!“ – сите тројки се раздвојуваат и се формираат потполно нови тројки во кои двајца се „куќа“, а еден е „станар“ во таа „куќа“.<br><br>Оној што дава инструкција веднаш по нејзиното давање и самиот брза да влезе во некоја тројка (како „станар“ или како дел од „куќа“, зависно од дадената инструкција). Оној што нема да биде во ниту една тројка, е следен кој дава инструкција. |
| Главна активност (40 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот презентира видеозапис бр. 2 како пример кога рутината е можност за учење и развој на детето. За време на видеото, тој ги објаснува вештините кои ги има родителот (ги следи сигналите на детето, набљудува промени, ги толкува, одговара на сигналите).<br><br>Потоа секој добива еден РЛ 9, па фацилитаторот ја презентира содржината во цртежот.<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, па половина од нив го пополнуваат вториот дел од РЛ за едната опција (капење), а другата половина – за другата (пазарување). Кога сите ќе завршат, една по една група што работеле на иста опција во круг читаат по едно од напишаното додека да се исцрпат сите одговори. Другите внимателно слушаат за да нема повторување.<br><br>Некои можни прифатливи одговори се:<br>• капење: да истура, претура, прска, допира вода, допира сапун и пена, именува работи, воочува редослед на активности, учи топло-ладно, суво-мокро, учи да сочека, да биде одговорно...<br>• пазарување: како се планира пазарување, да нацрта список на намирници, да учи да носи торба, да учи комуникациски вештини (поздравување, прашување, |

| | |
|---|---|
| | одговарање...), како се мерат производи, како безбедно да се стигне до одредено место... |
| Дискусија<br>(15 мин.) | 1. Што учи детето преку неговото вклучување во семејните рутини и ритуали?<br>2. Кои пораки ги добива детето тогаш? Како се чувствува притоа?<br>3. Како родителот го обезбедува учеството на детето во семејните рутини и ритуали? Што добива самиот од тоа? |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите стојат во круг. Секој по ред покажува со пантомима некоја активност во домот, а ја именува како нешто сосем друго (пр.: покажува закачување алишта на јаже, а кажува „Правам ручек“). Следниот го покажува она што го кажал претходниот, а го именува како некоја друга активност. |

# 5. Работни листови

**РЛ 1: Научни сознанија за развојот на детето**

| | | |
|---|---|---|
| **10.Развојот на мозокот е кумулативен.**<br>Развивањето на едни капацитети е основа за подоцна да се развијат други. | Т | Н |
| **11.Во раниот период детето има најголеми можности за развој.**<br>Кога на детето му се овозможуваат квалитетен развој и учење порано, се обезбедуваат потрајни резултати. | Т | Н |
| **12.Средината не влијае врз развојот на мозокот.**<br>Мозокот кај детето не се развива зависно од тоа дали има позитивно, негативно или отсуство на физичко/психичко искуство со предметите, местата, а особено со луѓето од неговото опкружување. | Т | Н |
| **13.Детето се раѓа со потреба за социјално поврзување со други луѓе.**<br>Културата понатаму влијае како тоа поврзување ќе се развие – кои правила, начини и природа на социјална интеракција ќе се негуваат. | Т | Н |
| **14. Родителите се најважни учители на детето.**<br>Врз развојот и учењето на детето влијаат многу луѓе (роднини, соседи, другари, воспитувачи), но најмногу родителите (мајката и таткото), чија интеракција со детето е од најрана возраст и нуди најмногу можности за влијание, а искуството од неа потоа влијае на интеракциите на детето со другите од опкружувањето. | Т | Н |
| **15.Детето подобро се развива кога опкружувањето воспоставило силни афективни односи со него (грижа, љубов, сигурност, поддршка).**<br>Детето е поподготвено да ги открива и преиспитува разните карактеристики на опкружувањето и да се развива низ тој процес кога опкружувањето воспоставило топли, негувачки, респонзивни релации со него, водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето. | Т | Н |
| **16.Детето не се раѓа љубопитно.**<br>Детето не сака да учи и да сознава од самото раѓање. | Т | Н |
| **17. Детето се раѓа со компетенции.**<br>Детето не развива компетенции зависно од тоа колку квалитетно опкружувањето нив ги бара и дали го поддржува неговиот развој третирајќи го детето како полно со потенцијали за развој. | Т | Н |
| **18. Кога постои усогласеност во воспитното делување во семејството и во градинката, придобивките за детето се поголеми.**<br>Градењето квалитетна соработка и партнерство помеѓу семејството и градинката овозможува усогласување на нивните делувања, поттикнување ран развој на секое дете и поуспешен напредок. | Т | Н |

**РЛ 1: Научни сознанија за развојот на детето – одговори**

| | |
|---|---|
| **10.Развојот на мозокот е кумулативен.**<br>Развивањето на едни капацитети е основа за подоцна да се развијат други. | **Т** Н |
| **11.Во раниот период детето има најголеми можности за развој.**<br>Кога на детето му се овозможуваат квалитетен развој и учење порано, се обезбедуваат потрајни резултати. | **Т** Н |
| **12.Средината не влијае врз развојот на мозокот.**<br>Мозокот кај детето не се развива зависно од тоа дали има позитивно, негативно или отсуство на физичко/психичко искуство со предметите, местата, а особено со луѓето од неговото опкружување. | Т **Н** |
| **13.Детето се раѓа со потреба за социјално поврзување со други луѓе.**<br>Културата понатаму влијае како тоа поврзување ќе се развие – кои правила, начини и природа на социјална интеракција ќе се негуваат. | **Т** Н |
| **14. Родителите се најважни учители на детето.**<br>Врз развојот и учењето на детето влијаат многу луѓе (роднини, соседи, другари, воспитувачи), но најмногу родителите (мајката и таткото), чија интеракција со детето е од најрана возраст и нуди најмногу можности за влијание, а искуството од неа потоа влијае на интеракциите на детето со другите од опкружувањето. | **Т** Н |
| **15.Детето подобро се развива кога опкружувањето воспоставило силни афективни односи со него (грижа, љубов, сигурност, поддршка).**<br>Детето е поподготвено да ги открива и преиспитува разните карактеристики на опкружувањето и да се развива низ тој процес кога опкружувањето воспоставило со него топли, негувачки, респонзивни релации, водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето. | **Т** Н |
| **16.Детето не се раѓа љубопитно.**<br>Детето не сака да учи и да сознава од самото раѓање. | Т **Н** |
| **17. Детето се раѓа со компетенции.**<br>Детето не развива компетенции зависно од тоа колку квалитетно опкружувањето нив ги бара и дали го поддржува неговиот развој третирајќи го детето како полно со потенцијали за развој. | Т **Н** |
| **18. Кога постои усогласеност во воспитното делување во семејството и во градинката, придобивките за детето се поголеми.**<br>Градењето квалитетна соработка и партнерство помеѓу семејството и градинката овозможува усогласување на нивните делувања, поттикнување ран развој на секое дете и поуспешен напредок. | **Т** Н |

**РЛ 2: Што е позитивно родителство?**

Позитивно родителство е:
а) родителска грижа за детето да е здраво, безбедно, соодветно хрането

б) родителот да го **следи** детето и да **одговара** на неговите потреби и интереси

| 1-5 | ФАЗИ |
|---|---|
| 1 | Родителот се поврзува со детето (подготвен е емотивно да се вложи во него). |
| 2 | Детето има потреби (за исхрана, безбедност, социјално вклучување, когнитивна стимулација, регулирање и канализирање на емоциите). |
| 3 | Детето дава сигнали (насмевка, движења, гласови, гестови, вербални барања). |
| 4 | Родителот ги следи сигналите што ги дава детето, ги толкува и соодветно реагира на нив. |
| 5 | Детето учи и се развива. |

Кога родителот го следи детето и одговара на неговите потреби и интереси, тогаш детето чувствува емоционална сигурност, топлина, доверба, физичко и ментално здравје, наспроти стрес и анксиозност.

в) родителот да го **поддржува** детето да истражува и да комуницира со околината

| 1-5 | ФАЗИ |
|---|---|
| 1 | Родителот верува дека детето може да развие различни компетенции. |
| 2 | Родителот создава можности за детето од најрана возраст да учествува во разни активности соодветни на неговите развојни капацитети, искуство и интереси. |
| 3 | Детето учествува во разни активности. |
| 4 | Родителот го следи учеството на детето во активностите, го охрабрува и не ги потценува неговите компетенции гледајќи ги од сопствен агол. |
| 5 | Детето ги развива своите компетенции, а тие му овозможуваат во иднина поквалитетно да учествува. |

Кога детето учествува во разни активности, тоа чувствува дека неговото мислење е важно, развива меѓусебно почитување, гледа дека со своето учество може да доведе до промени, придонесува во нешто што родителите го сметаат за важно, развива самопочит, расудување, размислување, планирање, предвидување, способност да се изрази, да ги разбере другите, ја сфаќа меѓузависноста, гради одговорност, учи да решава проблеми...

**РЛ 3: Бинго**

| | | | |
|---|---|---|---|
| сакате да станувате рано (да или не) ______________ | имате брат/сестра (да или не) ______________ | најважен празник во семејството ______________ | социјална мрежа што најчесто ја користите ______________ |
| јадење што најчесто го јадете ______________ | следите политика (да или не) ______________ | пиете кафе со соседите (да или не) ______________ | знак во хороскоп ______________ |
| домашна обврска што најмногу ја мразите ______________ | живеете во куќа или во стан ______________ | омилена активност во слободно време ______________ | омилен вид музика ______________ |
| најмногу ве нервира кај луѓето ______________ | земја што сакате да ја посетите ______________ | парите од „седмица на лото“ би ги потрошиле на ______________ | најмногу се радувате кога ______________ |

**РЛ 4: Слика на моето дете**



**РЛ 5: Опис на моето дете**



**РЛ 6: Учење на детето преку игра**

1. **Детето забележува нешто интересно во опкружувањето, па:**

а) ја врти главата на страна и се прави како тоа да не постои.
б) гледа кон дразбата и му се раѓаат многу прашања поради будењето на природната љубопитност.

2. **По кратко време, детето:**

а) посакува активно да истражува за да дојде до одговор на прашањата.
б) си вели, „Баш ми е гајле, што сака нека е тоа!"

3. **Родителот го забележува пројавеното интересирање кај детето и:**

а) со радост, доверба, топлина и уважување на неговата перспектива го води низ тоа искуство зашто препознава дека тоа е шанса за детето да научи нешто.
б) се нервира му вели: „Аман, сè живо те интересира, раат да немам. Зарем баш сега најде, кога си имам попаметна работа!"

4. **Потоа родителот:**

а) отвора компјутер и му презентира на детето сè во врска со тоа што го заинтересирало со доволно стручни термини или му вели: „Кога ќе пораснеш, тогаш ќе ти кажам!"
б) започнува игра со детето зашто знае дека таа е најприродниот начин на учење за него.

5. **Играта ја почнува:**

а) секогаш родителот.
б) може да ја почне и детето повикувајќи го родителот преку разни сигнали (му приоѓа, зема/му додава играчка или некој предмет, покажува со прст, именува...).

6. **Ако родителот ја започнал играта, тогаш детето:**

а) доброволно се изјаснува дали сака да учествува.
б) мора да учествува.

7. **Кога детето си игра самостојно, тогаш родителот:**

а) никогаш не треба да се меша во играта.
б) може да се вклучи во играта со цел да ја прошири и продолжи преку додавање играчки или материјали, обезбедување простор, повикување на други да се вклучат.

8. **При играта, родителот:**

а) има главен збор; само тој зборува и одредува што и како да се одвива, а детето само слуша.
б) има дискретно водство; ги поттикнува љубопитноста, креативноста и желбата за игра на детето, му помага да го организира своето искуство преку внимателно следење и набљудување на играта, ја толкува, продлабочува и ја насочува играта кон тоа детето да стекне нови компетенции.

9. **Додека трае играта, детето:**

а) може да менува – да додава, да одзема.
б) не смее ништо да менува.

10. **Играта на родителот и детето може да се одвива:**

а) во секое време и простор.
б) во време и простор што претходно се прецизно договорени.

**11. Играта се игра:**

а) само со скапи играчки и сликовници.
б) со што било (овошје, зеленчук, садови, кутии, каменчиња, песок, гранки, листови, зборови, фотографии, книги, весници, столчиња...).

**12. Играта треба да биде таква што детето:**

а) ужива, се радува, се забавува, истражува.
б) се досадува, гледа во часовникот и одвај чека да заврши.

**РЛ 6: Учење на детето преку игра – одговори**

1. **Детето забележува нешто интересно во опкружувањето, па:**

а) ја врти главата на страна и се прави како тоа да не постои.

**б) гледа кон дразбата и му се раѓаат многу прашања поради будењето на природната љубопитност.**

2. **По кратко време, детето:**

**а) посакува активно да истражува за да дојде до одговор на прашањата.**

б) си вели, „Баш ми е гајле, што сака нека е тоа!“

3. **Родителот го забележува пројавеното интересирање кај детето и:**

**а) со радост, доверба, топлина и уважување на неговата перспектива го води низ тоа искуство зашто препознава дека тоа е шанса за детето да научи нешто.**

б) се нервира и му вели: „Аман, сè живо те интересира, раат да немам. Зарем баш сега најде, кога си имам попаметна работа!“

4. **Потоа родителот:**

а) отвора компјутер и му презентира на детето сè во врска со тоа што го заинтересирало со доволно стручни термини или му вели: „Кога ќе пораснеш, тогаш ќе ти кажам!“

**б) започнува игра со детето зашто знае дека таа е најприродниот начин на учење за него.**

5. **Играта ја почнува:**

а) секогаш родителот.

**б) може да ја почне и детето повикувајќи го родителот преку разни сигнали (му приоѓа, зема/му додава играчка или некој предмет, покажува со прст, именува...).**

6. **Ако родителот ја започнал играта, тогаш детето:**

**а) доброволно се изјаснува дали сака да учествува.**

б) мора да учествува.

7. **Кога детето си игра самостојно, тогаш родителот:**

а) никогаш не треба да се меша во играта.

**б) може да се вклучи во играта со цел да ја прошири и продолжи преку додавање играчки или материјали, обезбедување простор, повикување на други да се вклучат.**

8. **При играта, родителот:**

а) има главен збор; само тој зборува и одредува што и како да се одвива, а детето само слуша.

**б) има дискретно водство; ги поттикнува љубопитноста, креативноста и желба за игра на детето, помага тоа да го организира своето искуство преку внимателно следење и набљудување на играта, ја толкува, продлабочува и ја насочува кон тоа детето да стекне нови компетенции.**

9. **Додека трае играта, детето:**

**а) може да менува – да додава, да одзема.**

б) не смее ништо да менува.

10. **Играта на родителот и детето може да се одвива:**

**а) во секое време и простор.**

б) во време и простор што претходно се прецизно договорени.

**11. Играта се игра:**

а) само со скапи играчки и сликовници.

**б) со што било (овошје, зеленчук, садови, кутии, каменчиња, песок, гранки, листови, зборови, фотографии, книги, весници, столчиња...).**

**12. Играта треба да биде таква што детето:**

**а) ужива, се радува, се забавува, истражува.**

б) се досадува, гледа во часовникот и одвај чека да заврши.

**РЛ 7: Читање со детето**

Замислете ситуација во која родител и дете заедно „читаат“ книга. Тоа дете сте Вие!

Одговорете на прашањата подолу: како би сакале тоа да се одвива за Вие да се чувствувате пријатно, да Ви биде забавно и да ги развивате вашите компетенции.

1. **Како да изгледа просторијата во која заеднички ќе „читате“?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

2. **Како би сакале да седите со родителот?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

3. **Кој да ја држи книгата?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

4. **Што би сакале да можете Вие да правите со книгата?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

5. **Како да го чита текстот родителот за да ви биде интересно?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

6. **Дали би сакале да разговарате за тоа што го пишува во книгата? Дали би сакале слободно да се поставуваат прашања? Кој да ги поставува? Кој и како да ги одговара? Кога – за време и/или по читањето?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

7. **Дали би сакале секогаш само родителот да Ве повикува на заедничко „читање“ или и Вие да се чувствувате слободно тоа да го иницирате? Како би го иницирале? Од кои ваши знаци родителот може да види дека сакате заедно да „читате“?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

8. **Кој би сакале да одлучува што и кога да се чита?**

--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------

**9. Каде би сакале да стојат книгите? Во која просторија? На која висина?**

**10. Дали би сакале да видите книга преку која ќе запознаете некоја поинаква култура од вашата и деца со различни карактеристики и способности?**

**11. Што ќе добиете вие како дете од самата содржина на книгата, а што родителот со кого сте „читале“ заедно, онака како што сте напишале дека сакате погоре?**

**12. Освен книги, што друго може да „читате“ заедно со родителот?**

**13. Освен во домот, на кои други места во средината може заедно да „читате“?**

***Читајте со детето***
***од самото раѓање***
***барем по 15 минути***
***неколку пати неделно!***

**РЛ 7: Читање со детето – одговори**

Замислете ситуација во која родител и дете заедно „читаат“ книга! Тоа дете сте Вие!

Одговорете на прашањата подолу: како би сакале тоа да се одвива за вие да се чувствувате пријатно, да ви биде забавно и да ги развивате вашите компетенции.

1. **Како да изгледа просторијата во која заеднички ќе „читате“?**

   Исклучен телевизор, отстранување на другите дистракции...

2. **Како би сакале да седите со родителот?**

   Близу еден до друг; двајцата да може убаво да ја гледаат книгата, но и своите лица...

3. **Кој да ја држи книгата?**

   Двајцата.

4. **Што би сакале да можете Вие да правите со книгата?**

   Покажување, вртење страници, ставање во уста...

5. **Како да го чита текстот родителот за да ви биде интересно?**

   Со соодветна брзина и интонација, менување на гласот каде што е потребно...

6. **Дали би сакале да разговарате за тоа што го пишува во книгата? Дали би сакале слободно да се поставуваат прашања? Кој да ги поставува? Кој и како да ги одговара? Кога – за време и/или по читањето?**

   Да, разговор и прашања за време на читањето и по него, и двете страни слободно да може да поставуваат прашања, да се сочекува одговорот од детето, да се даваат јасни одговори од родителот.

7. **Дали би сакале секогаш само родителот да Ве повикува на заедничко „читање“ или и Вие да се чувствувате слободно тоа да го иницирате? Како би го иницирале? Од кои ваши знаци родителот може да види дека сакате заедно да „читате“?**

   Да може и детето да иницира така што вербално ќе го повика родителот или ќе ја покаже/донесе книгата...

8. **Кој би сакале да одлучува што и кога да се чита?**

   Детето.

9. **Каде би сакале да стојат книгите? Во која просторија? На која висина?**

   Во која било просторија каде што детето може слободно да им пристапи и на соодветна висина за да може да ги дофати.

10. **Дали би сакале да видите книга преку која ќе запознаете некоја поинаква култура од вашата и деца со различни карактеристики и способности?**

    Да, на тој начин детето се запознава со различности и гради нивно прифаќање како нормален дел од секојдневието и од светот.

11. **Што ќе добиете Вие како дете од самата содржина на книгата, а што родителот со кого сте „читале“ заедно, онака како што сте напишале дека сакате погоре?**

    Проширување на речникот, развивање на писменоста, експресивен јазик, развој на говорот, фантазија, критичко мислење, вежбање на концентрација, поттикнување на решавањето

проблеми, запознавање со сопствената и со други култури, со деца со различни карактеристики и способности...; чувство дека е вредно за внимание, чувство дека родителот се грижи за потребите и интересите на детето, забава...

**12. Освен книги, што друго може да „читате“ заедно со родителот?**

Проспекти од продавница, весници, списанија...

**13. Освен во домот, на кои други места во средината може заедно да „читате“?**

Во парк, во библиотека, во супермаркет, во книжарница, во јавен превоз...

***Читајте со детето
од самото раѓање
барем по 15 минути
неколку пати неделно!***

**РЛ 8: Приказна за принцезата, принцот и Олаф**

Некогаш одамна си живеела една **принцеза** и еден **Олаф**. **Принцезата** многу сакала да облекува убави фустани, а **Олаф** многу сакал да се гушка.

Еден ден во шумата се појавил еден **принц**. На **Олаф** не му се допаднал **принцот** зашто тој не сакал да се гушка, носел ловџиска пушка и се правел важен.

Но, **принцот** многу ѝ се допаднал на **принцезата** и таа се вљубила во него.

**Олаф** бил многу тажен и осамен.

Кога пристигнала зимата, **Олаф** здогледал една снегулка. Таа светкала и била преубава, а открил дека и таа многу сака да се гушка.

**Принцезата** забележала дека **Олаф** се вљубил и го замолила **принцот** да направи зимата да трае засекогаш. **Принцот** купил дворец на Северниот Пол, па таму среќно си живееле заедно до крајот на животот, **принцезата**, **принцот**, снегулката и **Олаф**.

**РЛ 9: Учење на детето преку учество во семејни рутини и ритуали**




Семејните рутини и ритуали ќе влијаат врз развојот на детето само ако:

- родителот овозможува учество на детето
- се игриви
- се прилагодени на возраста, карактеристиките, темпераментот и интересот на детето

**Напишете што може да научи детето ако родителот активно го вклучи во рутината на неговото капење/пазарување!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА „ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВОТО ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ДОМА“**

*Почитувани родители,*

*Пред Вас е Прашалник за евалуација кој е анонимен, па Ве замолуваме да дадете искрени одговори. Одговорите ќе се користат исклучиво за евалуација и унапредување на Програмата.*

*Ве молиме, за секое тврдење подолу да заокружите една бројка на скала од 1 до 4 која најдобро го изразува Вашето мислење.*

*1 – не се согласувам*
*2 – делумно се согласувам*
*3 – многу се согласувам*
*4 – целосно се согласувам*

*Ви благодариме однапред!*

| | **Тврдење** | **Оценка** |
|---|---|---|
| 1. | Програмата ги исполни моите очекувања | 1 2 3 4 |
| 2. | На работилниците го преиспитував моето родителство | 1 2 3 4 |
| 3. | Научив нови вештини (поврзи, следи, прифати) | 1 2 3 4 |
| 4. | Разменив искуства со други родители | 1 2 3 4 |
| 5. | Се чувствував пријатно и прифатено на работилниците | 1 2 3 4 |
| 6. | Сликата за моето дете сега е поинаква | 1 2 3 4 |
| 7. | Почесто читам со моето дете | 1 2 3 4 |
| 8. | Јасно ми е како да ги поттикнувам учењето и развојот на моето дете дома | 1 2 3 4 |
| 9. | Моите блиски гледаат промена | 1 2 3 4 |
| 10. | Чувствувам дека сум поуспешен родител | 1 2 3 4 |
| 11. | Подобро ги препознавам потребите на моето дете | 1 2 3 4 |
| 12. | Почесто си играм со моето дете | 1 2 3 4 |
| 13. | Гледам сили кај моето дете кои не ги препознавав порано | 1 2 3 4 |
| 14. | Моето дете гледа промена | 1 2 3 4 |
| 15. | Знам како стресот влијае на моето родителство | 1 2 3 4 |
| 16. | Кога нешто работам дома, знам како да го вклучам моето дете | 1 2 3 4 |
| 17. | Ја разбрав штетноста на физичкото казнување | 1 2 3 4 |
| 18. | Ги увидувам сопствените сили и силите на нашето семејство | 1 2 3 4 |
| 19. | Ја препознавам важноста на тоа двајцата родители да се грижат за детето | 1 2 3 4 |
| 20. | Размислувам како да се грижам за себе како родител | 1 2 3 4 |
| 21. | Знам што претставува и зошто е важен раниот развој на детето | 1 2 3 4 |
| 22. | Како родител, имам повеќе самодоверба | 1 2 3 4 |
| 23. | Во моето место на живеење има многу луѓе и ресурси на кои може да се потпрам | 1 2 3 4 |

На колку вкупно работилници сте присуствувале? ----------------



# СПЕЦИФИЧНА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ



# 1. Вовед

Поддршката на родителството се заснова на еднакво достоинство на родителите и децата, како и на квалитетна интеракција помеѓу детето и родителите од една страна и помеѓу практичарите и родителите од друга страна. Специфичната програма за поддршка на родителите на деца со пречки во развојот (во понатамошниот текст: Програма) настана како специфична програма чиишто клучни потпори се наоѓаат во позитивното родителство и во креирањето поттикнувачко опкружување за учење и за развој дома. Како составен дел од овој концепт, Програмата содржи теориски појдовни точки и конкретни стратегии што ќе им помогнат на родителите на деца со пречки во развојот да ги развијат родителските вештини и способности за позитивна интеракција со децата и да креираат можности за учење базирани на игри и на рутината дома. Постои силен консензус за тоа дека родителите се примарни и најважни учители на децата. Од раѓањето на детето семејството е вклучено во развојот и учењето на детето. Програмата поаѓа од разбирањето на фактот дека најраното учење и развој на детето се одвива во семејството и дека низ семејниот контекст се гради основата на учењето и развојот на детето во сите други контексти, меѓу кои еден од првите е градинката. Со програмата се промовира значењето на раниот развој, а со оглед на тоа што раниот развој е период на најголеми можности и најголема чувствителност, колку порано се обезбеди поддршка на квалитетното учество на родителите во поттикнувањето на развојот и учењето на детето, толку позитивните ефекти кај детето траат подолго. Иако оваа возраст е исклучително важна, се чини дека децата со пречки во развојот и нивните семејства во тој период не се доволно видливи и препознаени од страна на системот како корисници на кои им е потребна поддршка во развојот на родителската улога. На тој начин изостанува поддршката за родителот, а со тоа и на детето во остварувањето на неговиот целосен потенцијал. Затоа, освен вредностите: инклузија, насоченост кон односите, грижа за родителот, ненасилни стратегии за воспитување, поддршка на вклученоста на двајцата родители во грижата, Програмата промовира достапност и вклученост во системот за рано образование во Северна Македонија. Програмата предвидува домашна посета на семејства со цел допирање до семејствата на децата со пречки во развојот и поддршка на родителството. За да се обезбеди еднаквост и синергија на воспитните практики на родителите и на воспитувачите, потребно е програмите за поддршка на родителите на деца со попреченост да бидат интегрирани во постојната програма на предучилишната установа, како специфични и разновидни (СОВЕТОДАВЕН ЦЕНТАР НА РОДИТЕЛИТЕ). Таквата поддршка на родителството го поттикнува раниот развој на секое дете, придонесува за успешност при остварувањето на целите на програмите на предучилишните установи, за подобрување и унапредување на услугите, и претставува основа за квалитетна соработка и партнерство со семејството, за активно учество и градење мрежа за социјална поддршка на родителите на деца со пречки во развојот. Програмите за поддршка, на тој начин, стануваат достапни на сите родители, уважувајќи ги спецификите на семејниот контекст, и тоа преку зајакнување на капацитетите и чувствителноста на стручните соработници / практичарите во градинките за работа со родителите на деца со пречки во развојот. Програмата дава нов простор за работа со семејствата што не подразбира „чекање“ семејствата на деца со пречки во развојот да ги изразат проблемите, туку е проактивна. Насочена е кон превенција на социјалната изолираност и кон унапредување, видливост и достапност на услугите за поддршка на семејството, така што целокупната јавност да биде свесна за нив и да обезбеди координација на услугите и ресурсите.

Програмата е обмислена така што различните институции и организации (НВО, здруженија) во заедницата можат да ги спроведат и да ги интегрираат постојните интервенции и услуги за родителите градејќи мрежа за поддршка на родителите на деца со пречки во развојот во локалната заедница. Со Програмата им се менува перспективата на

стручните соработници во градинката, бидејќи бара преиспитување на сопствената практика и пренасочување на фокусот кон силите на семејството, под претпоставка дека сите семејства, дури и најранливите, имаат капацитети да го поттикнат развојот на детето. Чувството на ефикасност и компетентност во улогата на родител е еден од исходите на програмата кој бара постојана рефлексија и следење и оценување на програмата со цел градење практични и рефлексивни компетенции и професионална одговорност на сите вработени во градинката.

**Добредојде во Програмата за поддршка на родители на деца со пречки во развојот!**

# 2. Теориски основи на програмата

## 2.1. Односите и квалитетната грижа се темел на развојот на детето

*Значењето на односот родител – дете во раното детство* – Истражувањата покажуваат дека развојот на мозокот е кумулативен и мошне чувствителен на влијанијата од средината, така што раните искуства, опкружувањето и односите ги поставуваат темелите на подоцнежниот развој. Учењето и развојот не можат да се гледаат изолирано од физичкото и од психичкото опкружување, каде што **односите** имаат клучна улога во учењето. Познато е дека секоја интеракција (позитивна, негативна или отсутна) придонесува за развојот на детскиот мозок поставувајќи ги темелите за подоцнежно учење. Детето го доживува светот преку односите што ги воспоставува и ги развива, а тие односи го обликуваат и го одредуваат неговиот развој и учење. Почнувајќи од приврзаноста со примарниот негувател во најраната возраст, преку односите што детето ги развива со други возрасни и деца, односите се појдовна точки и потпора на кои почива целокупниот развој и учење.

*Како се гради односот?* Според теоријата за афективна поврзаност, приврзаноста се развива помеѓу родителот и детето, а почнува како збир на вродени сигнали што ги повикуваат родителите да дојдат кај детето (плач, насмевка, визуелен контакт и друго). Со постојаното повторување на интеракциите (сигнали и одговори на родителите на нив), со текот на времето се развива афективна поврзаност, за која придонесуваат когнитивните и емоционалните способности на детето и искуството на нежната и внимателна грижа (Berk, 2008). Доказите од истражувањата укажуваат на тоа дека најмногу позитивни ефекти врз развојот на детето се добиваат ако односите со *детето се топли, грижливи, респонзивни и водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето* (Shonkoff, Phillips, 2000). Старателскиот систем (caregiving system), заедно со системот на афективна поврзаност (attachment system), се развива кај родителите и има за цел да го заштити детето и да обезбеди квалитетна грижа за него (Bowlby, 1980 според Pianta, Marvin, Britner, & Borowitz, 1996). Овој систем во себе содржи внатрешни модели за улогата на родителите и за детето и определува кога треба да се активира и да му пружи заштита на детето, а кога да се деактивира (кога детето е смирено и заштитено), како и при какво однесување ќе се направи тоа. Во контекстот на грижата за детето со пречки во развојот, успешното функционирање на старателскиот систем може да биде нарушено, а со тоа да биде нарушен и развојот на сигурна афективна поврзаност, бидејќи сознанието дека детето има попреченост е трауматично и стресно. Родителскиот систем се активира за да ја оствари својата основна функција – да го заштити детето, меѓутоа родителот не може да го заштити детето од дијагнозата или попреченоста. Затоа, старателскиот систем е „принуден“ да се одбрани (George & Solomon, 2008). Оттаму, некои родители на деца со попреченост ја минимизираат или ја преувеличуваат попреченоста на детето, но и во едниот и во другиот случај стануваат помалку чувствителни, што доведува до развивање несигурни обрасци на поврзаност.

*Што е квалитетна грижа?* – Современото гледање на родителството во областа на раниот развој преку концептот на ***поттикнувачка нега*** ги дефинира најважните компоненти на квалитетната грижа за детето. Со тој концепт се нагласува дека за развојот и добросостојбата на децата, од најраното детство, најважно е опкружувањето во кое се соединуваат ***внимателната грижа***, насочена кон физиолошките, емотивните и социјалните потреби на детето, како и на неговата потреба за самостојност, и ***поттикнувачката грижа***, која обезбедува можности за учење засновани на истражување, игра и учество. Концептот на поттикнувачка нега (Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al., 2017) издвојува пет домени на поттикнувачкото опкружување, кои се меѓусебно испреплетени: грижа за здравјето, грижа за исхраната, респонзивна грижа, сигурност и безбедност, можности за учење во раното детство. Притоа, како клуч на концептот се препознава насоченоста на

родителите кон потребите на детето, нивната вештина да ги забележат, препознаат, разберат и да одговорат на нив, односно ***респонзивност.*** Родителите на деца со пречки во развојот (секако, не сите) што нема да успеат да ја редефинираат својата родителска функција се помалку насочени кон потребите на детето бидејќи или не ги гледаат сигналите на детето или погрешно ги толкуваат. Квалитетот на грижата е понизок бидејќи доминира или претераната грижа со постојана поддршка (несигурен/преокупиран образец) или превисоките очекувања од детето и барања за независност и самостојност (несигурен/избегнувачки образец). Изостанува доживувањето на поврзување на детето во достапноста и заинтересираноста на родителите и можноста да се потпре на водството и поддршката од родителите во истражувањето на светот околу себе, што е темел на учењето и на развојот на детето. Повратно, неуспехот во интеракцијата со детето им оневозможува на родителите подобро да го запознаат детето, да стануваат сè повешти, развивајќи ги родителските компетенции.

Во раната возраст, секоја ситуација се гледа како можност за учење. Значи, детето учи низ различни ситуации – игра (која му овозможува да истражува, да биде креативно, да манипулира со предметите околу себе), потоа да учи преку разни ритуали и рутини во семејството, како и во животните ситуации во кои учествува целото семејство. Програмата тргнува од фактот дека доколку постои стимулативно опкружување, учењето и развојот се случуваат во текот на целиот ден. Оттаму се нагласува важноста на развивањето на вештините на родителите да креираат такво опкружување **дома,** и тоа во следниве домени: *слободно време на семејството, учество во рутините, заедничка игра, разговор со детето и читање со детето.* Во контекстот на родителството на дете со пречки во развојот, што е изложено на разни третмани, интервенции, фактот дека родителот може дома да го поттикнува развојот во текот на целиот ден, низ секојдневната рутина и низ игра, е значаен поради тоа што ја афирмира неговата улога и го мотивира родителот да учи вештини за креирање поттикнувачко опкружување дома.

### 2.2. Темелни вредности на програмата

*Инклузивното образование* е основната вредност на Програмата и тоа се базира на социјалниот модел за образование на децата со пречки во развојот. Во рамките на овој модел, пречката не се смета само како проблем на поединецот туку и како проблем на општеството и на несоодветното работење на релевантните институции што треба да се менуваат заради обезбедување соодветни услови за развој и социјална вклученост на детето со пречки во развојот (Radoman, 2003). Резултатите од истражувањата покажуваат придобивки во социјалниот, емоционалниот, говорниот и когнитивниот развој на децата со пречки кои се вклучени во системот на раното образование, како и придонес кон помало чувство на стигматизација и поголеми капацитети за иницирање и одржување трајни интеракции со децата од генералното население (Henniger, Gupta, Henninger, & Vinh 2014; Banda, Hart, & Liu-Gitz, 2010). Достапноста на раното образование на децата со пречки во развојот им обезбедува соработка, партнерство, размена, чувство на припадност и прифатеност, запознавање со начините за поттикнување и поддршка на развојот и учењето на детето.

*Толеранцијата,* во поширока смисла, се одредува како „почитување, прифаќање и уважување на богатата разноликост [...] на начините на човековото постоење“ (Alzyoud et al., 2016:35). Учењето за толеранцијата и учењето на толеранција, односно учењето за да се знае и учењето за да се чини, учењето за да се живее заедно и учењето за да се постои (Delors, 1998) подразбираат негување на стекнатите, но и усвојување и развивање нови компетенции и искуства. Програмата силно ја поддржува социјалната партиципација и учество на сите деца и на нивните семејства во единствена заедница, поддршката на семејствата и на децата и градењето атмосфера на прифаќање и уважување. Оттаму, информирањето за Програмата и промовирањето на Програмата во основата го имаат градењето

заеднички вредности кај сите семејства, вклучувајќи ги и семејствата на децата со оптимален развој.

На *прифаќањето* на детето како компетентно му претходи вештината на *поврзување* со детето и на следење/запознавање со детето. Родителот што е заинтересиран емотивно да инвестира во детето, односно што е поврзан со детето, ќе го следи детето и ќе ги забележи и препознае сигналите на детето, соодветно ќе ги толкува и ќе даде соодветен одговор. Поврзувањето, следењето и прифаќањето на детето се основи на кои подоцна се гради и вештината на родителот да креира можности за учење и развој. Поврзувањето и следењето со/на детето како родителска вештина може да биде нарушено од невозможноста да се препознаат, соодветно да се толкуваат и да се разберат сигналите, што го отежнува давањето соодветен одговор на родителите на дете со пречки во развојот. Прифаќањето на детето е негативно поврзано со *родителскиот стрес,* што може да потекнува од доменот на детето (карактеристиките на детето условени од попреченоста или дијагнозата, тежината на болеста на детето) или од доменот на родителите (чувството на некомпетентност за улогата на родител, недостигот на социјална поддршка, економскиот статус, културолошкиот контекст).

Сознанието дека детето има попреченост е едно од најтрауматичните доживувања, кое влијае врз функционирањето на родителите, но и на односот кон детето, како помалку чувствителен. Фразата „тага поради загубата на совршеното дете" често се користи за опишување на процесот во кој родителите ги менуваат своите претстави за очекувањата од детето и ја прифаќаат сликата на своето дете со хронични здравствени тешкотии (Marvin & Pianta, 1996). Процесот на прифаќање бара когнитивна и емоционална обработка на траумата предизвикана од сознанието. Процесот на прилагодување и прифаќање на состојбата на детето бара когнитивна и емоционална обработка на доживеаното искуство од страна на родителите. Когнитивно, тие мора да ги разберат импликациите на дијагнозата на детето. Емоционално, мора да го доживеат, да го прифатат и да го изразат чувството на разочараност, жал, тага, лутина и вина за да можат да го сфатат значењето на информацијата дека нивното дете има пречка во развојот (Barnett, Clements, Kaplan-Estrin, Fialka, 2003). Прифаќајќи го тоа, родителите стануваат соработници и партнери фокусирани на детето, на неговите сили и на начините за поддршка на учењето и развојот во контекстот на попреченоста. Родителите што не го прифатиле тоа, ја немаат надминато кризата предизвикана од сознанието за попреченоста и развиваат несигурни обрасци на афективна поврзаност, односно премногу заштитнички или однос на отфрлање. Релативно тешко успеваат прецизно да ги толкуваат знаците на своето дете, а со самото тоа и соодветно да ја остварат својата старателска улога. Фокусирани на попреченоста, тие имаат или пониски или премногу високи очекувања од детето. Ризик од неприфаќање имаат сите семејства што се соочуваат генерално со интензивен стрес, особено со стрес поврзан со грижата за детето (хроничната болест, развојната попреченост на детето). Во овие семејства треба поинтензивно да се работи на прифаќањето на детето, но и на прифаќањето на себеси како родители, особено знаејќи дека во секоја нова фаза од развојот на детето (говор, проодување и друго), родителите доживуваат нови болни емоции поврзани со состојбата на детето (Barnett et al., 2003).

Разбирањето на (не)прифаќањето на попреченоста како фактор што влијае врз односот кон професионалецот е значајно во прифаќањето и поврзувањето со родителите на деца со пречки во развојот. Прифаќањето на родителот на дете со пречки во развојот како родител што е во процес на разрешувања, на професионалецот му овозможува, во соработка со родителите, да може да ја разбере перспективата на родителите, причината за непријатните емоции и однесувања, да нормализира, емотивно да се дистанцира и да се заштити од професионално согорување. Познавањето на концептот ги насочува професионалците кон силите на семејството, односно оние квалитети што му овозможуваат на

семејството успешно да ги надмине предизвиците на патот кон својата благосостојба (Mackay, 2003).

Родителите на деца со пречки во развојот се среќаваат со многубројни и мошне стресни предизвици. Предизвиците што се поставуваат пред семејството што одгледува дете со пречки во развојот се однесуваат како на физичките барања во врска со засилената потреба за грижа за детето, така и на барањата на емоционално ниво, поради исклучително тешките емоции што ги доживуваат родителите. Додека родителите на деца со оптимален развој се соочуваат со развојни кризи како што е, на пример, тргнувањето во градинка, и со развоен стрес, и родителите на деца со попреченост се соочуваат со истите, но и со дополнителни нераздвојни предизвици. На секоја развојна пресвртница (детето не зборува, нема проодено) се соочуваат со непријатни емоции (страв, загриженост, тага) и со барање за повторно редефинирање на своите очекувања од детето и на грижата. Истражувањето покажа дека редефинирањето е најчесто користената стратегија за надминување на стресот кај родителите на деца со церебрална парализа бидејќи тоа им помага родителите да ја редефинираат својата тешка ситуација за да ја направат посмислена и прифатлива (Krstic & Oros, 2012). Чувството на тага, страв, промената на очекувањата и на надежта за иднината, чувството на вина, одговорност и срам, изразената лутина насочена кон експертите што работат со детето, водат кон нарушено самопочитување и нарушена самодоверба и доверба на родителите во себе како некој што се грижи и штити. Тоа придонесува за постојано конфронтирање со потребите на детето, невозможност за чувствително препознавање на потребите на детето и нарушен квалитет на грижата за детето поради неприфаќањето на дијагнозата или попреченоста на детето.

Прифаќањето на особините, чувствата и однесувањето на детето и прифаќањето на себеси како родител, без осуда, помага да се разбере дека родителството носи различни предизвици. Ова прифаќање не значи откажување од одговорноста за воспитувањето и за водењето на детето туку препознавање на тоа дека предизвиците и грешките се составен дел на родителството. Родителите што не го прифаќаат тоа постојано се конфронтираат со потребите на детето бидејќи не можат чувствително да ги препознаат потребите на детето, што придонесува за нарушен квалитет на грижата. Неуспехот во интеракцијата со детето ги нарушува самопочитта и довербата на родителите во себеси како некој што се грижи и го штити детето.  Негативната процена на компетентноста на родителите води кој неприфаќање на себеси како родител, а како последица на тоа се јавува повлекување и дистанцирање од интеракцијата со детето, како и сè понизок квалитет на грижата.

*Учеството* на детето е условено и од убедувањата и вредностите што родителите ги имаат за детето. Кога детето се прифаќа како такво, со фокус на неговата сила, способности и вештини, тогаш и потенцијалите на воспитната практика на возрасните може да понудат мноштво можности за учество на детето во животот на семејството и во градинката. Децата учат низ учество во заедничките активности (семејни рутини, ритуали, игра) со возрасните и со други деца. Освен начините за поимање на детето, на учеството на детето влијае и знаењето на родителите за тоа како детето учи и квалитетот на односите со детето и околу детето. За родителот да го прифати детето со пречки во развојот и да му обезбеди учество, потребно е да ја редефинира својата родителска функција во кохерентна рамка (што значи да се биде родител на дете со пречки во развојот). Подеднакво важно е во фокусот да го има реалното дете, овде и сега, и да е насочен кон неговите сили. Доколку родителот има преголеми очекувања од детето, опкружувањето околу детето ќе бара премногу и детето нема да може да учествува. Наспроти тоа, доколку родителот пред детето поставува поттици што се помали во однос на неговата сила, учеството на детето нема смисла, не му претставува предизвик и детето не учествува. Вештината на добриот баланс помеѓу самостојноста и поддршката, познатото и непознатото им е тешка и на родителите на деца со оптимален развој. Учеството е клучен концепт во пристапот кон образованието засновано на човековите права. Иако Конвенцијата за правата на детето го

потенцира правото на образование на секое дете, со запишувањето во градинка детето остварува *пристап* до образование. Дури со активното учество во играта, учењето, рутините и ритуалите во градинката можеме да говориме за остварување на правото на детето на образование. Со оглед на тоа што учеството на детето сега во голема мерка го одредува учеството во иднината и процесот што овозможува учење, важно е да се отстранат пречките за учеството. Начинот на учество на децата е одреден од развојните капацитети на децата, од искуството и нивните интереси, возраста во контекстот на попреченоста. Респонзивноста и уважувањето од страна на блиските возрасни лица на кои наидуваат децата со пречки во развојот го зголемуваат и го поддржуваат развојот на компетенциите. Насочувањето на родителите кон силата на детето и кон капацитетите „сега и овде" е поддршка на прифаќањето и учеството на детето.

Значи, пречките за учество може да потекнуваат од возрасните, односно од нивните убедувања и нивниот начин на поимање на детето. На учеството на детето може да влијае и знаењето на родителите и на воспитувачките за тоа како учи детето (специфичен стил на учење, изразување, истражување), квалитетот на односите со детето и околу детето (презаштитеност/отфрлање). Презаштитеноста на детето го оневозможува учеството, исто како и отфрлувачкиот однос, бидејќи и во едниот и во другиот случај очекувањата на родителите нема да бидат усогласени со потребите на детето. Понекогаш, пречките за учество потекнуваат и од детето, од тежината на попреченоста па затоа важно е насочувањето на родителите кон силата на детето, што води кон прифаќање на детето и кон развивање на вештината да се креира опкружување во кое може да учествува детето. Познавајќи го фактот дека семејните рутини и функционирањето на семејството често се нарушени од грижата за детето со попреченост, важно е стручните соработници да го разберат контекстот на семејството и да се чувствителни.

Во иста мера со учеството и со прифаќањето на детето со пречки во развојот на релацијата дете – родител, професионалците, како паралелен процес, треба да развиваат вештини за прифаќање и учество на родителите на децата со пречки во развојот во градинката на релацијата родител – стручен соработник. Прифаќањето подразбира напуштање на традиционалниот пристап и на улогата на „експерт" што нуди знаење и премин кон современиот пристап и улога на партнери. Партнерскиот пристап на родителите значи дека родителите се вклучени во донесувањето на одлуките, дека нивното гледиште се вреднува и се уважува бидејќи тие се експертите што најдобро го познаваат своето дете. Во таа смисла, комуникацијата со родителите подразбира поврзување и следење на реакциите на родителите за да се разбере перспективата на родителите.

Оваа програма се фокусира на важната улога на родителите и старателите во обликувањето на поттикнувачкото опкружување, а несоодветните вештини на родителите се главни причини за *физичкото казнување* на децата. Истражувањата покажуваат дека децата со пречки во развојот имаат поголем ризик да бидат физички казнувани. Неприфаќањето на детето и фокусирањето на попреченоста води кон премногу високи или премногу ниски очекувања од детето со попреченост, што ги прави родителите поподложни на насилно реагирање. Позитивното родителство ги поддржува родителите во примената на ненасилни стратегии за воспитување со тоа што развива две важни вештини – *прифаќање на детето и водење на детето низ ситуациите* (давање структура). *Прифаќањето на детето* означува дека детето има доживување дека е сакано (покажување љубов), без оглед на околностите. Родителите на деца со попреченост, често пати, од попреченоста не го гледаат детето. Затоа е важно родителот да ги знае и да ги разбира однесувањето и емоциите на своето дете, да умее да се стави во позиција на детето, да ги препознае потребите и во однесувањето на детето да умее да препознае потреба, иницијатива и интерес. *Водењето на детето* низ ситуации значи на детето да му се дадат јасни упатства за очекуваните, безбедните и корисните однесувања, на детето да му се објаснат причините за некое барање на родителите и да се поддржи и да му се помогне на детето успешно да ги

совлада предизвиците, да биде позитивен модел и заеднички да ги решава предизвиците. Воспитувачите и негувателите можат да ги учат родителите на овие вештини и да моделираат соодветни ненасилни стратегии и вештини за решавање на проблемите.

Сознанието дека детето има пречки е трауматично и стресно за семејството. Некои луѓе „извлекуваат" позитивен психолошки раст од тешките животни искуства, не како резултат на чудо туку на одлучноста што е можно повеќе да ги надминат стресот и непогодите (Lazarus, 2003). Кај некои родители стресот е толку силен, што води кон доживување на целосна неможност и немоќ. Секојдневните стресови поврзани со улогата на родител на дете со пречки во развојот се зголемуваат, така што родителите сè повеќе се чувствуваат депресивни, беспомошни и безвредни (Crnic, Friedrich, & Greenberg, 2002). Зајакнатите барања на грижата околу детето со пречки во развојот може да имаат последици врз физичкото и **менталното здравје на родителите.** На родителите на деца со попреченост им е потребна поддршка за да ги завладеат стратегиите за надминување и канализирање на непријатните емоции, да побараат помош во поширокото семејство и ресурси од заедницата, да имаат лице од доверба, кое може да биде и стручниот соработник во градинката, како прва поддршка. Важно е да се биде чекор пред родителите и да се делува во согласност со стресот што го доживува родителот (на родителот да му се понудат стратегии за надминување на стресот) и да се овозможи интеракција, поврзаност и квалитетен однос помеѓу родителите и детето. Родителите на деца со пречки во развојот не се сигурни каков ќе биде исходот од здравствената состојба на детето и за прогнозата на неговиот иден развој, оптоварени се со почести медицински контроли и процедури, како и со специфичните барања условени од болеста на детето. Семејниот стрес може да биде зајакнат од негативните социјални ставови кон лицата со попреченост, потребата за продолжена физичка нега, од непознатата тага на родителите поради нереализираните очекувања, како и од финансиското оптоварување, одговорностите и грижите поврзани со иднината на детето во понатамошниот живот (Dyson, 1993, според Krstić, 2013). Освен тоа, доаѓа до редефинирање на улогите во семејството, на пример, дали мајката ќе се врати на работа и ќе има улога надвор од мајчинството или не, што може да доведе до намалување на приходите, но и до намалување на независноста на мајката (Langridge, 2002, според Krstić, 2013). Преоптоварени со грижата за детето со пречки во развојот, родителите се склони кон занемарување на себеси. Важно е да се разбере дека е невозможно да се создадат добри услови за развој на детето ако не се грижиме за родителите и старателите и ако не сме со нив со интензитетот што им е потребен. Постојат докази за тоа дека емоционалната добросостојба на родителите/старателите и менталното здравје на родителите се од клучно значење за квалитетната грижа и развој на детето. За да можат квалитетно да се грижат за децата со пречки во развојот, родителите мора да имаат некој друг што им дава поддршка и што се грижи за нив. Родителите што користат институционална поддршка полесно го надминуваат стресот, особено доколку нивното дете има потешка форма на пречки во развојот (Krstić & Oros, 2012). Оттаму, грижата за емоционалната добросостојба и менталното здравје на родителите подразбира поттикнување на родителите да се грижат за себе, да побараат поддршка и да ги унапредат своите вештини за надминување на предизвиците во родителството.

## 2.3. Семејните рутини и игри како можности за развој

Детето најдобро учи во односи што се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Ваквата врска помеѓу родителите и детето ја поттикнува спремноста на детето да учи со возрасниот. Поттиците се „кријат" во *секојдневните рутини на семејството, во слободното време на семејството, во ритуалите на семејството,* бидејќи се богати со предизвици и можности за учење и развој. На тој начин, повеќето домашни обврски може да станат можност за уживање и квалитетно поминато време со детето, време кога родителите може да ги извршат своите вообичаени обврски и

воедно на детето да му пружат низа драгоцени поттици за развој. Учеството на децата преку рутините и ритуалите во семејниот живот поретко се охрабрува во семејствата на децата со пречки во развојот (Mancini and Coster 2004; Rosenberg et al. 2010a). Можностите за детето да ги „искористи" поттиците ќе се потпрат на вештините за грижа за детето, па оттаму императив е родителите да се поддржат во учењето на вештините што ќе го унапредат квалитетот на односите помеѓу детето и родителите и квалитетот на грижата, со што се поставува основата на понатамошниот развој и учењето на детето. Вештините што треба да ги поседува родителот за рутините да станат можности за учење и развој се:

- Внимателно ги набљудува потребите на детето, следи на кој начин ги прикажува за што е можно подобро да се запознае со начинот на кој детето реагира во различни ситуации.
- Доследно одговара на сигналите на детето и му дава поддршка за да ги задоволи своите потреби.
- На каква било форма на иницијатива на детето (насмевка, движење, поглед, покажување со прст), родителот возвраќа (со насмевка, имитирање, насочување на вниманието кон предметот на интерес на детето, именување). На тој начин уште повеќе ќе се прошири интеракцијата и ќе се овозможат дополнителни можности за поттикнување на развојот.
- Внимателно следи што му го привлекло вниманието на детето, ја поддржува и ја поттикнува иницијативата во насока што ја води детето. На пример, доколку детето покаже со прст на сликовницата, родителот може да му каже: „Види, сликовница, ајде да читаме заедно".
- Му овозможува на детето да биде што е можно посамостојно во активностите што сака да ги извршува и да му биде поддршка во тој процес, до тој степен колку да му овозможи на детето услови да ја оствари својата цел, што е спротивно на извршувањето на активноста наместо детето. Согласно со тоа, важно е родителот да верува дека детето е компетентно и вешто, спремно да сознава и да се развива.
- Разговара со детето, му зборува на детето (ги именува работите што ги прави детето) и на детето му ги опишува различните ситуации во текот на преоблекувањето, подготовката на оброците, одењето на купување или при кои било други активности.

Освен веќе наведените родителски вештини со кои се гради поттикнувачко опкружување, важно е и физичкото опкружување да одговара на силата на детето. Чувствителниот родител умее учеството на детето да го прилагоди на контекстот на попреченоста, која не е ограничување за развивање поквалитетни односи туку бара поинакво физичко опкружување. Вештината на родителот да го овозможи и да го поддржи учеството на детето во рутините се потпира на прифаќањето на детето и на познавањето на интересите на детето и на спектарот на вештини што ги има за интеракција со околината. На пример, дете со оштетен вид може при вадењето алишта од машината да ги допира, да ги препознава и да ги именува деловите на облеката (што е големо, а што е мало, тешко, лесно, влажно и друго), заедно со топол родител кој му дава поддршка и кој рутината ќе ја претвори во игра и уживање. Таквата рутина изобилува со односи, размена на смеа, разговор, блискост со родителот, на детето му е забавна, има смисла за него, а ги поттикнува и развојот и учењето. Учеството на детето во рутините како поттик на развојот сигурно претставува новина за родителите на деца со попреченост, што ги мотивира родителите да завладеат со начините на кои на детето ќе му овозможат што е можно повеќе достапни поттици. Постоењето на рутините со игра и секојдневното поттикнување на развојот и на учењето во семејството, во текот на целиот ден, е важна информација за родителите на деца со пречки во развојот. Усвојувањето на вештините повратно иницира повеќе интеракции со детето, води кон преиспитување на сликата за детето (со фокус на силата на детето), ги гради родителските компетенции и му дава можност на родителот да го запознае детето и да ја реафирмира својата улога. Учеството во рутините на детето ќе му овозможи градење односи со родителот, чувство на припадност, придонес, развивање вештини и комуникација со возрасните во пријатно социјално доживување на семејството.

Детето учи играјќи си, а *учењето низ игра* значи создавање ситуации во кои детето може да си поигра со стекнатите искуства. Поттик на игра може да биде која било промена, новост, занимливост од околината, која му го привлекува вниманието на детето и детето сака да се занимава со неа. Оваа Програма ја промовира идејата сите деца да имаат пристап до висококвалитетна игра како можност за учење и развој на потенцијалите во семејното опкружување. Активностите како што се читањето, пеењето песни и танцувањето, движењето, играњето на игралиште, на излет претставуваат игра. Детето ќе учи за себе и за светот околу себе и ќе развива разни вештини низ игра секогаш во присуство на родителите и во интеракција со нив. Играта е активност што подразбира дискретно водство на родителот/возрасното лице, кое не ги гаси љубопитноста, креативноста и желбата на детето да си игра туку им помага на децата да го организираат своето искуство. Тоа од возрасните бара внимателно да ја следат и да ја набљудуваат играта на детето, да ја толкуваат, преиспитуваат, продлабочуваат и насочуваат кон стекнување нови знаења и вештини на родителството. Родителот што е поврзан со детето, го прифаќа детето, го следи детето (ги забележува, ги толкува сигналите на детето и му дава соодветен одговор), ја разбира перспективата на детето, внимателно набљудува, реагира на детето, разбира на што укажува однесувањето на детето, соодветно ги толкува интересирањата, чувствата, мислењата и намерите на детето, вешто креира учење низ игра. Во контекстот на растењето на детето со пречки во развојот, родителите понекогаш од попреченоста не го гледаат детето, односно не ги разликуваат потребите за згрижување од потребите за поддршка на развојот. Играта со детето која нема за цел детето да се поучи или да се состави сложувалка, туку се препознава како можност за интеракција, размена на блискост и уживање, е поттик за развој на детето. Читањето со детето како еден од ритуалите е вид учење низ игра (играње со зборови, ликови и друго), што претставува целосен поттик само кога подразбира интеракција со родителот. Книгата е само средство за добивање на вниманието на детето, а детето може да избере што и со кого сака да чита. Иако во почетокот на воведувањето, родителот го иницира читањето, подоцна учеството на детето подразбира читањето да го иницира детето (ќе ја донесе, покаже, земе книгата), што подразбира дека за учеството му е важна и достапноста на книгата на полицата или на подот. Исто така, детето има право да бира со кого и што сака да чита. Родителот треба вешто да одржува контакт лице в лице (да ги отстрани звуците, на пример, од телевизорот, и други пречки), да ја продолжува интеракцијата и да обезбеди физичка блискост (така што да може да му го гледа лицето на детето), како важни карактеристики на интеракцијата што му обезбедува уживање на детето во секоја активност, вклучувајќи го и заедничкото читање. Читањето со детето му дава можност на родителот да го следи детето, да ги забележи сигналите, да ги разбере сигналите на детето и соодветно да одговори на нив, вежбајќи ги своите вештини и родителски компетенции, да ги развива подготвеноста и вештината да ги следи потребите и реакциите на детето, потпирајќи се на иницијативата на детето, трпеливо да го сочека одговорот на детето и да го поддржува неговото учество и со тоа да ги постави темелите на сигурни, топли односи и позитивни искуства за детето. Родителот што умее да поставува прашања, да прави разни звуци што го следат говорот, од приказната да прави игра и да го прилагодува водењето низ читањето според тоа како децата стекнуваат разбирање и решаваат задачи, ќе го направи читањето можност богата со поттици за развој и учење. Затоа, читањето со детето се смета за форма на стимулација на развојот, особено важна за семејствата на децата со пречки во развојот.

## 2.4. Право на детето и на родителите на поддршка

Правото на секое дете на поттикнувачко опкружување произлегува од фактот дека раниот развој е период со најголема чувствителност и најголеми можности за учење и развој. Поддршката на раниот развој е препознаена како еден од приоритетите во следниве документи:

**Конвенцијата на ООН за правата на детето** истакнува дека детето има право да се развива до „најголема можна мерка" и дека земјите потписнички би требало да им обезбедат „соодветна помош на родителите и на законските старатели во извршувањето на нивните обврски за одгледување на децата и да обезбедат развој на институции, објекти и служби за грижа за децата."

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост** потсетува дека „доколку се откријат рано малите деца со попреченост и добијат поддршка, поверојатно е дека без проблеми ќе преминат во опкружувањето на предучилишното и основното инклузивно образование." Со оваа конвенција се нагласува и улогата на семејството во развојот на детето и улогата на државата во давањето поддршка на семејството.

**Целите за одржлив развој (ЦОР)** нагласуваат дека вложувањето во раниот развој на децата стана не само цел сама по себе туку и услов за остварување многу други цели на одржлив развој за искоренување на сиромаштијата и гладот и за унапредување на исхраната на децата, за обезбедување здрав живот, обезбедување доживотно учење, остварување родова рамноправност и намалување на нерамноправноста. Целите за одржлив развој ја опфаќаат следната сеопфатна цел за ран детски развој: „До 2030 година на сите девојчиња и момчиња да им се обезбеди пристап до квалитетна грижа, како и до предучилишно образование за да бидат подготвени за основното образование." Во таа смисла, Целите за одржлив развој претставуваат историска можност за приоретизирање на вложувањата во раниот детски развој.

**Насоките на ООН за алтернативната нега на децата** нагласуваат дека „организациите и надлежните органи треба да ги вложат сите напори за спречување на одвојувањето на децата од нивните родители и примарни старатели, освен ако тоа не го налагаат најдобрите интереси на детето" (член 154).

Родителите на деца со пречки во развојот или со хронични болести се соочуваат со големи предизвици, како што се обезбедувањето соодветни третмани и тераписки процедури за детето, но и со предизвици од социјална природа, како што се социјалната поддршка, изолацијата, исклучувањето (Leonard, Brust, & Nelson, 1993). Исто така, семејствата на деца со пречки во развојот често се соочуваат со социјална изолација поради стигматизацијата од страна на општеството. Некои родители имаат тешкотии поради состојбата на детето во однос на опкружувањето што влијае врз нивното сопствено чувство на идентитет. На тие родители може да им користат средби со други родители што имаат деца со пречки во развојот за да им се намали чувството на отуѓеност и за постепено да ги прифатат посебните околности на својот живот (Boström et al., 2010).

Во модерното време сите родители се соочуваат со бројни предизвици, на кои треба да им се додадат многубројните и повеќекратни предизвици на семејствата на децата со пречки во развојот. Во Програмата се нагласува дека процесот на учење за родителството е многу повеќе од образование бидејќи им помага на родителите да се афирмираат во улогата на родители и да го унапредат своето родителство. Начинот на давање поддршка на родителите е преку групна програма која се определува како процес што опфаќа проширување на увидот и разбирањето, стекнување знаења и вештини за развој на родителите, на нивните деца и на односите помеѓу нив. На родителите се гледа како на лица што имаат капацитет да учат од секојдневното искуство во својата родителска улога. Оттаму, како крајна цел на програмата за родители во современиот модел се истакнува „јакнењето на капацитетите", насочено кон активирање на силните страни, можностите и компетенциите на родителите за промени.

# 3. Клучни столбови на програмата

Специфичната Програма за поддршка на родителите на деца со пречки во развојот нуди родителски пристап, образовен концепт и специфични стратегии со кои се поддржува развивањето на родителските вредности, знаења, вештини за позитивна интеракција со децата.

За детето, ситуацијата на учењето, пред сè, значи постоење и достапност на интересен *ПОТТИК* што го тера детето да се *запраша.* Потоа, подразбира и можности детето да дојде до одговор на своето прашање следејќи ја својата природна *љубопитност*, својата заинтересираност, применувајќи го она што го знае и умее, *активно* истражувајќи, испробувајќи и манипулирајќи со она што смета дека се клучни чинители на појавата што му предизвикала интерес. Детето *активно управува* со својот процес на сознавање. Тоа ја менува реалноста и си ја прилагодува на себе за полесно да му најде „име" на она што се обидува да го разбере за да создаде околности во кои може да ужива во учењето и во кои учењето доведува до сигурни резултати. Не постои ниту една стимулација која сама по себе ќе доведе до скок во развојот ако нема возрасно лице што знае да ѝ даде име, да понуди значење, да го поведе детето низ искуството, да ја прошири играта, да ги продолжи интересот и истражувањето на детето. Детето најдобро учи во односите што се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Таквата врска помеѓу родителите и детето ја храни подготвеноста на детето да учи со некого и од некого.

Оваа програма подразбира дека *поттиците за учење и развој* се наоѓаат во рутините, играта, читањето со детето дома (учење за рутините и учење низ игра) бидејќи се богати со можности за развој, но само кога се темелат на интеракција со родителот. Оттаму, воспитната практика треба да се заснова на *учеството на детето во животот на семејството* и на *родителство без казнување.* Специфичната програма за поддршка на родителите на деца со пречки во развојот е конципирана врз основа на Програмата за позитивно родителство и ги содржи истите појдовни точки, темелни вредности и цели согледани низ призмата на родителството и грижата за детето со пречки во развојот. Имајќи ги предвид предизвиците и тешкотиите со кои се соочуваат родителите на деца со попреченост, оваа Програма претставува поинтензивно ниво на поддршка на родителството. *Грижата за дете со пречки во развојот, менталното здравје на родителите, родителскиот стрес, неприфаќањето на детето и улогата на родителите* се само некои од причините со кои се нарушуваат нивните вештини за создавање поттикнувачко опкружување за учење и развој на детето. Покрај вообичаените барања што ги наметнува родителството, семејствата што одгледуваат дете со пречки во развојот или со хронична болест се наоѓаат пред низа дополнителни, специфични задачи што произлегуваат од здравствената состојба на детето.

Тргнувајќи од важноста на *односите и на квалитетната грижа за детето,* оваа Програма силно ја нагласува важноста на можностите за учење во раната возраст, обезбедува можности за игра, разговор и читање со детето, учество во семејните рутини, во активностите на домаќинството и на семејството ,како и обезбедување пристапност и вклученост во програмите за рано учење (предучилишно воспитание и образование).

Како концепт, содржи група мерки што се преземаат со една цел – промовирање на учењето и развојот дома преку креирање на поттикнувачко опкружување. Освен физичкото (простор, време, играчки, материјали), таквото опкружување содржи и помалку видлива, но поважна компонента, а тоа се квалитетните односи на релацијата родител – дете, бидејќи односите се темел на развојот. Овие мерки подразбираат различни стратегии за поддршка на родителите со кои се *унапредуваат знаењата и вештините на родителите* за значењето на поттикнувачкото опкружување дома, се *дава поддршка на учењето и на развојот на детето дома* (со учење за рутините и учење низ игра) и се гради мрежа за

поддршка на *емоционалната добросостојба на родителите во контекстот на грижата за дете со пречки во развојот.* Секое семејство има рутини, ритуали и слободно време, па програмата е осмислена како пристап што има за цел да ги поддржи родителите на деца со пречки во развојот во креирањето поттикнувачко опкружување дома за развој на детето во сите области (когнитивен, емоционален, социјален, моторички и говорен развој).

Со програмата се промовира насоченост кон односите и поддршката на вклученоста на *двајцата родители* во грижата за детето. Најчесто мајките ја преземаат грижата за детето со пречки во развојот и бидејќи тешко наоѓаат соодветна помош во грижата за детето, голем број од нив престануваат да работат по раѓањето дете со пречки во развојот и нивното ангажирање главно е насочено кон грижата за детето (Krstić, 2013). Вклучувањето на двајцата родители во грижата има позитивни ефекти како врз развојот и учењето на детето така и врз градењето на родителските вештини на двајцата родители. Вклученоста на таткото е важна во контекстот на грижата за дете со пречки во развојот и бара поддршка за родителскиот сојуз. Начините на поддршка на односот мајка – татко може да бидат уважување на емоционалните потреби на двајцата родители, поголема вклученост на таткото во консултацијата со професионалците, краткорочна грижа и поддршка во секојдневните домашни обврски и помош околу некој од специфичните проблеми на детето (Bresford et al., 2007).

### 3.1. За кого е наменета оваа програма?

*Родителите (мајки и татковци) на деца со пречки во развојот* – за да ги совладаат стратегиите за надминување на родителскиот стрес, да се грижат за своето ментално здравје, да се поврзат со други родители што имаат слични искуства, за да ја разберат штетноста на физичкото казнување, да развијат вештини за прифаќање и учество на детето, да умеат да креираат поттикнувачко опкружување за учење и развој на детето дома низ рутини и игра, за поактивно да се вклучат во донесувањето на одлуките и на стратегиите за поддршка на детето и во животот и во работата на градинката;

*Родителите на деца со оптимален развој* – за да развијат чувствителност за различностите и да ги разберат перспективата и предизвиците на родителите на деца со попреченост; како партнери на градинката да придонесат во развојот на опкружување што обезбедува учество и вклученост на секое дете и секој родител;

*Локалната заедница* – за да се промовираат инклузијата и толеранцијата како вредности во заедницата и за да се изгради социјална поддршка на родителите на деца со пречки во развојот, заснована на постојните и понатаму развиените ресурси во заедницата.

# 4. Програма на работилниците за родители

### 4.1. Цел на програмата и исходи за родителите

Целта на програмата е зајакнување на капацитетите на родителите на деца со пречки во развојот за развивање поттикнувачко опкружување за развој и учење на детето. На работилниците родителите ќе имаат можност:

- Да ги преиспитаат своите родителски практики
- Да разменат искуства со родители
- Да учат едни од други
- Да се поврзат во чувството на припадност и прифатеност
- Отворено да комуницираат и да бидат активно вклучени во животот на градинката
- Да стекнат вештини за позитивно родителство
- Да стекнат вештини за ненасилни стратегии
- Да се грижат за себе
- Да совладаат стратегии за надминување на родителскиот стрес
- Да ја разберат важноста на „споделувањето“ на грижата и учеството на таткото

Од родителите на деца со пречки во развојот се очекува:

- Да се чувствуваат поуспешни и покомпетентни во улогата на родители (прифаќање на себеси како компетентен родител, понизок родителски стрес, промена на односите со детето, промена на однесувањето на детето, подобра саморегулација на бесот, помалку неприфатливи стратегии за воспитување, препознавање на своите сили и вештини)
- Да препознаат што е поттикнувачко опкружување и квалитетна грижа во контекстот на попреченоста (развиваат вештини за прифаќање и учество на детето)
- Да се чувствуваат уважени и компетентни во градинката
- Да се чувствуваат поддржани во заедницата (информираност за ресурсите, вклученост на поширокото семејство)
- Да развијат самодоверба (ненасилни стратегии, стратегии за надминување на стресот, грижа за менталното здравје)
- Да поминуваат повеќе време во забавни активности со детето (игра, читање, разговор, семејни рутини)
- Да ги препознаат своите силни страни и силните страни на семејството

### 4.2. Целна група

Оваа програма е наменета за родители (мајки, татковци, старатели, хранители и посвоители) на деца со пречки во развојот.

### 4.3. Повикување на родителите на обука

Родителите може да се повикуваат на обуката преку усна и пишана комуникација, плакати, летоци, преку групи на Вибер, со објавување повик на интернет-страницата на градинката, преку родителските состаноци, со користење на ресурсите за информирање во локалната заедница. Доколку постои потреба, пожелно е во текот на работилниците да се обезбеди чување на децата во градинката. Суштината на работилниците за родители е фокусирање на остварувањето на целта и содржината на работилницата со градење позитивна атмосфера преку уважување и припадност.

### 4.4. Структура на обуката

Темите на работилниците се:

1. *Нашето патување*

2. *Слика на моето дете*
3. *Тато и мама*
4. *Дали ќотекот излегол од рајот?*
5. *Се грижиме за родителот – се грижиме за детето*

Десетте работилници имаат смислен тек кон остварување на зададената цел и не можат да се реализираат поединечно, ниту по друг редослед. Подготовката на водителскиот пар подразбира поседување знаења и вештини за позитивно родителство, јасна поделба на улогите и заедничка одговорност за исходот и за остварувањето на целта. Пожелно е водителите на работилниците да се менуваат бидејќи тоа внесува динамика во работата. Пожелно е извештајот за работилницата да се состави веднаш по нејзината реализација. Просторот треба да е пријатен, доволно голем. Бројот на родители на работилницата не треба да надминува 15; начинот на реализација е еднаш месечно во време што ќе се договори заедно со родителите. Работилниците не треба да траат подолго од 1,5 час.

Структурата на работилницата подразбира:

*Воведен дел* – меѓусебно запознавање, вовед во темата и целта на работилницата, заедничко договарање за правилата за работа (паузи, користење на мобилните телефони, обраќање, дозвола за фотографирање итн.), како правила за меѓусебно уважување, слушање на другите и слично.

*Главен дел*

- Кратка стручна презентација (пишан прилог или презентација)
- Игри на улоги
- Активности и вежби (често со работен лист или пишан прилог)
- Размена на искуства, размислување, дискусија на ниво на група или во помали групи (двојки, тројки, четворки)

*Завршниот дел* подразбира игра за опуштање или активност за заокружување на темата и давање *домашна задача* со која се почнува следната работилница. Не треба да се инсистира сите да ја „пробаат“ стекнатата вештина дома, но пожелно е во текот на петте работилници сите да имаат шанса на ниво на целата група да ги изнесат своите согледувања и учења за детето.

## 4.5. Евалуација

На крајот од циклусот од пет работилници на родителите им се дава Лист за евалуација составен за потребите на вреднувањето на ефектите на работилницата. За водителскиот пар е составен посебен лист за евалуација. Двата начина за евалуација ќе бидат во форма на скала за процена и квантитативно ќе се обработат за Програмата и понатаму да се унапредува врз основа на добиените резултати.

## 4.6. Дисеминација

Дисеминацијата на програмата подразбира креирање јадро во градинката што ќе биде модел за ширење на програмата во другите градинки што не се опфатени со првата обука. Стручните соработници од другите градинки преку посети и хоризонтална размена ќе имаат можност да ја спроведат програмата во своите градинки, уважувајќи ги контекстот и културата на градинката.

## 4.7. Препорака

- Програмата „Наша приказна“, Центар за поддршка на раниот развој и на семејните односи „Хармонија“ – Нови Сад
- Програмата „Посетете нè“, Центар за поддршка на раниот развој и на семејните односи „Хармонија“ – Нови Сад

| Тема 1. | Нашето патување |
|---|---|
| Цел | Разбирање на промените и начините на прилагодување на промени |
| Потребен материјал | • РЛ 1: „Добредојдовте во Канада!“ – за секого<br>• голема хартија – 1<br>• маркери – 1<br>• селотејп – 1<br>• мала топка – 1 |
| Воведна активност (20 мин.) | Фацилитаторот и учесниците седат во круг. Фацилитаторот се претставува и се заблагодарува за присуството на учесниците. Потоа накратко ја објаснува програмата со нејзините цели и како е предвидено да се работи (колку работилници, нивно времетраење, методи на работа, динамика на средби).<br>Потоа заеднички се воспоставуваат правила кои ќе важат за сите работилници заради обезбедување успешна работа и добро чувство кај сите учесници (доаѓање навреме, активно учество во активностите, слободно изразување на мислење, почитување на туѓо мислење, употреба на мобилни телефони, фотографирање...) и се запишуваат накратко на голем лист хартија, кој се лепи на видно место во просторијата.<br><br>Потоа сите стојат во круг. На даден знак, започнува еден со додавање мала топка до следниот, при што истовремено го кажува своето име и така со ред додека таа да се врати кај тој што ја започнал активноста, без притоа да падне на земја. За тоа време, фацилитаторот го мери времето. Активноста се повторува неколку пати во обид да се постигне што подобар резултат на целата група. |
| Главна активност (30 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор:<br>1. Сетете се на бременоста – од моментот кога дознавте за неа, во текот на деветте месеци, до породувањето. За што размислувавте, што купувавте, што планиравте?<br>2. Кој беше со вас, кој ви даваше поддршка?<br>Потоа секој добива РЛ 1 и го чита. |
| Дискусија (20 мин.) | 1. Што прво би направиле во Канада?<br>2. Кое ваше претходно искуство би ви помогнало? Кои ваши вештини? Кои знаења?<br>3. Кој би ви помогнал од семејството? Како?<br>4. Дали верувате дека би успеале? |
| Завршна активност (10 мин.) | Сите стојат во круг, па еден по еден кажуваат какви чувства имале во текот на работилницата. |
| Домашна задача (10 мин.) | Секој го понесува со себе РЛ 1, па секаде во приказната зборот „Канада“ го заменува со името на своето дете. |

| Тема 2. | Слика на моето дете |
|---|---|
| Цел | Преиспитување на сопствените уверувања за детето |
| Потребен материјал | • РЛ 2: „Бинго“ – за секого<br>• РЛ 3: „Слика на моето дете“ – за секого<br>• РЛ 4: „Опис на моето дете“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секого<br>• боички – за секого |

| | |
|---|---|
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Потоа секој добива РЛ 2 и самостојно го пополнува. Кога сите ќе завршат, стануваат и на даден знак брзо бараат некој со различен одговор од сопствениот во дадено поле, па другиот се потпишува во полето. Еден ист учесник смее само два пати да се потпише на листот на некој друг. По еден собран потпис, брзо се бара следен потпис за друго поле. Секогаш кога некој ќе собере потписи во една низа (хоризонтална, вертикална или дијагонална), извикува гласно „Бинго!“<br><br>По десетина минути, играта се прекинува и се развива кратка дискусија:<br>1. Кој ги има сите 16 бинга (15, 14... и со ред надолу)?<br>2. За што ви беше најлесно да најдете некој да ви се потпише? А за што ви беше најтешко? |
| Главна активност<br>(40 мин.) | Сите седат во круг. Секој добива РЛ 3 и самостојно го црта своето дете, па под сликата пишува една кратка охрабрувачка или мотивациска порака упатена до детето во директен говор, со која сака да му даде поддршка на неговото патување низ животот. Потоа еден по еден го претставуваат цртежот пред другите кажувајќи: „Ова е... (името на детето)“ и ја читаат пораката.<br><br>Потоа секој добива РЛ 4 и самостојно го пополнува така што во соодветното поле пишува што неговото дете не/сака да гледа, слуша, зборува/кажува, прави, но и што го растажува, плаши и радува. Потоа во парови го споделуваат напишаното најпрво за еден дел, па потоа се преминува на следен. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Што мислите, како сликата за детето ги одредува вашите очекувања од него?<br>2. Како тие очекувања го одредуваат вашето однесување кон него? |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите стојат во круг, но до оној со кого претходно работеле во пар. Еден по еден во парот си упатуваат една кратка позитивна порака поврзана со она што досега го забележале кај другиот лично или со она што било напишано и разменето при работата на РЛ 4. Другите внимателно слушаат и даваат аплауз по секоја порака. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача сликата од детето што ја направиле да си ја понесат дома. |

| Тема 3. | Тато и мама |
|---|---|
| Цел | Разбирање на значењето на вклученоста на татковците во грижата за детето |
| Потребен материјал | • хартија – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секоја мала група |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата. |

| | |
|---|---|
| | Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Потоа сите стојат во круг. Започнува еден кој вели: „Тато!“ истовремено вртејќи ја главата кон десно. Тоа е знак за оној кон кого е упатен зборот да го пренесе зборот на истиот начин понатаму. Секој има право еднаш во активноста да рече: „Чкрип!“, што е знак сега да почне зборот „Мама!“ да се пренесува во спротивната насока додека некој повторно не рече: „Чкрип!“, па повторно да да се смени зборот и насоката на пренесување. Активноста е завршена кога сите во кругот ќе го искористат по еднаш правото на зборот „Чкрип!“ и еден ист збор ќе се пренесе низ целиот круг. |
| Главна активност<br>(50 мин.) | Сите се делат во мали групи. Половина од групите добиваат задача да опишат (и да запишат како приказна) една стереотипна мајка и што таа вообичаено прави (кои типични активности ги презема), поврзани со негата и развојот на детето од раѓање, до поаѓање на училиште, така што секоја реченица треба да ја започнат со „Таа...“. Другата половина групи работат на ист начин, но опишуваат стереотипен татко, а секоја реченица ја започнуваат со „Тој“. Некои можни активности за опфаќање во описот може да се: приготвување оброк, хранење, учење на детето да јаде самостојно, менување пелени, пресоблекување, носење во градинка, играње, учење да оди, да вози велосипед, да држи боичка...). Потоа секоја група ја чита својата приказна онака како што е напишана.<br><br>Потоа секоја група ја чита истата приказна, но така што зборот „таа“ секаде го заменува со „тој“ и обратно. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Како ви изгледаа извртените приказни? Зошто?<br>2. Зошто вообичаено мајките се вклучуваат во едни, а татковците во други активности?<br>3. Дали реално постојат разлики во нивните способности за грижа за детето?<br>4. Како би било идеално? Кога децата би се чувствувале поубаво? Зошто? Кога би се развиле повеќе?<br>5. Како може родителите да си помогнат во меѓусебното вклучување во активностите и во нивната рамноправна распределба? Што би добиле и тие од таквото споделено родителство? |
| Завршна активност<br>(5 мин.) | Сите се делат во парови. Еден во парот почнува со пантомима да прави разни домашни активности, а другиот го имитира. По некое време улогите се заменуваат. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | Родителите добиваат задача со својот партнер или некој друг близок да разменат искуства од детството во врска со тоа колку нивните татковци биле вклучени во грижата за нив кога биле деца. |

| | |
|---|---|
| Тема 4. | Дали ќотекот излегол од рајот? |
| Цел | Совладување стратегии за ненасилно воспитување |

| | |
|---|---|
| Потребен материјал | • РЛ 5: „Физичко казнување наспроти позитивно родителство“ – за секого<br>• РЛ 6: „Што наместо физичка казна?“ – за секого<br>• голема хартија – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секого<br>• боички – за секоја мала група<br>• селотејп – 1 |
| Воведна активност (20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br>Потоа секој добива РЛ 5, а фацилитаторот пред сите ја презентира содржината на цртежот за причините за физичко казнување.<br>Потоа сите се делат во мали групи, па секоја одговара на прашањата во РЛ, по што една по една група во круг читаат по едно од напишаното додека да се исцрпат сите одговори на првото, па на второто прашање. Во меѓувреме другите слушаат внимателно за да нема повторување.<br>Некои од можните прифатливи одговори се:<br>1. Неразбрано, бунтовно, исплашено, несакано, грешно, повредено...<br>2. Само моментално се менува однесувањето зашто таа нема содржина која ќе му каже на детето како поинаку да постапи во иднина.<br>Потоа фацилитаторот го презентира и вториот дел од истиот РЛ за позитивно родителство. |
| Главна активност (20 мин.) | Секој добива РЛ 6 и одговара на барањата во него. Потоа за секое барање се читаат по неколку одговори од доброволци и се анализираат за да се добијат такви кои се пожелни. |
| Завршна активност (15 мин.) | Сите се делат во мали групи, па секоја изработува по еден постер на тема: „Стоп за физичкото казнување на децата“. На крајот, секоја група го претставува својот постер пред останатите, па тие се закачуваат на видно место во просторијата. |
| Домашна задача (5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да понесат на следната средба ќебе или марама од детето, кое/која има некое посебно значење. |

| | |
|---|---|
| Тема 5. | Се грижиме за родителот – се грижиме за детето |
| Цел | Јакнење на свеста на родителите за важноста на грижата за себе во контекст на родителство |
| Потребен материјал | • марами и ќебиња од децата (донесени од учесниците)<br>• столчиња – повеќе (зависно од просторот) |
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на |

| | |
|---|---|
| | работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Секој накратко раскажува кој му го дал името и што тоа значи. |
| Главна активност<br>(30 мин.) | Сите седат во круг и се нагрнуваат со марамата или ќебето што го донеле, па еден по еден раскажуваат опфаќајќи ги следниве прашања:<br>1. Како дојде таа марама/ќебе во вашиот дом?<br>2. За што се користи марамата/ќебето?<br>3. Какви спомени имате со неа/него?<br>4. Какви чувства ви буди? |
| Дискусија<br>(20 мин.) | 1. Што значи за бебето кога ќе го завиткате/покриете со марама/ќебе?<br>2. Кој вам во сегашноста ви е „наметка со поддршка“ во вашето родителствување? Како?<br>3. Колку и зошто ви е важно тоа? |
| Завршна активност<br>(20 мин.) | Сите се делат во парови. На едниот во парот му се врзуваат/прекриваат очите со неговата марама/ќебе, а другиот го зема за рака и безбедно го води низ низа од столчиња кои треба да се поминат цик-цак. Потоа се улогите менуваат. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да размислат на кого му се тие „наметка со поддршка“ во семејството. |
| | На родителите им се дава лист за евалуација и сертификат. |

## 5. Работни листови

### РЛ 1: Добре дојдовте во Канада!

Јули е, на годишен одмор сте и патувате за Австралија. Очекувате дека сѐ ќе биде различно, се радувате, долго сте се подготвувале за тоа. Целото семејство едвај го чека тој настан, сите се возбудени, нетрпеливи. Веќе одамна сте ги купиле сите потребни работи, сте ги спакувале. Куферот е спремен, во него има сѐ што ви треба. Долго сте ја планирале Австралија. По школувањето и бракот, само Австралија ви беше во мислите. Знаете дека ќе успеете, а и ако има некакви предизвици, сите ќе ви помогнат. Кога ќе дојдете во Австралија, ќе ги видите и сите предизвици, но и сите можности. Можеби нема да постигнете сѐ што досега сте постигнувале да направите, нема да имате доволно време, но, сепак, Австралија е вашиот сон.

Авионот слета, вие излегувате и чувствувате дека сѐ е некако поинаку, ладно ви е и многу неизвесно. Ви кажуваат дека сте дошле во Канада. Објаснувате дека сте влегле во авион за Австралија, дека таму одите, но никој не ве слуша. Сите ви се смешкаат и ви велат дека сѐ ќе биде добро. Сопругот/сопругата ве гледа зачудено и тој/таа самиот/ата не верува, прашува каде сте згрешиле. Луѓето во околината се забрзани, никој нема објаснување што се случило. Ве повикуваат да ви честитаат што сте стасале во Австралија. Вие не умеете да им објасните, не ви се пријатни нивните повици. Ви доаѓа да плачете, да викате. Тогаш, погледнувате околу себе, ја гледате Канада и сфаќате дека тоа е една прекрасна земја. Не е топло како во Австралија, но е многу убава земја, сета е бела и светкава. Има магични моќи да ве задржи, развесели и смири. Во Канада не можете да се сончате, но можете да си играте цел ден на снег. Не можете да ги видите кенгурите, но затоа тука се лосовите. Можете да остварите сѐ што сте мечтаеле, но треба да ги промените начините за тоа како ќе уживате во Канада. Прво ќе го совладате јазикот. Затоа мора да се поврзете со Канада, да следите што ви зборува и да ја прифатите таа држава таква каква што е, со сите свои сили и слабости. Канада ќе ви стане семејство, затоа што вие тоа го умеете.

**Добредојдовте во Канада!**

**РЛ 2: Бинго**

| | | | |
|---|---|---|---|
| сакате да станувате рано (да или не) ______________ | имате брат/сестра (да или не) ______________ | најважен празник во семејството ______________ | социјална мрежа што најчесто ја користите ______________ |
| јадење што најчесто го јадете ______________ | следите политика (да или не) ______________ | пиете кафе со соседите (да или не) ______________ | знак во хороскоп ______________ |
| домашна обврска што најмногу ја мразите ______________ | живеете во куќа или во стан ______________ | омилена активност во слободно време ______________ | омилен вид музика ______________ |
| најмногу ве нервира кај луѓето ______________ | земја што сакате да ја посетите ______________ | парите од „седмица на лото“ би ги потрошиле на ______________ | најмногу се радувате кога ______________ |

**РЛ 3: Слика на моето дете**



**РЛ 4: Опис на моето дете**



## РЛ 5: Физичко казнување наспроти позитивно родителство

1. **Како се чувствува детето кога е физички казнето?**

-----------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------

2. **Дали физичката казна го учи детето како правилно да се однесува во иднина и да не го повтори однесувањето за кое е казнето? Зошто?**

-----------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------

**ПРИЧИНИ ЗА ФИЗИЧКО**

- **Неприфаќање на детето**

  (детето нема доживување дека е сакано)
- **Недостиг на знаење за детскиот развој**
- **Несоодветни очекувања од детето**

**ФИЗИЧКО КАЗНУВАЊЕ НА**

**ПРИФАЌАЊЕ НА ДЕТЕТО**
(детето има доживување дека е сакано без разлика на околностите)

Родителот:

- ги знае вештините и однесувањата на детето
- умее да се стави во негова позиција и да увиди како тоа размислува на таа возраст
- размислува за потребите на детето зависно од неговата возраст
- размислува за тоа како се чувствува детето
- ги препознава неговите потреби,

**ПОЗИТИВНО**



**РОДИТЕЛСТВО**

**ВОДЕЊЕ НА ДЕТЕТО НИЗ СИТУАЦИИ**

Родителот:

- јасно кажува кое однесување се очекува од детето и како тоа да е безбедно и корисно
- му објаснува на детето за причините за некое барање од него
- го поддржува и му помага успешно да ги совлада предизвиците
- заеднички ги решава предизвиците со детето
- самиот е позитивен модел за детето

**РЛ 6: Што наместо физичка казна?**

Време е за спиење. Играчките се на сите страни во собата и покрај тоа што веќе неколку пати сте му кажале на детето дека треба да ги собере. Тоа одбива да ги стави на место. Како можете успешно да го водите детето низ оваа ситуација наместо да биде физички казнето?

7. **Кажете му јасно дека сте лут/а, опишете го проблемот и нападнете го него (објаснете до кои последици може да дојде заради проблемот), а не детето!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

8. **Кажете ги јасно своите очекувања!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

9. **Покажете како може да се реши проблемот сега или во иднина (притоа може да внесете и игривост)!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

10. **Понудете избор!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

11. **(Ако продолжи несаканото однесување) Предупредете го детето за тоа што ќе следува (природна последица од однесувањето, но никако физичка казна)!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

12. **Доколку и понатаму продолжи несаканото однесување, бидете доследни на кажаното претходно.**

**РЛ 6: Што наместо физичка казна? – одговори**

Време е за спиење. Играчките се на сите страни во собата и покрај тоа што веќе неколку пати сте му кажале на детето дека треба да ги собере. Тоа одбива да ги стави на место. Како можете успешно да го водите детето низ оваа ситуација наместо да биде физички казнето?

7. **Кажете му јасно дека сте лут/а, опишете го проблемот и нападнете го него (објаснете до кои последици може да дојде заради проблемот), а не детето!**

   Многу сум лут/а што неколку пати те замолив да ги собереш играчките, а тие сè уште се на подот, на креветот, на масата. Ако останат вака, некој може да се сопне од нив, да згазне некоја и таа да се скрши, а и не може да си легнеш убаво во кревет полн со играчки.

8. **Кажете ги јасно своите очекувања!**

   Време е за спиење и веднаш треба да ги ставиш играчките на своето место.

9. **Покажете како може да се реши проблемот сега или во иднина (притоа може да внесете и игривост)!**

   Може да пуштам една песна и додека таа трае – да ги ставиш коцките во корпата, книгите на полицата, боичките во кутијата.

10. **Понудете избор!**

    Сакаш прво да ги средиш играчките, па да облечеш пижами или прво пижами, па средување играчки?

11. **(Ако продолжи несаканото однесување) Предупредете го детето за тоа што ќе следува (природна последица од однесувањето, но никако физичка казна)!**

    Доколку не ги ставиш играчките на место пред спиење и поради тоа некоја се скрши, овој месец нема да купиме нова. Парите за тоа се потрошени.

12. **Доколку и понатаму продолжи несаканото однесување, бидете доследни на кажаното претходно.**

**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА „ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ“**

*Почитувани родители,*

*Пред Вас е Прашалник за евалуација кој е анонимен, па Ве замолуваме да дадете искрени одговори. Одговорите ќе се користат исклучиво за евалуација и унапредување на Програмата.*

*Ве молиме, за секое тврдење подолу да заокружите една бројка на скала од 1 до 4 која најдобро го изразува Вашето мислење.*

*1 – не се согласувам*
*2 – делумно се согласувам*
*3 – многу се согласувам*
*4 – целосно се согласувам*

*Ви благодариме однапред!*

| | **Тврдење** | **Оценка** |
|---|---|---|
| 1. | Програмата ги исполни моите очекувања | 1 2 3 4 |
| 2. | На работилниците го преиспитував моето родителство | 1 2 3 4 |
| 3. | Научив нови вештини (поврзи, следи, прифати) | 1 2 3 4 |
| 4. | Разменив искуства со други родители | 1 2 3 4 |
| 5. | Се чувствував пријатно и прифатено на работилниците | 1 2 3 4 |
| 6. | Сликата за моето дете сега е поинаква | 1 2 3 4 |
| 7. | Почесто читам со моето дете | 1 2 3 4 |
| 8. | Јасно ми е како да ги поттикнувам учењето и развојот на моето дете дома | 1 2 3 4 |
| 9. | Моите блиски гледаат промена | 1 2 3 4 |
| 10. | Чувствувам дека сум поуспешен родител | 1 2 3 4 |
| 11. | Подобро ги препознавам потребите на моето дете | 1 2 3 4 |
| 12. | Почесто си играм со моето дете | 1 2 3 4 |
| 13. | Гледам сили кај моето дете кои не ги препознавав порано | 1 2 3 4 |
| 14. | Моето дете гледа промена | 1 2 3 4 |
| 15. | Знам како стресот влијае на моето родителство | 1 2 3 4 |
| 16. | Кога нешто работам дома, знам како да го вклучам моето дете | 1 2 3 4 |
| 17. | Ја разбрав штетноста на физичкото казнување | 1 2 3 4 |
| 18. | Ги увидувам сопствените сили и силите на нашето семејство | 1 2 3 4 |
| 19. | Ја препознавам важноста од тоа двајцата родители да се грижат за детето | 1 2 3 4 |
| 20. | Размислувам како да се грижам за себе како родител | 1 2 3 4 |
| 21. | Знам што претставува и зошто е важен раниот развој на детето | 1 2 3 4 |
| 22. | Како родител, имам повеќе самодоверба | 1 2 3 4 |
| 23. | Во моето место на живеење има многу луѓе и ресурси на кои може да се потпрам | 1 2 3 4 |

На колку вкупно работилници сте присуствувале? ----------------



# СПЕЦИФИЧНА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА ОД РАЗЛИЧНИ МУЛТИКУЛТУРНИ СРЕДИНИ



## 1. Вовед

Мултикултурализмот е одлика на модерното време која бара деликатност во креирањето на секој аспект на образованите политики, а со тоа и на предучилишното образование, така што ќе се задржи автентичноста на одредена култура. Семејствата меѓусебно се разликуваат по многу карактеристики, па и по своите семејни култури, а тоа влијае врз искуствата на детето. При изборот на соодветни начини за поддршка за родителите, потребно е да се уважат културолошките разлики во односите на моќта, работата / вработувањето, ставот спрема градинката, ставот спрема детството, социјалните искуства, вредностите и начините на дисциплинирање (Stacy Jork, 2003).

Специфичната програма за поддршка на родители на деца од различни мултикултурни средини (во понатамошниот текст: Програмата) е конципирана врз основа на Програмата за позитивно родителство и на Програмата за поддршка на семејството за учење и развој дома и ги содржи истите појдовни точки, темелни вредности и цели согледани низ призмата на родителството во мултикултурно опкружување кое ги уважува специфичностите на секоја култура присутна во Северна Македонија (Македонци, Албанци, Роми, Турци, Срби, итн.). Учеството на семејството во градинката е многу повеќе од учество во разните настани и активности во градинката. Родителите се „првите учители" на детето, па партнерството со родителите е важно за децата да не бираат помеѓу културата на градинката и културата на семејството. Учењето за културата на секое дете ја зајакнува компетентноста на стручниот соработник и придонесува за разбирање на специфичноста и за прилагодување на програмата кон секое дете и тоа кај децата развива чувство на прифаќање и припадност и ја спречува социјалната исклученост. Ставовите и убедувањата на возрасните често се обоени со предрасуди, поради што не само што ги намалуваат очекувањата од децата туку и помалку ги вреднуваат улогата и компетенциите на родителите. Вклучувањето на секое семејство во планирањето и донесувањето на одлуките што се однесуваат на нивните деца, секојдневното добредојде, вклучувањето на родителите во активности што го унапредуваат учењето и развојот на децата, прифаќањето на родителските иницијативи и друго, се начини за родителите да станат дел од „заедницата што учи". Освен можноста професионалците да се запознаат со семејството и да учат од него, се обезбедува интересите, знаењата, вредностите и културата на семејството да бидат интегриран дел од процесот на учење на децата.

**Добредојде во Програмата за поддршка на родители на деца од различни мултикултурни средини!**

# 2. Теориски основи на програмата

## 2.1. Односите и квалитетната грижа се темел на развојот на детето

Почнувајќи од важноста на **односите и квалитетната грижа за детето,** Програмата ја потенцира важноста на креирањето можности за учење во раната возраст, за обезбедување можности за игра, разговор и читање со детето, учество во семејните рутини, активностите на домаќинството и на семејството, како и за обезбедување пристапност и вклученост во програмите за рано учење (предучилишно воспитание и образование).

*Значењето на односот родител – дете во раното детство* – Истражувањата покажуваат дека развојот на мозокот е кумулативен и мошне чувствителен на влијанијата од средината, така што раните искуства, опкружувањето и односите ги поставуваат темелите на подоцнежниот развој. Учењето и развојот не може да се гледаат изолирано од физичкото и од психичкото опкружување, каде што **односите** имаат клучна улога во учењето. Познато е дека секоја интеракција (позитивна, негативна или отсутна) придонесува за развојот на мозокот на детето поставувајќи ги темелите за подоцнежно учење. Детето го доживува светот низ односите што ги воспоставува и ги развива, а тие односи го обликуваат и го одредуваат неговиот развој и учење.

*Како се гради односот?* Според теоријата за афективна поврзаност, приврзаноста се развива помеѓу родителот и детето, а почнува како збир на вродени сигнали што ги повикуваат родителите да дојдат кај детето (плач, насмевка, визуелен контакт и друго). Со постојаното повторување на интеракциите (сигнали и одговори на родителите на нив), со текот на времето се развива афективна поврзаност, за што придонесуваат когнитивните и емоционалните способности на детето и искуството на нежната и внимателна грижа (Berk, 2008). Доказите од истражувањата укажуваат на тоа дека најпозитивни ефекти врз развојот на детето се добиваат ако односите со *детето се топли, грижливи, респонзивни и водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето* (Shonkoff, Phillips, 2000).

*Што е квалитетна грижа?* – Современото гледање на родителството во областа на раниот развој преку концептот на ***поттикнувачка нега*** ги дефинира најважните компоненти на квалитетната грижа за детето. Со тој концепт се нагласува дека за развојот и добросостојбата на децата, од најраното детство, најважно е опкружувањето во кое се соединуваат ***внимателната грижа***, насочена кон физиолошките, емотивните и социјалните потреби на детето, како и на неговата потреба за самостојност, и ***поттикнувачката грижа***, која обезбедува можности за учење засновани на истражување, игра и учество. Концептот на поттикнувачка нега (Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al., 2017) издвојува пет домени на поттикнувачкото опкружување кои се меѓусебно испреплетени: грижа за здравјето, грижа за исхраната, респонзивна грижа, сигурност и безбедност, можности за учење во раното детство. Притоа, како клуч на концептот се препознава насоченоста на родителите кон потребите на детето, нивната вештина да ги забележат, препознаат, разберат и да одговорат на нив, односно ***респонзивност.***

За време на раната возраст, секоја ситуација се гледа како можност за учење. Значи, детето учи низ различни ситуации – игра (која му овозможува да истражува, да биде креативно, да манипулира со предметите околу себе), потоа учи низ разни ритуали и рутини во семејството, како и во животните ситуации во кои учествува целото семејство. Програмата поаѓа од фактот дека доколку постои поттикнувачко опкружување, учењето и развојот се случуваат во текот на целиот ден. Оттаму се нагласува важноста на развивањето на вештините кај родителите да креираат такво опкружување **дома**, и тоа во следниве домени: *слободно време на семејството, учество во рутините, заедничка игра, разговор со детето и читање со детето.* Во контекстот на семејствата од различни мултикултурни средини, фактот што родителот може да го поттикнува развојот во текот на целиот ден, преку секојдневните рутини и игри во домот, е значаен бидејќи ја афирмира неговата улога и го мотивира родителот да учи вештини за креирање поттикнувачко опкружување дома. При изборот на соодветни начини за поддршка на родителите потребно е да се уважат културолошките разлики во односите на моќта, работата/вработувањето, ставот кон

градинката, ставот кон детството, социјалните искуства, вредностите и начините за дисциплинирање (Stacy Jork, 2003). Тоа подразбира дека културните различности се пренесуваат на стратегиите на Програмата, односно се уважува контекстот на културата на семејството. Иако родителските вештини што ги развива Програмата се еднакви за сите, можностите за учење и развој на детето, односно игрите, книгите, семејните рутини, ритуалите на семејството, се прилагодуваат на културата во која припаѓа семејството.

## 2.2. Темелни вредности на програмата

*Мултикултурализмот* подразбира дека на исто подрачје постојат повеќе различни култури. Различноста на културите, јазиците и традициите се смета за вредност. Тејлор (2003) тврди дека за да го признаеме достоинството на луѓето, мора да ги признаеме културите на коишто им припаѓаат. Во разбирањето на културата во Програмата се користи разликување неколку нивоа на изразување на културните особености (Hidalgo,1993). Првото ниво е *конкретното ниво* на изразување на културните особености и се однесува на сѐ, иако забележителни се елементите на културата како облеката, музиката, храната, игрите итн. Второто ниво е *нивото на однесувањето* и се препознава по општествените улоги што постојат во една култура, по вербалната и невербалната комуникација, по начинот на однесување кон припадниците на некоја друга култура или според припадниците на истата култура, но од спротивниот пол или со друга општествена положба и слично. Однесувањето е одраз на сето она што го чини подлабокото, симболичко ниво на дадената култура. Третото ниво е *симболичкото ниво* и тоа ги опфаќа сите вредности и верувања карактеристични за дадената култура. Тие длабински компоненти на културата се изразуваат и во однесувањето на нејзините припадници и во тоа како играат одредени општествени улоги, во тоа како зборуваат итн.

*Толеранцијата,* во поширока смисла, се одредува како „почитување, прифаќање и уважување на богатата разноликост [...] на начините на човековото постоење" (Alzyoud et al., 2016: 35). Учењето за толеранцијата и учењето на толеранција, односно учењето за да се знае и учењето за да се чини, учењето за да се живее заедно и учењето за да се постои (Delors, 1998) подразбираат негување на стекнатите, но и усвојување нови компетенции и искуства. Со Програмата силно се поддржува социјалната партиципација и учеството на сите деца и нивните семејства во единствена заедница, им се дава поддршка на семејствата и на децата во градењето атмосфера на прифаќање и уважување. Оттаму, информирањето за Програмата и промовирањето на Програмата во основата го имаат градењето заеднички вредности кај сите семејства.

На *прифаќањето на детето,* на неговите вештини, интереси, реакции, му претходи поврзувањето со детето (спремност на родителот емотивно да инвестира во детето), како и следењето на однесувањето на детето (на сигналите), а со тоа и запознавање со детето. Поврзувањето, следењето и прифаќањето на детето се основа на која подоцна се гради и вештината на родителот да создава можности за учење и развој. На вештината за прифаќање на детето силно влијае и сликата за детето, детството, воспитувањето и образованието на одредена култура. Кога детството во културата е одредено како периодот до петтата година на детето, воспитните практики на родителите во семејствата ќе подразбираат помалку шанси за учество и придонес на детето во семејните рутини. Ако независноста е вредност во воспитувањето во културата, родителите поретко ќе создаваат можности за заедничка игра, очекувајќи детето да си игра самостојно. Доколку индивидуализмот е вредност во семејството, прифаќањето на детето од родителите такво „какво што е" не треба да се толкува како недостиг на интерес кај родителите.

*Учеството* е клучен концепт во пристапот кон образованието засновано на човековите права. Иако во Конвенцијата за правата на детето се потенцира правото на образование на секое дете, со запишувањето во градинка детето го остварува пристапот до образование, но, сепак, дури со активното и смислено учество во играта, истражувањето, учењето, рутините и ритуалите во градинката можеме да зборуваме за остварување на правото на детето на образование. Оттаму, опкружувањето во градинката треба да ги уважува различностите и специфичностите на секое дете и на секое семејство. Со оглед на тоа што учеството на детето во сегашноста во голема мера го одредува учеството во иднината и процесот што овозможува учење, важно е да се отстранат

пречките за учеството. Начинот на учество на децата е определен со развивањето на капацитетите на децата, со искуството и нивните интереси, па важно е стручните соработници да развиваат чувствителност на специфичноста и уважувањето на културата на секое семејство. Видливоста на одредени семејни рутини, игри, ритуали им овозможува на професионалците да го определат учеството на детето во градинката и во семејството. Притоа не треба да се поаѓа од различностите туку од сличностите на целите и на начинот на поддршка на родителите што ќе бидат интегрирани во семејната култура. Некои култури силно ја нагласуваат важноста на заедницата, придонесот и учеството на децата во рутините, децата се многу самостојни и се грижат едни за други. Таквата самостојност треба да биде поддржана и во градинката бидејќи обезбедува смислено учество на детето (се грижат за јаслите, за материјалите, за билките и др.) и чувство дека е дел од заедницата во градинката. И слободното време на семејството, одморите и прошетките се можност за децата да запознаваат други култури низ заедничка игра. Читањето со детето од друга култура подразбира чувствителност на професионалецот на книгите, приказните, бајките специфични за одредена култура, за читањето да се заснова на квалитетна интеракција воспитувач – дете или родител – дете. Кога во семејството нема книги, а за културата специфично е усно пренесување на традициите и на знаењата, децата се навикнати да слушаат веснички, да кажуваат приказни, често пеат, па важно е да се зајакнуваат родителските вештини во текот на ритуалите на раскажување и пеење. Слободното време на семејството и различните ритуали може да станат можност за учење и развој кога професионалецот ќе ги препознае специфичностите, ќе се поврзе со родителот и ќе ги прифати. Во некои култури возрасните не си играат со децата, вниманието на родителите е насочено кон учење конкретни вештини применливи во работата (собирање секундарни суровини, семејни занаети и др.), но и таквите ситуации може да станат можност за развој и учење. Стручниот соработник ги поддржува родителите низ заедничко разбирање на вредностите на играта. Играта не подразбира дополнително време, родителот може да ги поттикнува развојот и учењето на детето дома во текот на целиот ден и да го поддржи развојот на вештини така што секоја рутина ќе стане можност за учење и развој на детето.

За семејствата од ***мултикултурни средини*** потребно е да се развие чувствителност на стручните соработници за разбирање на семејниот контекст, култура, јазик и традиција и согласно со тоа да се планира учењето на децата во рутините и учењето низ игра, уважувајќи ги специфичностите на културата. Веќе кај играта, читањето со детето (вид на книги, јазик) и одредените рутини можат да се најдат специфични карактеристики што претставуваат суптилна форма на култура. Така, на пример, во текот на играта може да се утврдат главните специфичности, почнувајќи од видот на кукли и играчки, разговорот помеѓу соиграчите, улогите што ги добиваат, материјалите за игра, вклучувањето или исклучувањето на возрасен, опкружувањето што се создава, утврдувањето на тоа дали играта е соодветна или не е соодветна, итн. Овие карактеристики, според претставниците на културно-еколошката теорија, ја прават видлива и мерлива специфичноста на играта во различни културни контексти. Секоја игра и книга содржи т.н. скриени вредности, перспективи, пристапи и односи што зависат од различните социокултурни односи. Играта и видовите играчки, исто така, ги одразуваат културата и традицијата на едно семејство, што професионалецот треба да ги уважи при создавањето поттикнувачко опкружување за развој и учење на детето дома, но и во градинката. Сите овие активности можат да потекнуваат од возрасните, односно од нивните убедувања и начини на поимање на детето, но и од улогите во семејството и од пристапот и поимањето на детето во семејството.

За да го разберат опкружувањето во кое расте детето, стручните соработници и практичари мора да излезат надвор од границите на просторот на градинката, да влезат во семејството, да научат нешто за посебноста на секое семејство. Еден од начините за запознавање со културата, рутините, улогите и динамиката на семејството се остварува преку **домашни посети,** како форма на соработка со семејството, насочена кон интензивна размена на информации со семејството со цел зајакнување на воспитната функција на семејството, остварување континуитет на поттикнувачкото опкружување и поддршка на учењето и развојот на детето. Домашните посети даваат можност да се унапредат знаењето и информираноста на родителите, да се постигнат промени во ставовите или однесувањето на родителите, да се промовираат здравјето и развојот на детето како приоритет во семејството, да се подобри квалитетот на животот на старателот (намалување на стресот, социјална поддршка, физичко здравје, материјална состојба,

образование (Home visitation, 2005; Gomby i sar, 1991)). Во контекстот на Програмата, домашните посети овозможуваат видливост на семејното опкружување во кое живее детето (игри, играчки, рутини, ритуали, улоги), процена на потребите и на силните страни на семејството, градење партнерство со семејството (поврзување, следење, прифаќање, учество), поддршка на развојот на детето преку советување и моделирање вештини за создавање поттикнувачко опкружување за учество на детето во рутините и во играта.

## 2.3. Семејните рутини и игра како можности за развој

Детето најдобро учи во односи што се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Ваквата врска помеѓу родителите и детето ја поттикнува спремноста на детето да учи со возрасниот. Поттиците се „кријат" во *секојдневните рутини на семејството, во слободното време на семејството, во ритуалите на семејството,* бидејќи се богати со предизвици и можности за учење и развој. На тој начин повеќето домашни обврски може да станат можност за уживање и квалитетно поминато време со детето, време кога родителите може да ги извршат своите вообичаени обврски и воедно на детето да му пружат низа драгоцени поттици за развој. Учеството на децата во рутините и во ритуалите на семејниот живот поретко се охрабрува во сиромашни и семејствата на деца со пречки во развојот (Mancini and Coster 2004; Rosenberg et al. 2010a). Можностите за детето да ги „користи" поттиците ќе се потпрат на вештините за грижата за детето, па оттаму императив е родителите да се поддржат во учењето на вештините што ќе го унапредат квалитетот на односите помеѓу детето и родителите и квалитетот на грижата, со што се поставува основата на понатамошниот развој и на учењето на детето. Вештините што треба да ги има родителот за рутините да станат можности за учење и развој се:

- Внимателно ги набљудува потребите на детето, следи на кој начин ги прикажува, за што е можно подобро да се запознае со начинот на кој детето реагира во разни ситуации.
- Доследно одговара на сигналите на детето и на детето му дава поддршка за да ги задоволи своите потреби.
- На каква било форма на иницијатива на детето (насмевка, движење, поглед, покажување со прст), родителот возвраќа (со насмевка, имитирање, насочување на вниманието кон предметот на интерес на детето, именување). На тој начин уште повеќе ќе се прошири интеракцијата и ќе се овозможат дополнителни можности за поттикнување на развојот.
- Внимателно следи што му го привлекло вниманието на детето, ја поддржува и ја поттикнува иницијативата во насока што ја води детето. На пример, доколку детето покаже со прст кон сликовницата, родителот може да каже: „Види, сликовница, ајде да читаме заедно".
- Му овозможува на детето да биде што е можно посамостојно во активностите што сака да ги извршува и да му биде поддршка во тој процес, до тој степен колку да му овозможи на детето услови да ја оствари својата цел, што е спротивно на извршувањето на активноста наместо детето. Согласно со тоа, важно е родителот да верува дека детето е компетентно и вешто, спремно да сознава и да се развива.
- Разговара со детето, му зборува на детето (ги именува работите што ги прави детето) и на детето му ги опишува различните ситуации во текот на преоблекувањето, подготовката на оброците, одењето на купување или при кои било други активности.

Освен веќе наведените родителски вештини со кои се гради поттикнувачко опкружување, важно е и физичкото опкружување да ги одразува културните специфичности на семејството. На пример, во рутината на облекување ќе има многу различни марами, тие можат да бидат можност за игра на преправање, глума, креирање облека; ритуалот на утринското кафе може да биде можност за учество и придонес на детето во подготовката на специфичен оброк во некоја култура, можност да се именуваат намирниците и др. Таквите рутини и ритуали изобилуваат со односи, размена на смеа, разговор, блискост со родителот, на детето му се забавни, имаат смисла за него, а ги поттикнуваат развојот и учењето. Учеството на детето во рутините како поттик на развојот е сигурно новина за родителите, што ги мотивира родителите да завладеат со начините како на детето да му направат достапни што е можно повеќе поттици. Постоењето на рутините со игра и секојдневното поттикнување на развојот и учењето во семејството, во текот на целиот ден, е важна информација за родителите. Усвојувањето на вештините повратно иницира повеќе

интеракции со детето, води кон преиспитување на сликата за детето, ги гради родителските компетенции и дава можност родителот да го запознае детето и да ја реафирмира својата улога. Од друга страна, учеството во рутините ќе му овозможи на детето градење односи со родителот, чувство на припадност, придонес, развивање вештини и комуникација со возрасните во пријатно социјално доживување на семејството.

Детето учи играјќи си, а *учењето низ игра* значи создавање ситуации во кои детето може да си поигра со стекнатите искуства. Поттик на игра може да биде која било промена, новост, занимливост од околината која го привлекува вниманието на детето и детето сака да се занимава со неа. Оваа Програма ја промовира идејата сите деца да имаат пристап до висококвалитетна игра како можност за учење и развој на потенцијалите во семејното опкружување. Активностите како што се читањето, пеењето песни и танцувањето, движењето, играњето на игралиште, на излет, претставуваат игра. Детето ќе учи за себе и за светот околу себе и ќе развива разни вештини низ игра секогаш во присуство на родителите и во интеракција со нив. Играта е активност што подразбира дискретно водство на родителот/возрасното лице кое не ги гаси љубопитноста, креативноста и желбата на детето да си игра туку им помага на децата да го организираат своето искуство. Тоа од возрасните бара внимателно да ја следат и да ја набљудуваат играта на детето, да ја толкуваат, преиспитуваат, продлабочуваат и насочуваат кон стекнување нови знаења и вештини на родителството. Родителот што е поврзан со детето, го прифаќа детето, го следи детето (ги забележува, ги толкува сигналите на детето и му дава соодветен одговор), ја разбира перспективата на детето, внимателно набљудува, реагира на детето, разбира на што укажува однесувањето на детето, соодветно ги толкува интересирањата, чувствата, мислењата и намерите на детето, вешто креира учење низ игра. Во контекстот на растењето на децата, во различни мултикултурни средини, игрите се различни. Богатството на различностите нуди повеќе можности за развој на вештините на детето што се важни за заедницата. Играта со детето која нема цел детето да се поучи или да се состави сложувалка, туку се препознава како можност за интеракција, размена на блискост и уживање, е поттик за развој на детето. Читањето со детето како еден од ритуалите е вид учење низ игра (играње со зборови, ликови и друго), што претставува целосен поттик само кога подразбира интеракција со родителот. Книгата е само средство за добивање на вниманието на детето, а детето може да избере што и со кого сака да чита. Иако во почетокот на воведувањето, родителот го иницира читањето, подоцна учеството на детето подразбира читањето да го иницира детето (ќе ја донесе, покаже, земе книгата), што подразбира дека за учеството му е важна и достапноста на книгата на полицата или на подот. Исто така, детето има право да бира со кого и што сака да чита. Родителот треба вешто да одржува контакт лице в лице (да ги отстрани звуците, на пример, од телевизорот, и други пречки), да ја продолжува интеракцијата и да обезбеди физичка блискост (така што може да го гледа лицето на детето) како важни карактеристики на интеракцијата што му обезбедува уживање на детето во секоја активност, вклучувајќи го и заедничкото читање. Читањето со детето му дава можност на родителот да го следи детето, да ги забележи сигналите, да ги разбере сигналите на детето и соодветно да одговори на нив, вежбајќи ги своите вештини и родителски компетенции, да ја развива спремноста и вештината да ги следи потребите и реакциите на детето, потпирајќи се на иницијативата на детето, трпеливо да го сочека одговорот на детето и да го поддржува неговото учество и со тоа да ги постави темелите на сигурни, топли односи и позитивни искуства за детето. Родителот што умее да поставува прашања, да прави разни звуци што го следат говорот, од приказната да прави игра и да го прилагодува водењето низ читањето според тоа како децата стекнуваат разбирање и решаваат задачи, ќе го направи читањето можност богата со поттици за развој и учење. Затоа, читањето со детето се смета за форма на стимулација на развојот.

## 2.4. Право на детето и на родителите на поддршка

Правото на секое дете на поттикнувачко опкружување произлегува од фактот дека раниот развој е период со најголема чувствителност и најголеми можности за учење и развој. Поддршката на раниот развој е препознаена како еден од приоритетите во следниве документи:

**Конвенцијата на ООН за правата на детето** истакнува дека детето има право да се развие до „најголема можна мерка" и дека државите потписнички би требало да им обезбедат „соодветна помош на родителите и на законските старатели во извршувањето на нивните обврски за одгледување на децата и да обезбедат развој на институции, објекти и услуги за грижа за децата."

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост** потсетува дека „доколку се откријат рано малите деца со попреченост и добијат поддршка, поверојатно е дека без проблеми ќе преминат во опкружувањето на предучилишното и основното инклузивно образование." Со оваа конвенција се нагласува и улогата на семејството во развојот на детето и улогата на државата во давањето поддршка на семејството.

**Целите за одржлив развој (ЦОР)** нагласуваат дека вложувањето во раниот развој на децата стана не само цел сама по себе туку и услов за остварување на многу други цели на одржлив развој за искоренување на сиромаштијата и гладот и за унапредување на исхраната на децата, за обезбедување здрав живот, обезбедување доживотно учење, остварување родова рамноправност и намалување на нерамноправноста. Целите за одржлив развој ја опфаќаат следната сеопфатна цел за раниот развој на децата: „До 2030 година на сите девојчиња и момчиња да им се обезбеди пристап до квалитетна грижа, како и до предучилишно образование за да бидат подготвени за основното образование." Во таа смисла, Целите за одржлив развој претставуваат историска можност за приоретизирање на вложувањата во раниот детски развој.

**Насоките на ООН за алтернативната нега на децата** нагласуваат дека „организациите и надлежните органи треба да ги вложат сите напори за спречување на одвојувањето на децата од нивните родители и примарни старатели, освен ако тоа не го налагаат најдобрите интереси на детето" (член 154).

Во програмата се нагласува дека процесот на учење за родителството е многу повеќе од образование бидејќи им помага на родителите да се афирмираат во улогата на родители и да го унапредат своето родителство. Начинот на давање поддршка на родителите е преку групна програма која се определува како процес што опфаќа проширување на увидот и разбирањето, стекнување знаења и вештини за развој на родителите, на нивните деца и на односите помеѓу нив. На родителите се гледа како на лица што имаат капацитет да учат од секојдневното искуство во својата родителска улога. Оттаму, како крајна цел на програмата за родители во современиот модел се истакнува „јакнењето на капацитетите", насочено кон активирање на силните страни, можностите и компетенциите на родителите за промени.

# 3. Клучни столбови на програмата

Специфичната програма за поддршка на родителите од различни мултикултурни средини нуди родителски пристап, образовен концепт и специфични стратегии со кои се поддржува развивањето на родителските вредности, знаења, вештини за позитивна интеракција со децата.

За детето, ситуацијата на учењето, пред сè, значи постоење и достапност на интересен *ПОТТИК* што го тера детето да се *запраша.* Потоа, подразбира и можности детето да дојде до одговор на своето прашање следејќи ја својата природна *љубопитност*, својата заинтересираност, применувајќи го она што го знае и умее, *активно* истражувајќи, испробувајќи и манипулирајќи со она што смета дека се клучни чинители на појавата што му предизвикала интересирање. Детето *активно управува* со својот процес на сознавање. Тоа ја менува реалноста и си ја прилагодува на себе за полесно да најде „име" за она што се обидува да го разбере за да создаде околности во кои може да ужива во учењето и во кои учењето доведува до сигурни резултати. Не постои ниту една стимулација која сама по себе ќе доведе до скок во развојот ако нема возрасно лице што знае да ѝ даде име, да понуди значење, да го поведе детето низ искуството, да ја прошири играта, да ги продолжи интересот и истражувањето на детето. Детето најдобро учи во односите што се карактеризираат со доверба, сигурност, топлина и уважување на перспективата на детето. Таквата врска помеѓу родителите и детето ја храни подготвеноста на детето да учи со некого и од некого.

Оваа програма подразбира дека *поттиците за учење и развој* се наоѓаат во рутините, играта, читањето со детето дома *(учење за рутините и учење низ игра)* бидејќи се богати со можности за развој, но само кога се темелат на интеракција со родителот. Оттаму, воспитната практика треба да се заснова на *учеството на детето во животот на семејството* и на *родителство без казнување.*

Поаѓајќи од важноста на *односите* и на *квалитетната грижа за детето,* оваа Програма силно ја нагласува важноста на можностите за учење во раната возраст, обезбедува можности за игра, разговор и читање со детето, учество во семејните рутини, во активностите на домаќинството и на семејството како и пристапност и вклученост во програмите за рано учење (предучилишно воспитание и образование), во контекстот на мултикултурна средина.

Како концепт содржи група мерки што се преземаат со една цел – промовирање на учењето и развојот дома, преку креирање поттикнувачко опкружување. Освен физичката (простор, време, играчки, материјали), таквото опкружување содржи и помалку видлива, но поважна компонента, а тоа се квалитетните односи на релацијата родител – дете, бидејќи односите се темел на развојот. Овие мерки подразбираат различни стратегии за поддршка на родителите, со кои се *унапредуваат знаењата и вештините на родителите* за значењето на поттикнувачкото опкружување дома, се *дава поддршка на учењето и на развојот на детето дома* (со учење за рутините и учење низ игра) и се гради мрежа за поддршка на *емоционалната добросостојба на родителите во контекстот на мултикултурна заедница*. Секое семејство има рутини, ритуали и слободно време, па програмата е осмислена како пристап што има за цел да ги поддржи родителите од различни мултикултурни средини во креирањето поттикнувачко опкружување дома за развој на детето во сите области (когнитивен, емоционален, социјален, моторички и говорен развој). Со програмата се промовира насоченост кон односите и поддршката на вклученоста на *двајцата родители* во грижата за детето.

## 3.1. За кого е наменета оваа програма?

*Родителите (мајки и татковци)* – за да развијат вештини за прифаќање и учество на детето, да умеат да создаваат поттикнувачко опкружување за учење и развој на детето дома, низ рутини и игра, за поактивно да се вклучат и да учествуваат во донесувањето на одлуките, во животот и во работата на градинката, да придонесат во развојот на опкружување што обезбедува учество и вклученост на секое дете и родител;

*Локалната заедница* – за мултикултурализмот како вредност да се промовира во заедницата и да се изгради толеранција на различностите.

# 4. Програма на работилниците за родители

## 4.1. Цел на програмата и исходи за родителите

Целта на програмата е зајакнување на капацитетите на родителите на деца од мултикултурни средини за развивање поттикнувачко опкружување за развој и учење на детето.

На работилниците родителите ќе имаат можност:

- Да ги преиспитаат своите родителски практики
- Да разменат искуства со родители
- Да учат едни од други
- Да се поврзат во чувството на припадност и прифатеност
- Отворено да комуницираат и да бидат активно вклучени во животот на градинката
- Да стекнат вештини за позитивно родителство
- Да стекнат вештини за ненасилни стратегии
- Да се грижат за себе
- Да совладаат стратегии за надминување на родителскиот стрес
- Да ја разберат важноста на „споделувањето" на грижата и учеството на таткото

Родителите на деца од мултикултурни средини се очекува:

- Да се чувствуваат поуспешни и покомпетентни во улогата на родители
- Да препознаат што е поттикнувачко опкружување и квалитетна грижа во контекстот на мултикултурата (развиваат вештини за прифаќање и учество на детето)
- Да се чувствуваат уважени и компетентни во градинката
- Да се чувствуваат поддржани во заедницата
- Да развијат самодоверба
- Да поминуваат повеќе време во забавни активности со детето (игра, читање, разговор, семејни рутини)
- Да ги препознаат своите силни страни и силните страни на семејството

## 4.2. Целна група

Оваа програма е наменета за родители (мајки, татковци, старатели, хранители и посвоители) на деца од различни мултикултурни средини.

## 4.3. Повикување на родителите на обука

Родителите може да се повикуваат на обука преку усна и пишана комуникација, плакати, летоци, преку групи на Вибер, со објавување повик на интернет-страницата на градинката, преку родителските состаноци, со користење на ресурсите за информирање во локалната заедница. Доколку постои потреба, пожелно е во текот на работилниците да се обезбеди чување на децата во градинката. Суштината на работилниците за родители е во фокусираноста на остварувањето на целта и содржината на работилницата со градење позитивна атмосфера низ уважување и припадност.

## 4.4. Структура на обуката

Темите на работилниците се:

6. *Ние во заедницата*
7. *Нашите деца во заедницата*
8. *Ран развој дома*
9. *Слика на моето дете*
10. *Како си играме дома?*
11. *Читање со детето наместо читање на детето*
12. *Рутините во нашето семејство*

Седумте работилници имаат смислен тек кон остварување на зададената цел и не можат да се реализираат поединечно, ниту по друг редослед. Подготовката на водителскиот пар подразбира поседување знаења и вештини за позитивно родителство, јасна поделба на улогите и заедничка одговорност за исходот и за остварувањето на целта. Пожелно е водителите на работилниците да се менуваат бидејќи тоа внесува динамика во работата. Пожелно е извештајот за работилницата да се состави веднаш по нејзината реализација. Просторот треба да е пријатен, доволно голем. Бројот на родители на работилницата не треба да надминува 15; начинот на реализација е еднаш месечно, во време што ќе се договори заедно со родителите. Работилниците не треба да траат подолго од 1,5 час.

Структурата на работилницата подразбира:

*Воведен дел* – меѓусебно запознавање, вовед во темата и целта на работилницата, заедничко договарање за правилата за работа (паузи, користење на мобилните телефони, обраќање, дозвола за фотографирање итн.), како правила за меѓусебно уважување, слушање на другите и слично.

*Главен дел*

- Кратка стручна презентација (пишан прилог или презентација)
- Игри на улоги
- Активности и вежби (често со работен лист или пишан прилог)
- Размена на искуства, размислување, дискусија на ниво на група или во помали групи (двојки, тројки, четворки)

*Завршниот дел* подразбира игра за опуштање или активност за заокружување на темата и давање *домашна задача* со која се почнува следната работилница. Не треба да се инсистира сите да ја „пробаат" стекнатата вештина дома, но пожелно е во текот на седумте работилници сите да имаат шанса на ниво на целата група да ги изнесат своите согледувања и учења за детето.

## 4.5. Евалуација

На крајот од циклусот од седум работилници на родителите им се дава Лист за евалуација составен за потребите на вреднувањето на ефектите на работилницата. За водителскиот пар е составен посебен лист за евалуација. Двата начина за оценување ќе бидат во форма на скала за процена и квантитативно ќе се обработат за Програмата и понатаму да се унапредува врз основа на добиените резултати.

## 4.6. Дисеминација

Дисеминацијата на програмата подразбира креирање јадро во градинката што ќе биде модел за ширење на програмата во другите градинки што не се опфатени со првата обука. Стручните соработници од другите градинки преку посети и хоризонтална размена ќе имаат можност да ја спроведат програмата во своите градинки, уважувајќи ги контекстот и културата на градинката.

## 4.7. Препорака

Програмата „Посетете нè", Центар за поддршка на раниот развој и на семејните односи „Хармонија" – Нови Сад

| Тема 1. | Ние во заедницата |
|---|---|
| Цел | Запознавање и развивање толеранција на различноста |
| Потребен материјал | • РЛ 1: „Што е култура?“ – за секоја мала група<br>• РЛ 2: „Културен квиз“ – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• голема хартија – 1<br>• маркери – 1<br>• селотејп – 1 |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот и учесниците седат во круг. Фацилитаторот се претставува и се заблагодарува за присуството на учесниците. Потоа накратко ја објаснува програмата со нејзините цели и како е предвидено да се работи (колку работилници, нивно времетраење, методи на работа, динамика на средби).<br>Потоа заеднички се воспоставуваат правила кои ќе важат за сите работилници заради обезбедување успешна работа и добро чувство кај сите учесници (доаѓање навреме, активно учество во активностите, слободно изразување на мислење, почитување на туѓо мислење, употреба на мобилни телефони, фотографирање...) и се запишуваат накратко на голем лист хартија, кој се лепи на видно место во просторијата.<br><br>Сите стојат во круг. Еден по еден, секој го кажува своето име и притоа прави одредено движење. Движењето може да биде мало (само со еден дел од телото, на пример: само со прст, со рака или со некој друг дел), а може да биде и големо (со целото тело). По секое претставување, останатите истовремено кажуваат „Здраво, ... (името на учесникот)“ и го повторуваат покажаното движење. |
| Главна активност<br>(30 мин.) | Сите се делат во мали групи и секоја добива по еден РЛ 1. Фацилитаторот го презентира цртежот во РЛ, па го чита цитатот. Потоа поведува дискусија со сите за тоа како го разбрале цитатот.<br><br>Потоа секоја група добива по еден РЛ 2 и заеднички го пополнуваат. Доколку не се знае одговорот на некое прашање, може да се побара помош од друга група. Потоа на едно по едно прашање групите наизменично ги презентираат одговорите, а фацилитаторот проверува. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 1. Дали научивте нешто ново од квизот? Што?<br>2. Зошто ви е тоа корисно?<br>3. Што уште би сакале да научите за другите култури кои живеат во нашата земја? |
| Завршна активност<br>(20 мин.) | Секоја група треба да се договори како накратко ќе одглуми домашна ситуација на разговор во семејство за справување со една ситуација која ќе им се додели од наведените подолу.<br><br>Ситуации:<br>• Повикани сте на кинеска вечера, а не знаете да користите стапчиња за јадење<br>• Ќе одите во Бразил, а не го знаете јазикот<br>• Поканети сте на тајландска свадба, а не ги знаете обичаите<br>• Треба да ѝ купите подарок на пријателка од Русија<br>• Сакате да се дружите со новите соседи кои се од Јапонија<br><br>Кога сите групи ќе завршат со глумењето, фацилитаторот ги поставува следниве прашања:<br>1. Како се чувствувавте?<br>2. Колку е важно да се запознаваат другите култури? Зошто? |

| Тема 2. | Нашите деца во заедницата |
|---|---|
| Цел | Увидување на важноста за градење толеранција на различноста кај децата |
| Потребен материјал | • РЛ 3: „Учење на децата во семејството за почитување на другите култури" – за секоја мала група<br>• голема хартија – 1<br>• хартија – за секого<br>• прибор за пишување – за секого<br>• маркери – 1<br>• селотејп – 1 |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Секој самостојно на лист запишува одговор по секое прашање што ќе го постави фацилитаторот:<br>1. Колку години трае детството?<br>2. Колку долго треба детето да спие со родителите?<br>3. Колку песни треба да знае дете на 4-годишна возраст?<br>4. Колку другари треба да има дете на 5-годишна возраст?<br><br>Потоа секој го кажува одговорот за секое прашање, а фацилитаторот ги резимира одговорите во табела на голем лист хартија, па ги поставува следниве прашања:<br>1. Дали се добија исти одговори?<br>2. На што се должи разликата во одговорите? |
| Главна активност<br>(45 мин.) | Сите се делат во мали групи, па секоја добива по еден РЛ 3 и заеднички го пополнува. Групите се стимулираат да дадат и конкретни позитивни примери секаде каде што можат (конкретни книги, емисии...). Потоа секоја група чита одговор на едно прашање, а другите внимателно слушаат и само дополнуваат доколку имаат запишано нешто ново. |
| Дискусија<br>(15 мин.) | 1. Како влијае на децата тоа кога дома и во градинка има исти книги?<br>2. Кои играчки и активности вие би сакале децата да ги имаат во градинка, а кои промовираат запознавање и почитување на културите? |
| Завршна активност<br>(10 мин.) | Сите стојат во круг. Секој го кажува името на неговото дете и што тоа значи. |

| Тема 3. | Ран развој дома |
|---|---|
| Цел | Разбирање на значењето на раниот развој и можностите за поддршка дома |
| Потребен материјал | • РЛ 4: „Научни сознанија за развојот на детето" – за секоја мала група<br>• РЛ 5: „Што е позитивно родителство?" – за секого<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• голема хартија –1<br>• маркери – 1<br>• селотејп – 1<br>• мала топка – 1 |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Потоа сите стојат во круг. На даден знак, започнува еден со додавање мала топка до следниот, при што истовремено го кажува своето име и така со ред додека таа да се врати кај тој што ја започнал активноста, без притоа да падне на земја. За тоа време фацилитаторот го мери времето. Активноста се повторува неколку пати во обид да се постигне што подобар резултат на целата група. |

| | |
|---|---|
| Главна активност<br>(45 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот прашува, а одговорите од групата ги запишува на голем лист хартија: „Замислете дека сте се преселиле во друга земја и мора да го научите јазикот што се зборува таму. Како возрасни, кои тешкотии би ги имале при учењето и поради кои причини?“<br><br>Потоа прашува: „Ако во таа земја се пресели и дете на рана возраст, дали и тоа би ги имало истите тешкотии? Зошто?“ Фацилитаторот сумира нагласувајќи дека раниот развоен период има најголеми можности и дека детето тогаш има најголем ентузијазам и мотивација за учење.<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, а секоја добива по еден РЛ 4 и треба заеднички да го одговори. Потоа една по една група чита по едно прашање и го кажува одговорот, кој по потреба се дискутира за да се стигне до точниот.<br><br>Секој добива РЛ 5, па фацилитаторот го објаснува. |
| Дискусија<br>(15 мин.) | 4. Колку е важен раниот период на развој на детето?<br>5. Што е важно тогаш родителите да прават? Зошто?<br>6. Кога родителите тоа треба да го прават – во некои посебни прилики и денови или во текот на целиот ден, секојдневно? |
| Завршна активност<br>(10 мин.) | Сите стојат во круг. Секој по ред наведува еден важен настан кога неговото дете нешто научило, совладало и како тој како родител тогаш се чувствувал. Потоа другите го поздравуваат напредокот на неговото дете така што истовремено исправаат лева рака во тупаница пред себе, па паралелно на неа десна рака во тупаница и потоа тупаниците еднаш ги удираат една од друга. |

| | |
|---|---|
| Тема 4. | Слика на моето дете |
| Цел | Преиспитување на сопствените уверувања за детето |
| Потребен материјал | • РЛ 6: „Бинго“ – за секого<br>• РЛ 7: „Слика на моето дете“ – за секого<br>• РЛ 8: „Опис на моето дете“ – за секого<br>• прибор за пишување – за секого<br>• боички – за секого |
| Воведна активност<br>(20 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Потоа секој добива РЛ 6 и самостојно го пополнува. Кога сите ќе завршат, стануваат и на даден знак брзо бараат некој со различен одговор од сопствениот во дадено поле, па другиот се потпишува во полето. Еден ист учесник смее само два пати да се потпише на листот на некој друг. По еден собран потпис, брзо се бара следен потпис за друго поле. Секогаш кога некој ќе собере потписи во една низа (хоризонтална, вертикална или дијагонална), гласно извикува „Бинго!“<br><br>По десетина минути, играта се прекинува и се развива кратка дискусија:<br>3. Кој ги има сите 16 бинга (15, 14... и со ред надолу)?<br>4. За што ви беше најлесно да најдете некој да ви се потпише? А за што ви беше најтешко? |
| Главна активност<br>(40 мин.) | Сите седат во круг. Секој добива РЛ 7 и самостојно го црта своето дете, па под сликата пишува една кратка охрабрувачка или мотивациска порака упатена до детето во директен говор, со која сака да му даде поддршка на неговото патување низ животот. Потоа еден по еден го претставуваат цртежот пред другите кажувајќи: „Ова е... (името на детето)“ и ја читаат пораката. |

| | |
|---|---|
| | Потоа секој добива РЛ 8 и самостојно го пополнува така што во соодветното поле пишува што неговото дете не/сака да гледа, слуша, зборува/кажува, прави, но и што го растажува, плаши и радува. Потоа во парови го споделуваат напишаното најпрво за еден дел, па потоа се преминува на следен. |
| Дискусија<br>(10 мин.) | 3. Што мислите, како сликата за детето ги одредува вашите очекувања од него?<br>4. Како тие очекувања го одредуваат вашето однесување кон него? |
| Завршна активност<br>(15 мин.) | Сите стојат во круг, но до оној со кого претходно работеле во пар. Еден по еден во парот си упатуваат една кратка позитивна порака поврзана со она што досега го забележале кај другиот лично или со она што било напишано и разменето при работата на РЛ 8. Другите внимателно слушаат и даваат аплауз по секоја порака. |
| Домашна задача<br>(5 мин.) | На родителите им се дава домашна задача да го набљудуваат своето дете дома и да најдат некоја способност, вештина или знаење што тоа ја/го има, а тие досега не ја/го забележале; да размислат како тоа го променило нивниот однос кон детето и на тој начин да го поддржат. |

| Тема 5. | Како си играме дома? |
|---|---|
| Цел | Препознавање на важноста на играта како можност за учење |
| Потребен материјал | • РЛ 9: „Учење на детето преку игра" – за секоја мала група<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• лаптоп и проектор – 1 |
| Воведна активност<br>(15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг. Фацилитаторот поведува разговор за размена на искуства со целата група во однос на домашната задача од претходната работилница.<br><br>Сите стојат во круг. Секој по ред кажува една омилена игра од своето детство со објаснување зошто му била омилена и кој од возрасните и другите деца си играл со него.<br><br>Кога сите ќе завршат, фацилитаторот кажува дека денес игрите на децата се прилично самотни, дека ретко си играат со врсници, па важно е родителите да креираат опкружување за игра, кое освен простор, време и играчки, го подразбира и родителот кој умее да ја поддржи играта. |
| Главна активност<br>(40 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот презентира видеозапис бр. 1 од игра на дете, па наведува што сè може детето да развие во текот на играта (љубопитност, самостојност, моторика, координација, иницијатива, да ужива, да се радува, да именува...).<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, па секоја добива по еден РЛ 9 и заеднички го решава. Кога сите групи ќе завршат, секоја по ред во круг чита и одговара по едно прашање. По потреба се дискутира за доаѓање до точен одговор. |
| Дискусија<br>(15 мин.) | 5. Што значи играта за детето?<br>6. Кога таа навистина може да го поттикне развојот на детето?<br>7. Што треба да прави родителот при заедничката игра со детето за да го поттикне неговиот развој?<br>8. Во кој период од денот родителот може да си игра со своето дете? |

| | |
|---|---|
| | Напомена за фацилитаторот: Низ игра детето учи и се развива, но само кога во неа е активно вклучен родителот кој креира поттикнувачко опкружување и кога самиот умее играта на детето да ја направи интересна, да ја продолжи и да понуди предизвици. Родителот има безброј можности во текот на денот за кратки и подолги игри со своето дете препознавајќи предизвици за игра во секојдневието или креирајќи ги. |
| Завршна активност (10 мин.) | Сите стојат во круг. Фацилитаторот кажува една по една ситуација, а по секоја учесниците треба низ просторот да се движат и да гестикулираат како тие да се тоа лице.<br><br>Ситуации:<br>• Фудбалер дава гол<br>• Нервозен директор<br>• Весело дете<br>• Возач заглавен во гужва во сообраќај<br>• Студент положил испит<br>• Лице се обидува да не му побегне автобусот<br>• Родител го гледа своето дете како нешто успешно прави<br>• Успешен родител |

| | |
|---|---|
| Тема 6. | Читање со детето наместо читање на детето |
| Цел | Разбирање на важноста на читањето со детето |
| Потребен материјал | • РЛ 10: „Читање со детето“ – за секоја мала група<br>• РЛ 11: „Приказна за принцезата, принцот и Олаф“ – 1<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• книги – за секој пар |
| Воведна активност (15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите седат во круг и се делат во парови. Секој пар добива по една книга. Еден во парот е во улога на родител, а другиот – во улога на дете, па на даден знак во времетраење од 3 мин. „родителот“ му ја чита книгата на „детето“. Кога ќе истече времето, секој пар заеднички брои колку зборови биле прочитани, па се сумираат одговорите со сите. |
| Главна активност (30 мин.) | Фацилитаторот накратко зборува околу важноста на читањето за развојот на детето.<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, па секоја добива по еден РЛ 10 и заеднички го пополнува. Кога сите ќе завршат, секоја група по ред во круг чита и одговара по едно прашање. Другите слушаат внимателно и дополнуваат само ако имаат нешто ново. По потреба се води дискусија – зошто некои аспекти се важни. |
| Дискусија (15 мин.) | 3. Како изгледа ситуацијата при читање книга кога детето е пасивен слушател, а како кога е активен слушател? Што прави родителот, а што детето притоа?<br>4. Која ситуација го развива детето? Кои пораки ги добива детето тогаш? Како се чувствува притоа? |
| Завршна активност (15 мин.) | Сите стојат во круг. Фацилитаторот ја чита приказната од РЛ 11, а другите треба да прават одредено движење секогаш кога во неа ќе се спомене даден збор, и тоа:<br>• принцеза – поклонување<br>• принц – салутирање<br>• Олаф – гушкање |

| | |
|---|---|
| Тема 7. | Рутините во нашето семејство |
| Цел | Разбирање на рутините како можности за учење и развој на детето |

| | |
|---|---|
| Потребен материјал | • РЛ 12: „Учење на детето преку учество во семејни рутини и ритуали" – за секого<br>• прибор за пишување – за секоја мала група<br>• лаптоп и проектор – 1 |
| Воведна активност<br>(15 мин.) | Фацилитаторот ги поздравува учесниците, се заблагодарува за нивното учество и ја наведува темата на работилницата.<br><br>Сите се поделуваат во тројки и стојат во празен, широк простор. Најпрво се објаснуваат двата основни елементи во активноста:<br>• „куќа" – двајца од тројката стојат држејќи се со рацете кренати високо над главите;<br>• „станар" – еден од тројката стои помеѓу двајцата кои ја прават „куќата".<br><br>Потоа сите тројки ја прават својата фигура на „куќа" со „станар" во неа. Еден учесник, кој првично не припаѓа на ниту една тројка, стои на средината и јасно дава една од следниве инструкции која другите треба брзо да ја задоволат:<br>• „Куќите ги менуваат станарите!" – двајцата од секоја тројка кои ја прават „куќата" сè уште држејќи се за раце го напуштаат „станарот" што го имаат и брзо бараат нов „станар"; за тоа време сите што се „станари" стојат во место.<br>• „Станарите ги менуваат куќите!" – сите „станари" излегуваат од своите „куќи" и брзо бараат нова „куќа"; „куќите" при оваа инструкција стојат во место.<br>• „Земјотрес!" – сите тројки се раздвојуваат и се формираат потполно нови тројки во кои двајца се „куќа", а еден е „станар" во таа „куќа".<br><br>Оној што дава инструкција веднаш по нејзиното давање и самиот брза да влезе во некоја тројка (како „станар" или како дел од „куќа", зависно од дадената инструкција). Оној што нема да биде во ниту една тројка, е следен кој дава инструкција. |
| Главна активност<br>(40 мин.) | Сите седат во круг. Фацилитаторот презентира видеозапис бр. 2 како пример кога рутината е можност за учење и развој на детето. За време на видеото, тој ги објаснува вештините кои ги има родителот (ги следи сигналите на детето, ги набљудува промените, ги толкува, одговара на сигналите).<br><br>Потоа секој добива по еден РЛ 12, па фацилитаторот ја презентира содржината во цртежот.<br><br>Потоа сите се делат во мали групи, па половина од нив го пополнуваат вториот дел од РЛ за едната опција (капење), а другата половина – за другата (пазарување). Кога сите ќе завршат, една по една група што работеле на иста опција во круг читаат по едно од напишаното додека да се исцрпат сите одговори. Другите внимателно слушаат за да нема повторување.<br><br>Некои можни прифатливи одговори се:<br>• капење: да истура, претура, прска, допира вода, допира сапун и пена, именува работи, воочува следство на активности, учи за топло-ладно, суво-мокро, учи да сочека, да биде одговорно...<br>• пазарување: како се планира пазарување, да нацрта список на намирници, да учи да носи торба, да учи комуникациски вештини (поздравување, прашување, одговарање...), како се мерат производи, како безбедно да се стигне до одредено место... |
| Дискусија<br>(15 мин.) | 4. Што учи детето преку неговото вклучување во семејните рутини и ритуали?<br>5. Кои пораки ги добива детето тогаш? Како се чувствува притоа? |

| | |
|---|---|
| | 6. Како родителот го обезбедува учеството на детето во семејните рутини и ритуали? Што добива самиот од тоа? |
| Завршна активност (15 мин.) | Сите стојат во круг. Секој по ред покажува со пантомима некоја активност во домот, а ја именува како нешто сосем друго (на пр.: покажува закачување алишта на јаже, а кажува „Правам ручек"). Следниот го покажува она што го кажал претходниот, а го именува како некоја друга активност. |
| | На родителите им се дава лист за евалуација и сертификат. |

# 5. Работни листови

РЛ 1: Што е култура?




***Мажот и жената не се само тие самите; истовремено се и крајот во којшто се родени, станот или фармата каде што научиле да одат, игрите што ги играле како деца, приказните што ги слушале, храната што ја јаделе, училиштето во коешто учеле, спортовите што ги следеле, поетите што ги читале и богот во којшто верувале.***

**Сомерсет Мом**

**РЛ 2: Културен квиз**

| | |
|---|---|
| 1. Што значи *„шукар диве“*? | |
| 2. Како се вика месецот на пост кај муслиманите? | |
| 3. Како се вика ликот од македонските народни приказни што постојано ги надмудрува другите? | |
| 4. Кое животно најчесто се јавува во албанските симболи? | |
| 5. Наведете барем два инструмента што се користат во традиционалната ромска музика! | |
| 6. Кое е вистинското име на Скендербег? | |
| 7. Како се вика градот Битола на турски? | |
| 8. Каква храна не смеат да јадат православните верници додека постат? | |
| 9. Како се вика женската традиционална облека што ја носат Ромките? | |
| 10. Наведете едно македонско традиционално оро! | |
| 11. Во кои етнички заедници во Република Северна Македонија се подготвува баклава за свечености? | |
| 12. Која азбука има најмалку букви меѓу македонската, албанската и турската азбука? | |
| 13. Во кој месец од годината се слави Ѓурѓовден? | |
| 14. Дали муслиманите смеат да пијат вода во текот на денот додека постат? | |
| 15. Што значи *Merhaba*? | |

**РЛ 2: Културен квиз – одговори**

| | |
|---|---|
| **1. Што значи *„шукар диве“*?** | *добар ден* (на ромски) |
| **2. Како се вика месецот на пост кај муслиманите?** | Рамазан |
| **3. Како се вика ликот од македонските народни приказни што постојано ги надмудрува другите?** | Итар Пејо |
| **4. Кое животно најчесто се јавува во албанските симболи?** | орел |
| **5. Наведете барем два инструмента што се користат во традиционалната ромска музика!** | тапан, дајре, хармоника |
| **6. Кое е вистинското име на Скендербег?** | Ѓерѓ Кастриот |
| **7. Како се вика градот Битола на турски?** | Манастир |
| **8. Каква храна не смеат да јадат православните верници додека постат?** | храна од животинско потекло |
| **9. Како се вика женската традиционална облека што ја носат Ромките?** | шалвари |
| **10. Наведете едно македонско традиционално оро!** | Пајдушко, право, Елено моме |
| **11. Во кои етнички заедници во Република Северна Македонија се подготвува баклава за свечености?** | во сите |
| **12. Која азбука има најмалку букви меѓу македонската, албанската и турската азбука?** | турската азбука (29 букви) |
| **13. Во кој месец од годината се слави Ѓурѓовден?** | мај |
| **14. Дали муслиманите смеат да пијат вода во текот на денот додека постат?** | не |
| **15. Што значи *Merhaba*?** | *Здраво* (на турски) |

**РЛ 3: Учење на децата во семејството за почитување на другите култури**

| |
|---|
| **Какви треба да се книгите?** |
| **Какви треба да се играчките и игрите?** |
| **Што може да се прави во слободното време?** |
| **Со кои деца да се има контакт и каков да биде тој?** |
| **Како самите родители да бидат позитивен модел за идентификација?** |

**РЛ 3: Учење на децата во семејството за почитување на другите култури – одговори**

| |
|---|
| **Какви треба да се книгите?/Какви треба да се играчките и игрите?**<br>Да се вклучени ликови од различни култури прикажани во компетентна улога, со позитивна интеракција меѓу себе, со откривање и на сличностите и на разликите меѓу културите... |
| **Што може да се прави во слободното време?**<br>Да се гледаат серии за деца во кои има припадници на различни култури, ТВ емисии за нив, посета на објекти и знаменитости важни за различни култури, слушање музика од различни култури... |
| **Со кои деца да се има контакт и каков да биде тој?**<br>Да се има контакт со деца кои припаѓаат на различни култури, да се гради рамноправна интеракција со нив, контактот да биде колку што може на поредовна база и да трае подолго... |
| **Како самите родители да бидат позитивен модел за идентификација?**<br>Да го учат детето и за својата и за другите култури, да реагираат при изразување и/или манифестирање предрасуди, да стимулираат контакти на детето со деца од други култури на колку што може поредовна база и со подолго времетраење, самите да се позитивен модел за идентификација на детето, да поведуваат отворен разговор за сличности и разлики меѓу културите секогаш кога за тоа ќе се појави прилика и без вреднување... |

**РЛ 4: Научни сознанија за развојот на детето**

| | |
|---|---|
| **19.Развојот на мозокот е кумулативен.**<br>Развивањето на едни капацитети е основа за подоцна да се развијат други. | Т Н |
| **20.Во раниот период детето има најголеми можности за развој.**<br>Кога на детето му се овозможуваат квалитетен развој и учење порано, се обезбедуваат потрајни резултати. | Т Н |
| **21.Средината не влијае врз развојот на мозокот.**<br>Мозокот кај детето не се развива зависно од тоа дали има позитивно, негативно или отсуство на физичко/психичко искуство со предметите, местата, а особено со луѓето од неговото опкружување. | Т Н |
| **22.Детето се раѓа со потреба за социјално поврзување со други луѓе.**<br>Културата понатаму влијае како тоа поврзување ќе се развие – кои правила, начини и природа на социјална интеракција ќе се негуваат. | Т Н |
| **23. Родителите се најважни учители на детето.**<br>Врз развојот и учењето на детето влијаат многу луѓе (роднини, соседи, другари, воспитувачи), но најмногу родителите (мајката и таткото), чија интеракција со детето е од најрана возраст и нуди најмногу можности за влијание, а искуството од неа потоа влијае на интеракциите на детето со другите од опкружувањето. | Т Н |
| **24.Детето подобро се развива кога опкружувањето воспоставило силни афективни односи со него (грижа, љубов, сигурност, поддршка).**<br>Детето е поподготвено да ги открива и преиспитува разните карактеристики на опкружувањето и да се развива низ тој процес кога опкружувањето воспоставило со него топли, негувачки, респонзивни релации, водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето. | Т Н |
| **25.Детето не се раѓа љубопитно.**<br>Детето не сака да учи и сознава од самото раѓање. | Т Н |
| **26. Детето се раѓа со компетенции.**<br>Детето не развива компетенции зависно од тоа колку квалитетно опкружувањето нив ги бара и дали го поддржува неговиот развој третирајќи го детето како полно со потенцијали за развој. | Т Н |
| **27. Кога постои усогласеност во воспитното делување во семејството и во градинката, придобивките за детето се поголеми.**<br>Градењето квалитетна соработка и партнерство помеѓу семејството и градинката овозможува усогласување на нивните делувања, поттикнување ран развој на секое дете и поуспешен напредок. | Т Н |

**РЛ 4: Научни сознанија за развојот на детето – одговори**

| | | |
|---|---|---|
| **19.Развојот на мозокот е кумулативен.**<br>Развивањето на едни капацитети е основа за подоцна да се развијат други. | **Т** | Н |
| **20.Во раниот период детето има најголеми можности за развој.**<br>Кога на детето му се овозможуваат квалитетен развој и учење порано, се обезбедуваат потрајни резултати. | **Т** | Н |
| **21.Средината не влијае врз развојот на мозокот.**<br>Мозокот кај детето не се развива зависно од тоа дали има позитивно, негативно или отсуство на физичко/психичко искуство со предметите, местата, а особено со луѓето од неговото опкружување. | Т | **Н** |
| **22.Детето се раѓа со потреба за социјално поврзување со други луѓе.**<br>Културата понатаму влијае како тоа поврзување ќе се развие – кои правила, начини и природа на социјална интеракција ќе се негуваат. | **Т** | Н |
| **23. Родителите се најважни учители на детето.**<br>Врз развојот и учењето на детето влијаат многу луѓе (роднини, соседи, другари, воспитувачи), но најмногу родителите (мајката и таткото), чија интеракција со детето е од најрана возраст и нуди најмногу можности за влијание, а искуството од неа потоа влијае на интеракциите на детето со другите од опкружувањето. | **Т** | Н |
| **24.Детето подобро се развива кога опкружувањето воспоставило силни афективни односи со него (грижа, љубов, сигурност, поддршка).**<br>Детето е поподготвено да ги открива и преиспитува разните карактеристики на опкружувањето и да се развива низ тој процес кога опкружувањето воспоставило со него топли, негувачки, респонзивни релации водени од потребите, интересите и карактеристиките на детето. | **Т** | Н |
| **25.Детето не се раѓа љубопитно.**<br>Детето не сака да учи и сознава од самото раѓање. | Т | **Н** |
| **26. Детето се раѓа со компетенции.**<br>Детето не развива компетенции зависно од тоа колку квалитетно опкружувањето нив ги бара и дали го поддржува неговиот развој третирајќи го детето како полно со потенцијали за развој. | Т | **Н** |
| **27. Кога постои усогласеност во воспитното делување во семејството и во градинката, придобивките за детето се поголеми.**<br>Градењето квалитетна соработка и партнерство помеѓу семејството и градинката овозможува усогласување на нивните делувања, поттикнување ран развој на секое дете и поуспешен напредок. | **Т** | Н |

**РЛ 5: Што е позитивно родителство?**

Позитивно родителство е:
а) родителска грижа за детето да е здраво, безбедно, соодветно хрането

б) родителот да го **следи** детето и да **одговара** на неговите потреби и интереси

| 1-5 | ФАЗИ |
|---|---|
| 1 | Родителот се поврзува со детето (подготвен е емотивно да се вложи во него). |
| 2 | Детето има потреби (за исхрана, безбедност, социјално вклучување, когнитивна стимулација, регулирање и канализирање на емоциите). |
| 3 | Детето дава сигнали (насмевка, движења, гласови, гестови, вербални барања). |
| 4 | Родителот ги следи сигналите што ги дава детето, ги толкува и соодветно реагира на нив. |
| 5 | Детето учи и се развива. |

Кога родителот го следи детето и одговара на неговите потреби и интереси, тогаш детето чувствува емоционална сигурност, топлина, доверба, физичко и ментално здравје, наспроти стрес и анксиозност.

в) родителот да го **поддржува** детето да истражува и да комуницира со околината

| 1-5 | ФАЗИ |
|---|---|
| 1 | Родителот верува дека детето може да развие разни компетенции. |
| 2 | Родителот создава можности за детето од најрана возраст да учествува во разни активности соодветни на неговите развојни капацитети, искуство и интереси. |
| 3 | Детето учествува во разни активности. |
| 4 | Родителот го следи учеството на детето во активностите, го охрабрува и не ги потценува неговите компетенции гледајќи ги од сопствен агол. |
| 5 | Детето ги развива своите компетенции, а тие му овозможуваат во иднина поквалитетно да учествува. |

Кога детето учествува во разни активности, тоа чувствува дека неговото мислење е важно, развива меѓусебно почитување, гледа дека со своето учество може да постигне промени, придонесува во нешто што родителите го сметаат за важно, развива самопочит, расудување, размислување, планирање, предвидување, способност да се изрази, да ги разбере другите, ја сфаќа меѓузависноста, гради одговорност, учи да решава проблеми...

**РЛ 6: Бинго**

| | | | |
|---|---|---|---|
| сакате да станувате рано (да или не) ______________ | имате брат/сестра (да или не) ______________ | најважен празник во семејството ______________ | социјална мрежа што најчесто ја користите ______________ |
| јадење што најчесто го јадете ______________ | следите политика (да или не) ______________ | пиете кафе со соседите (да или не) ______________ | знак во хороскоп ______________ |
| домашна обврска што најмногу ја мразите ______________ | живеете во куќа или во стан ______________ | омилена активност во слободно време ______________ | омилен вид музика ______________ |
| најмногу ве нервира кај луѓето ______________ | земја што сакате да ја посетите ______________ | парите од „седмица на лото“ би ги потрошиле на ______________ | најмногу се радувате кога ______________ |

**РЛ 7: Слика на моето дете**



**РЛ 8: Опис на моето дете**



**РЛ 9: Учење на детето преку игра**

**4. Детето забележува нешто интересно во опкружувањето, па:**
а) ја врти главата на страна и се прави како тоа да не постои.
б) гледа кон дразбата и му се раѓаат многу прашања поради будењето на природната љубопитност.

**5. По кратко време, детето:**
а) посакува активно да истражува за да дојде до одговор на прашањата.
б) си вели, „Баш ми е гајле, што сака нека е тоа!“

**6. Родителот го забележува пројавеното интересирање кај детето и:**
а) со радост, доверба, топлина и уважување на неговата перспектива го води низ тоа искуство зашто препознава дека тоа е шанса за детето да научи нешто.
б) се нервира и му вели: „Аман, сѐ живо те интересира, раат да немам. Зарем баш сега најде, кога си имам попаметна работа!“

**13.Потоа родителот:**
а) отвора компјутер и му презентира на детето сѐ во врска со тоа што го заинтересирало со доволно стручни термини или му вели: „Кога ќе пораснеш, тогаш ќе ти кажам!“
б) започнува игра со детето зашто знае дека таа е најприродниот начин на учење.

**14.Играта ја почнува:**
а) секогаш родителот.
б) може да ја почне и детето повикувајќи го родителот преку разни сигнали (му приоѓа, зема/му додава играчка или некој предмет, покажува со прст, именува...).

**15.Ако родителот ја започнал играта, тогаш детето:**
а) доброволно се изјаснува дали сака да учествува.
б) мора да учествува.

**16.Кога детето си игра самостојно, тогаш родителот:**
а) никогаш не треба да се меша во играта.
б) може да се вклучи во играта со цел да ја прошири и продолжи преку додавање играчки или материјали, обезбедување простор, повикување на други да се вклучат.

**17.При играта, родителот:**
а) има главен збор; само тој зборува и одредува што и како да се одвива, а детето само слуша.
б) има дискретно водство; ги поттикнува љубопитноста, креативноста и желбата за игра на детето, му помага да го организира своето искуство преку внимателно следење и набљудување на играта, ја толкува, продлабочува и ја насочува играта кон тоа детето да стекне нови компетенции.

**18.Додека трае играта, детето:**
а) може да менува – да додава, да одзема.
б) не смее ништо да менува.

**19. Играта на родителот и детето може да се одвива:**
а) во секое време и простор.
б) во време и простор што претходно се прецизно договорени.

**20. Играта се игра:**
а) само со скапи играчки и сликовници.
б) со што било (овошје, зеленчук, садови, кутии, каменчиња, песок, гранки, листови, зборови, фотографии, книги, весници, столчиња...).

**21. Играта треба да биде таква што детето:**
а) ужива, се радува, се забавува, истражува.
б) се досадува, гледа во часовникот и одвај чека да заврши.

**4. Детето забележува нешто интересно во опкружувањето, па:**
а) ја врти главата на страна и се прави како тоа да не постои.
**б) гледа кон дразбата и му се раѓаат многу прашања поради будењето на природната љубопитност.**

**5. По кратко време, детето:**
**а) посакува активно да истражува за да дојде до одговор на прашањата.**
б) си вели, „Баш ми е гајле, што сака нека е тоа!“

**6. Родителот го забележува пројавеното интересирање кај детето и:**
**а) со радост, доверба, топлина и уважување на неговата перспектива го води низ тоа искуство зашто препознава дека тоа е шанса за детето да научи нешто.**
б) се нервира и му вели: „Аман, сè живо те интересира, раат да немам. Зарем баш сега најде, кога си имам попаметна работа!“

**13.Потоа родителот:**
а) отвора компјутер и му презентира на детето сè во врска со тоа што го заинтересирало со доволно стручни термини или му вели: „Кога ќе пораснеш, тогаш ќе ти кажам!“
**б) започнува игра со детето зашто знае дека таа е најприродниот начин на учење за него.**
**14.Играта ја почнува:**
а) секогаш родителот.
**б) може да ја почне и детето повикувајќи го родителот преку разни сигнали (му приоѓа, зема/му додава играчка или некој предмет, покажува со прст, именува...).**

**15.Ако родителот ја започнал играта, тогаш детето:**
**а) доброволно се изјаснува дали сака да учествува.**
б) мора да учествува.

**16.Кога детето си игра самостојно, тогаш родителот:**
а) никогаш не треба да се меша во играта.
**б) може да се вклучи во играта со цел да ја прошири и продолжи преку додавање играчки или материјали, обезбедување простор, повикување на други да се вклучат.**

**17.При играта, родителот:**
а) има главен збор; само тој зборува и одредува што и како да се одвива, а детето само слуша.
**б) има дискретно водство; ги поттикнува љубопитноста, креативноста и желбата за игра на детето, му помага да го организира своето искуство преку внимателно следење и набљудување на играта, ја толкува, продлабочува и ја насочува кон тоа детето да стекне нови компетенции.**
**18.Додека трае играта, детето:**
**а) може да менува – да додава, да одзема.**
б) не смее ништо да менува.

**19. Играта на родителот и детето може да се одвива:**
**а) во секое време и простор.**
б) во време и простор што претходно се прецизно договорени.

**20. Играта се игра:**
а) само со скапи играчки и сликовници.
**б) со што било (овошје, зеленчук, садови, кутии, каменчиња, песок, гранки, листови, зборови, фотографии, книги, весници, столчиња...).**

**21. Играта треба да биде таква што детето:**
**а) ужива, се радува, се забавува, истражува.**
б) се досадува, гледа во часовникот и одвај чека да заврши.

**РЛ 10: Читање со детето**

Замислете ситуација во која родител и дете заедно „читаат“ книга. Тоа дете сте Вие!

Одговорете на прашањата подолу: како би сакале тоа да се одвива за Вие да се чувствувате пријатно, да Ви биде забавно и да ги развивате вашите компетенции!

**14.Како да изгледа просторијата во која заеднички ќе „читате“?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**15.Како би сакале да седите со родителот?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**16.Кој да ја држи книгата?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**17.Што би сакале да можете Вие да правите со книгата?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**18.Како да го чита текстот родителот за да ви биде интересно?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**19.Дали би сакале да разговарате за тоа што го пишува во книгата? Дали би сакале слободно да се поставуваат прашања? Кој да ги поставува? Кој и како да ги одговара? Кога – за време и/или по читањето?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**20.Дали би сакале секогаш само родителот да Ве повикува на заедничко „читање“ или и Вие да се чувствувате слободно тоа да го иницирате? Како би го иницирале? Од кои ваши знаци родителот може да види дека сакате заедно да „читате“?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**21.Кој би сакале да одлучува што и кога да се чита?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**22.Каде би сакале да стојат книгите? Во која просторија? На која висина?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**23. Дали би сакале да видите книга преку која ќе запознаете некоја поинаква култура од вашата и деца со различни карактеристики и способности?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**24. Што ќе добиете Вие како дете од самата содржина на книгата, а што родителот со кого сте „читале“ заедно, онака како што сте напишале дека сакате погоре?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**25. Освен книги, што друго може да „читате“ заедно со родителот?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**26. Освен во домот, на кои други места во средината може заедно да „читате“?**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Читајте со детето***
***од самото раѓање***
***барем по 15 минути***
***неколку пати неделно!***

**РЛ 10: Читање со детето – одговори**

Замислете ситуација во која родител и дете заедно „читаат“ книга! Тоа дете сте Вие!

Одговорете на прашањата подолу: како би сакале тоа да се одвива за Вие да се чувствувате пријатно, да Ви биде забавно и да ги развивате вашите компетенции!

**14.Како да изгледа просторијата во која заеднички ќе „читате“?**

Исклучен телевизор, отстранување на другите дистракции...

**15.Како би сакале да седите со родителот?**

Блиcу еден до друг; двајцата да може убаво да ја гледаат книгата, но и своите лица...

**16.Кој да ја држи книгата?**

Двајцата.

**17.Што би сакале да можете Вие да правите со книгата?**

Покажување, вртење страници, ставање во уста...

**18.Како да го чита текстот родителот за да ви биде интересно?**

Со соодветна брзина и интонација, менување на гласот каде што е потребно...

**19.Дали би сакале да се разговара за тоа што го пишува во книгата? Дали би сакале слободно да се поставуваат прашања? Кој да ги поставува? Кој и како да ги одговара? Кога – за време и/или по читањето?**

Да, разговор и прашања за време на читањето и по него, и двете страни слободно да може да поставуваат прашања, да се сочекува одговорот од детето, да се даваат јасни одговори од родителот.

**20.Дали би сакале секогаш само родителот да Ве повикува на заедничко „читање“ или и Вие да се чувствувате слободно тоа да го иницирате? Како би го иницирале? Од кои ваши знаци родителот може да види дека сакате заедно да „читате“?**

Да може и детето да иницира така што вербално ќе го повика родителот или ќе ја покаже/донесе книгата...

**21.Кој би сакале да одлучува што и кога да се чита?**

Детето.

**22.Каде би сакале да стојат книгите? Во која просторија? На која висина?**

Во која било просторија каде што детето може слободно да им пристапи и на соодветна висина за да може да ги дофати.

**23. Дали би сакале да видите книга преку која ќе запознаете некоја поинаква култура од вашата и деца со различни карактеристики и способности?**

Да, на тој начин детето се запознава со различности и гради нивно прифаќање како нормален дел од секојдневието и од светот.

**24. Што ќе добиете Вие како дете од самата содржина на книгата, а што родителот со кого сте „читале“ заедно онака како што сте напишале погоре дека сакате?**

Проширување на речникот, развивање на писменоста, експресивен јазик, развој на говор, фантазија, критичко мислење, вежбање концентрација, поттикнување на решавањето проблеми, запознавање со сопствената и со други култури, со деца со различни карактеристики и способности...; чувство дека е вредно за внимание, чувство дека родителот се грижи за потребите и интересите на детето, забава...

**25. Освен книги, што друго може да „читате“ заедно со родителот?**

Проспекти од продавници, весници, списанија...

**26. Освен во домот, на кои други места во средината може заедно да „читате“?**

Во парк, во библиотека, во супермаркет, во книжарница, во јавен превоз...

***Читајте со детето***
***од самото раѓање***
***барем по 15 минути***
***неколку пати неделно!***

**РЛ 11: Приказна за принцезата, принцот и Олаф**

Некогаш одамна си живеела една **принцеза** и еден **Олаф**. **Принцезата** многу сакала да облекува убави фустани, а **Олаф** многу сакал да се гушка.

Еден ден во шумата се појавил еден **принц**. На **Олаф** не му се допаднал **принцот** зашто тој не сакал да се гушка, носел ловџиска пушка и се правел важен.

Но, **принцот** многу ѝ се допаднал на **принцезата** и таа се вљубила во него.

**Олаф** бил многу тажен и осамен.

Кога пристигнала зимата, **Олаф** здогледал една снегулка. Таа светкала и била преубава, а открил дека и таа многу сака да се гушка.

**Принцезата** забележала дека **Олаф** се вљубил и го замолила **принцот** да направи зимата да трае засекогаш. **Принцот** купил дворец на Северниот Пол, па таму среќно си живееле заедно до крајот на животот, **принцезата**, **принцот**, снегулката и **Олаф**.

**РЛ 12: Учење на детето преку учество во семејни рутини и ритуали**




Семејните рутини и ритуали ќе влијаат врз развојот на детето само ако:

- родителот овозможува учество на детето
- се игриви
- се прилагодени на возраста, карактеристиките, темпераментот и интересот на детето

**Напишете што може да научи детето ако родителот активно го вклучи во рутината на неговото капење/пазарување!**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА „ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА ОД РАЗЛИЧНИ МУЛТИКУЛТУРНИ СРЕДИНИ“**

*Почитувани родители,*

*Пред Вас е Прашалник за евалуација кој е анонимен, па Ве замолуваме да дадете искрени одговори. Одговорите ќе се користат исклучиво за евалуација и унапредување на Програмата.*

*Ве молиме, за секое тврдење подолу да заокружите една бројка на скала од 1 до 4 која најдобро го изразува Вашето мислење.*

*1 – не се согласувам*
*2 – делумно се согласувам*
*3 – многу се согласувам*
*4 – целосно се согласувам*

*Ви благодариме однапред!*

| | **Тврдење** | **Оценка** |
|---|---|---|
| 1. | Програмата ги исполни моите очекувања | 1 2 3 4 |
| 2. | На работилниците го преиспитував моето родителство | 1 2 3 4 |
| 3. | Научив нови вештини (поврзи, следи, прифати) | 1 2 3 4 |
| 4. | Разменив искуства со други родители | 1 2 3 4 |
| 5. | Се чувствував пријатно и прифатено на работилниците | 1 2 3 4 |
| 6. | Сликата за моето дете сега е поинаква | 1 2 3 4 |
| 7. | Почесто читам со моето дете | 1 2 3 4 |
| 8. | Јасно ми е како да ги поттикнувам учењето и развојот на моето дете дома | 1 2 3 4 |
| 9. | Моите блиски гледаат промена | 1 2 3 4 |
| 10. | Чувствувам дека сум поуспешен родител | 1 2 3 4 |
| 11. | Подобро ги препознавам потребите на моето дете | 1 2 3 4 |
| 12. | Почесто си играм со моето дете | 1 2 3 4 |
| 13. | Гледам сили кај моето дете кои не ги препознавав порано | 1 2 3 4 |
| 14. | Моето дете гледа промена | 1 2 3 4 |
| 15. | Знам како стресот влијае на моето родителство | 1 2 3 4 |
| 16. | Кога нешто работам дома, знам како да го вклучам моето дете | 1 2 3 4 |
| 17. | Ја разбрав штетноста на физичкото казнување | 1 2 3 4 |
| 18. | Ги увидувам сопствените сили и силите на нашето семејство | 1 2 3 4 |
| 19. | Ја препознавам важноста на тоа двајцата родители да се грижат за детето | 1 2 3 4 |
| 20. | Размислувам како да се грижам за себе како родител | 1 2 3 4 |
| 21. | Знам што претставува и зошто е важен раниот развој на детето | 1 2 3 4 |
| 22. | Како родител, имам повеќе самодоверба | 1 2 3 4 |
| 23. | Во моето место на живеење има многу луѓе и ресурси на кои може да се потпрам | 1 2 3 4 |

На колку вкупно работилници сте присуствувале? ----------------

## Литература


1. *Bunting L.,* (*2004*) Parenting Programmes: The Best Available Evidence, Child. Care in Practice, 10:4, 327–343.
2. Berk, L. E. (2008). *Psihologija cjeloživotnog razvoja*. Jastrebarsko: Naklada Slap.
3. Black M., Aboud F. (2011). Responsive feeding is embedded in a theoretical framework of responsive parenting. The Journal of Nutrition, 141(3), 490–494.
4. Black MM, Walker SP, Fernald LCH, Andersen CT, DiGirolamo AM, Lu C, McCoy DC, Fink G, Shawar YR, Shiffman J, Devercelli AE, Wodon QT, Vargas–Barón E, Grantham–McGregor S; Lancet Early Childhood Development Series Steering Committee. Early childhood development coming of age: science through the life course. Lancet. 2017 Jan 7;389(10064):77–90. doi: 10.1016/S0140–6736(16)31389–7. Epub 2016 Oct 4. PMID: 27717614; PMCID: PMC5884058.
5. Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al. *Nurturing care: promoting early childhood development*. Lancet. 2017; 389 (10064): 91–102.
6. Carbera N. (2020). Father involvement, father–child relationship and attachment in the early years. Attachment and human development, 22(1), 134–138.
7. Cummings M.E., Cummings J. (2002). Parenting and attachment. in: M. Bornstein (ed) Handbook of parenting. Lawrence ErlbaumAssociates Pub., 35–55.
8. Dalli, C., White, E.J., Rockel, J., & Duhn, I. (2011). Quality early childhood education for under–two–year–olds: What should it look like? A literature review. Wellington: Victoria University of Wellington.
9. De Wolf M, van Ijzendoorn M (1997). Sensitivity and attachment: a meta–analysis of parental antecedents of infant attachment. Child Development, 68(4), 571–591.
10. Eshel N., Daelmans B., Cabral de Mello M., Martines J. (2006). Responsive parenting: interventions and outcomes. Bulletin of World Health Organization, 84, 991–998.
11. Esposito, G., Setoh, P., Shinohara, K., & Bornstein, M.H. (2017). The development of attachment: Integrating genes, brain, behavior, and environment. Behavioural Brain Research, 325, Part B, 87–89.
12. Moran, P. et al (2004), What works in parenting support: a review of the international evidence, London. http://www.prb.org.uk/wwiparenting/RR574.pdf.
13. *Pettit, Gregory S; Bates, John E; Dodge, Kenneth A. (1997) Supportive Parenting, Ecological Context, and Children's Adjustment: A Seven–Year Longitudinal Study, Wiley.*
14. Richter L. (2004). The importance of caregiver–child interactions for the survival and health development of young children: a review. Geneva: World Health Organization.
15. Rohner, R. P. i Khaleque, A. (2010). Testing Central Postulates of Parental Acceptance – RejectionTheory (PARTheory): A Meta – Analysis of Cross – Cultural Studies. *Journal of Family Theory & Review*, 2, 73–87.
16. Shonkoff JP, Phillips DA, eds. (2006). From neurons to neighborhoods: the science of early child development. Institute of Medicine. Washington (DC): National Academy Press.
17. Slade, A. (2006). Reflective parenting programs: Theory and development. *Psychoanalytic Inquiry, 26*(4), 640–657. https://doi.org/10.1080/07351690701310698
18. Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al. *Nurturing care: promoting early childhood development*. Lancet. 2017; 389 (10064): 91–102.
19. Colić, V. i Milošević, G. (2019): Učešće roditelja i vaspitača u igri dece, U: D. Pavlović Breneselović, G. Stepić i I. Prlić (ur.), Zbornik radova "*Inicijalno obrazovanje i stručno usavršavanje vaspitača - partnerstvo u građenju kvaliteta* (str. 160-175), Sremska Mitrovica, Visoka škola strukovnih studija za vaspitače i poslovne informatičare u Sremskoj Mitrovici.
20. Chen, F. (2017). Everyday family routine formation: A source of the development of emotion regulation in young children. In Perezhivanie, Emotions and Subjectivity (pp. 129–143). Springer, Singapore.

21. Cummings M.E., Cummings J. (2002). Parenting and attachment. in: M. Bornstein (ed) Handbook of parenting. Lawrence ErlbaumAssociates Pub., 35–55.
22. Dalli, C., White, E.J., Rockel, J., & Duhn, I. (2011). Quality early childhood education for under-two-year-olds: What should it look like? A literature review. Wellington: Victoria University of Wellington.
23. De Wolf M, van Ijzendoorn M (1997). Sensitivity and attachment: a meta-analysis of parental antecedents of infant attachment. Child Development, 68(4), 571–591.
24. Eshel N., Daelmans B., Cabral de Mello M., Martines J. (2006). Responsive parenting: interventions and outcomes. Bulletin of World Health Organization, 84, 991–998.
25. Esposito, G., Setoh, P., Shinohara, K., & Bornstein, M.H. (2017). The development of attachment: Integrating genes, brain, behavior, and environment. Behavioural Brain Research, 325, Part B, 87–89.
26. Ferretti, L.K., & Bub, K.L. (2017). Family routines and school readiness during the transition to kindergarten. Early Education and Development, 28(1), 59–77.
27. Gardašević, A., (2021). Koliko je podržano dete u igri u kućnim uslovima. Pedagoška stvarnost, 67(1),26-40.
28. Guichard, S., & Grande, C. (2019). The role of environment in explaining frequency of participation of pre-school children in home and community activities. International Journal of Developmental Disabilities, 65(2), 108–115.
29. Krnjaja, Ž. (2010): Igra, stvaralaštvo, otvoreni vaspitni sistem: šta ih povezuje? Nastava i vaspitanje, God. 59, Br. 2, 264-277.
30. Lester, S., W. Russel (2008): Play for a Change: Play, Policy and Practice: A review of contemporary perspectives. London: Play England of contemporary perspectives. London: Play England.
31. Marjanović, A. (1987): Dečja igra i stvaralaštvo, Predškolsko dete 1-4, 85-101 Nastava i vaspitanje, God. 59, Br. 2, 264-2.
32. Mancini, M.C., & Coster, W.J. (2004). Functional predictors of school participation by children with disabilities. Occupational Therapy International, 11(1), 12–25.
33. Moran, P. et al (2004), What works in parenting support: a review of the international evidence, London. http://www.prb.org.uk/wwiparenting/RR574.pdf.
34. Pešikan, A., Antić, S. (2012). Učenje i razvoj na ranim uzrastima. Standardi za razvoj i učenje dece ranih uzrasta u Srbiji. Beograd: Institut za psihologiju Filozofskog fakulteta: UNICEF, 85-113.
35. Ren, L., & Fan, J. (2019). Chinese preschoolers' daily routine and its associations with parent-child relationships and child self- regulation. International Journal of Behavioral Development, 43(2), 179–184.
36. Rosenberg, L., Jarus, T., & Bart, O. (2010). Development and initial validation of the Children Participation Questionnaire (CPQ). Disability and Rehabilitation, 32(20), 1633–1644.
37. Richter L. (2004). The importance of caregiver-child interactions for the survival and health development of young children: a review. Geneva: World Health Organization.
38. Shonkoff JP, Phillips DA, eds. (2006). From neurons to neighborhoods: the science of early child development. Institute of Medicine. Washington (DC): National Academy Press.
39. Slade, A. (2006). Reflective parenting programs: Theory and development. *Psychoanalytic Inquiry, 26*(4), 640–657. https://doi.org/10.1080/07351690701310698.
40. van Kleeck, A., Gillam, R.B., Hamilton, L., & McGrath, C. (1997).The Relationship Between MiddleClass Parents' Book-Sharing. Discussion and Their Preschoolers' Abstract Language Development. Journal of Speech, Language and Hearing Research, 40(6), 1261-1271. 10.1044/jslhr.4006.1261.
41. Alzyoud, M. S., Khaddam, A. F. & Al-Ali, A. S. (2016). The impact of teaching tolerance on students in jordanian schools. British Journal of Humanities and Social Sciences, 15, 33–52.
42. Berk, L. E. (2008). *Psihologija cjeloživotnog razvoja*. Jastrebarsko: Naklada Slap.

43. Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al. *Nurturing care: promoting early childhood development*. Lancet. 2017; 389 (10064): 91–102.
44. Delors, J. (1998). Učenje blago u nama. Zagreb: Educa.
45. Hidalgo, N. 1993. Multicultural teacher introspection. U: Parrz, T. And Fraser, I. (Eds.) Freedom's Plow: Teaching in The Multicultural Classroom. New York: Routledge.
46. Mancini, M.C., & Coster, W.J. (2004). Functional predictors of school participation by children with disabilities. Occupational Therapy International, 11(1), 12–25.
47. Rosenberg, L., Jarus, T., & Bart, O. (2010). Development and initial validation of the Children Participation Questionnaire (CPQ). Disability and Rehabilitation, 32(20), 1633–1644.
48. Shonkoff JP, Phillips DA, eds. (2006). From neurons to neighborhoods: the science of early child development. Institute of Medicine. Washington (DC): National Academy Press.
49. Tejlor, Č. (2003). Politika priznanja, u: Gatman, Ejmi (ur.), Multikulturalizam - ispitivanje Politike priznanja, Novi Sad, Centar za multikulturalnost.
50. York, S. (2003). Roots and Wing: Affirming Culture in Early Childhood Programs. St. Paul, MN: Redleaf Press.
51. Alzyoud, M. S., Khaddam, A. F. & Al-Ali, A. S. (2016). The impact of teaching tolerance on students in Jordanian schools. British Journal of Humanities and Social Sciences, 15, 33–52.
52. Banda, D.R., Hart, S.L., & Liu-Gitz, L. (2010). Impact of training peers and children with autism on social skills during center time activities in inclusive classrooms. *Research in Autism Spectrum Disorders, 4,* 619–625.
53. Barnett, D., Clements, M., Kaplan-Estrin, M., & Fialka, J. (2003). Building new dreams: supporting parents' adaptation to their child with special needs. *Infants and Young Children*, *16*, 184-200.
54. Berk, L. E. (2008). *Psihologija cjeloživotnog razvoja*. Jastrebarsko: Naklada Slap.
55. Beresford, B., Rabiee, P., & Sloper, P. (2007). *Outcomes for parents with disabled children. Research Works*, 2007-03, Social Policy Research Unit, University of York: York.
56. Britto PR, Lye SJ, Proulx K, et al. *Nurturing care: promoting early childhood development*. Lancet. 2017; 389 (10064): 91–102.
57. Boström, P. K., Broberg, M., & Hwang, P. (2010). Parents' descriptions and experiences of young children recently diagnosed with intellectual disability. *Child: Care, Health and Development, 36*(1*),* 93-100.
58. Crnic, K. A., Friedrich, W. N., & Greenberg, M. T. (2002). Adaptation of families with mentally retarded children: A model of stress, coping, and family ecology. *Best of AADD: Families and developmental delay: AA collection of notable AADD journal articles across the 20th century*, 105-117.
59. Dyson, L. L. (1993). Response to the presence of a child with disabilities: Parental stress and family functioning over time. *American Journal of Mental Retardation*, *98*, 207-218.
60. Delors, J. (1998). Učenje blago u nama. Zagreb: Educa.
61. George C., Solomon J. (2008).The caregiving system: a behavioral systems approach to parenting. in: J.Cassidy &P. Shaver (Eds.). *Handbook of attachment: Theory, research and clinical applications.* New York, London, Guilford press (pp.833-856).
62. Krstić, T. (2013). *Majke hronično ometene dece: Prihvatanje dijagnoze i prevladavanje stresa.* Neobjavljena doktorska disertacija, Univerzitet u Novom Sadu.
63. Krstić, T., & Oros, M. (2012). Coping with stress and adaptation in mothers of children with cerebral palsy. *Medicinski Pregled*, *9-10,* 373-377.
64. Lazarus, R. (2003). The Lazarus manifesto for positive psychology and psychology in general. *Psychological Inquiry*, *14*, 173-189.
65. Landgrige, P. (2002). Reduction of chronic sorrow: a healthy promotion role for children's community nurses? *Journal of Child Health Care, 6*(3*)*, 157-170.
66. Leonard, B. J., Brust, J. D., & Nelson, R. P. (1993). Parental distress: caring for medically fragile children at home. *Journal of Pediatric Nursing*, *8*, 22-30.
67. Marvin RS, Pianta RC. Mothers' reactions to their child's diagnosis: relations with security of attachment. J Clin Child Psychol 1996; 25:436-45.

68. Radoman, V. (2003): Učenici s razvojnim smetnjama u novoj školi po meri deteta; u J. Šefer, S. Maksić i S. Joksimović (prir.): *Uvažavanje različitosti i obrazovanje* (65–70). Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.